| | | 3 | | **Надзор над изградба и реконструкција на објекти** | |
| | | | 3.1.1 | Надзор над изградба и реконструкција на објекти | |
| | | 4 | | **Одржување на згради** | |
| | | | 4.1.1 | Реконструкција на фасади и молерофарбарски работи на објекти од јавен интерес | |

| Ф | | | | | | УРБАНО ПЛАНИРАЊЕ | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Ф2 | Ф20 | | | УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ | 1.700.000,00 |
| | | 1 | | **Договорни услуги и други тековни расходи** | |
| | | | 1.1.1 | Договори со правни лица за одредени ископи, одвоз превоз и др. | |
| | | | 1.1.2 | Договори со физички лица за изработка на катастарски елаборати, вештачења, геометриски мерења и други стручни работи | |
| | | | 1.1.3 | Рушење на објекти (дивоградби, рушење на објекти кои се експроприрани и др.) | |
| | | | 1.1.4 | Изработка на катастарски елаборати и катастарски подлоги, нумерички податоци, вештачења, геометриски мерења, ажурирани катастарски подлоги потребни за изработка на Урбанистички планови објавување на огласи и др. | |
| | | | 1.1.5 | Изработка на подземен катастар | |
| ФА | | | | УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ – КАПИТАЛНИ ТРОШОЦИ | 25.000.000,00 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **ФА0** | | **Уредување на градежното земјиште-Капитални трошоци** | **24.000.000,00** |
| 1 | | **Изработка на проектна документација** | |
| | 1.1.1 | Инфраструктурни, Идејни, Основни и други проекти за изградба на комплетна инфраструктура (улици, водовод, фекална и атмосферска канализација и улично осветлување) за урбани блокови во градот за кои се донесени Детални Урбанистички планови, односно за селата за кои се донесени Урбанистички планови за села и вон населено место каде што се донесени Урбанистички планови вон населено место | |
| | 1.1.2 | Проектна документација (инфраструктурен, идеен и основен проект) за гасификација на Општина Гевгелија | |
| | 1.1.3 | Инфраструктурен Идеен и Основен проект за регулација на р.Вардар во делот опфатен со Урбанистичките планови (м.в Милци) | |
| | 1.1.4 | Изработка на проектна документација за инфраструктурни објекти | |
| | 1.1.5 | Изработка на проектна документација за регулација на реки и други водотеци | |
| | 1.1.6 | Изработка на проектна документација за посебни делови од инфраструктура и други проекти | |
| | 1.1.7 | Изработка на проектна документација за нов објект на Библиотека | |
| | 1.1.8 | Проектна документација за изградба на градски плоштад | |
| 2 | | **Надзор над изградба и реконструкција на објекти** | |
| | 2.1.1 | Надзор над изградба и реконструкција на објекти | |
| 3 | | **Изградба на улици (Бетонирање или поплочување или асфалтирање на улици и краци, тротоари и пешачки патеки)** | |
| | 3.1.1 | Изградба на улици во Гевгелија | |
| | 3.1.2 | Бетонирање или поплочување на дел од улици или краци на улици во Гевгелија | |
| | 3.1.3 | Изградба на тротоари во Гевгелија | |
| | 3.1.4 | Изградба, бетонирање или поплочување на улици, краци и тротоари во Негорци | |
| | 3.1.5 | Изградба, бетонирање или поплочување на улици, краци и тротоари во Миравци | |
| | 3.1.6 | Изградба, бетонирање или поплочување на улици - крак од улица Атанас Ѓуров до улица Вардарска и крак од улица Ванчо Баламов до улица Браќа Толеви во Прдејци | |
| | 3.1.7 | Изградба, бетонирање или поплочување на улици, краци и тротоари во Богородица, Мрзенци, Н.Конско, Конско, Ума, Кованец, Серменин, Смоквица, Милетково, Давидово, Петрово, Габрово | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | 4 | | **Реконструкција на улици (Бетонирање, поплочување или асфалтирање на улици и краци, тротоари и пешачки патеки)** | |
| | | | 4.1.1 | Реконструкција на улици, краци и тротоари во Гевгелија | |
| | | | 4.1.2 | Реконструкција на улици, краци и тротоари во населените места | |
| | | 5 | | **Изградба на други објекти** | |
| | | | 5.1.1 | Регулација на дел од коритото на „Кованска Река“ од Автопатот Е-75 до железничка пруга” | |
| | | | 5.1.2 | Регулација на речното корито на реката во Давидово | |
| | | 6 | | **Надомест за експропријација** | |
| | | | 6.1.1 | Експропријација на градежно неизградено земјиште опфатено со објекти од јавен интерес во општина Гевгелија | |
| ФАМ | | | | **Уредување на градски плоштад** | 1.000.000,00 |
| | | 1 | | **Изработка на проектна документација** | |
| | | | 1.1.1 | Проектна документација | |

| J | | | | | | КОМУНАЛНИ ДЕЈНОСТИ | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| J7 | J70 | | | **ОДРЖУВАЊЕ И КОРИСТЕЊЕ НА ПАРКОВИ И ЗЕЛЕНИЛО** | ***5.000.000,00*** |
| | | 1 | | **Одржување и користење на паркови и зеленило** | |
| | | | 1.1.1 | Уредување и одржување на паркови и зеленило во Општина Гевгелија | |
| | | | 1.1.2 | Набавка на насади и растенија за хортикултурно уредување на зелени површини | |
| J8 | J80 | | | **ДРУГИ КОМУНАЛНИ УСЛУГИ** | ***1.100.000,00*** |
| | | 1 | | **Други оперативни расходи** | |
| | | | 1.1.1 | Расчистување и одржување на депонии во градот и населените места | |
| | | | 1.1.2 | Расчистување и одржување на одводни канали во градот и населените места | |
| | | | 1.1.3 | Реконструкција и одржување на одводен канал во Негорци | |
| | | | 1.1.4 | Расчистување и одржување на јавни површини | |
| JA | JA0 | | | **ИЗГРАДБА НА ЈАВНО ОСВЕТЛУВАЊЕ** | ***3.000.000,00*** |
| | | 1 | | **Изработка на проектна документација** | |
| | | | 1.1.1 | Проектна документација за изградба на улично осветлување на улици во градот и населениете места каде што е потребно. | |
| | | 2 | | **Изградба на Улично осветлување и Инсталации за напојување со електрична енергија** | |
| | | | 2.1.1 | Изградба на нови линии за улично осветлување во Гевгелија | |

2.1.2 Изградба на нови линии за улично осветлување во населените места Миравци, Негорци, Богородица, Мрзенци, Давидово, Смоквица, Милетково, Кованец, Смрдлива Вода

2.1.3 Издвојување на струјомерите за улично осветлување од трафостаниците на ЕВН

2.1.4 Изградба на линија за улично осветлување во Конско покрај патот кон Смрдлива вода

3 **Надзор над изградба и реконструкција на објекти**

3.1.1 Надзор над изградба и реконструкција на објекти

**JE** **ИЗГРАДБА НА ПРОСТОР ЗА ПАРКИРАЊЕ** *1.300.000,00*

**JE0** **Изградба на простор за паркирање** *1.000.000,00*

1 **Изработка на проектна документација**

1.1.1 Проектна документација

2 **Изградба и Реконструкција на паркиралишта**

2.1.1 Изградба и Реконструкција на паркинг простори во Гевгелија и населените места

3 **Надзор над изградба и реконструкција на објекти**

3.1.1 Надзор над изградба и реконструкција на објекти

**JEA** **Катна гаража уредени постоечки паркинг простори и нови паркиралишта** **300.000,00**

1 **Изработка на проектна документација**

1.1.1 Проектна документација за изградба на катна гаража во Гевгелија

2 **Изградба на објекти**

2.1.1 Изградба на катна гаража

**ЈГ** **ИЗГРАДБА НА СИСТЕМИ ЗА ВОДОСНАБДУВАЊЕ** *3.500.000,00*

**ЈГ0** **Изградба на системи за водоснабдување** **2.500.000,00**

1 **Изработка на проектна документација**

1.1.1 Проектна документација (инфраструктурни, идејни и основни проекти) за изградба на нови линии за водоснабдување во Гевгелија и населените места

1.1.2 Проектна документација за реконструкција на регионална водоводна мрежа во Гевгелија, Негорци, Миравци и другите населени места

2 **Изградба на капацитети за водоснабдување**

2.1.1 Изградба на водовод во дел од Урбан блок 9 во Гевгелија -сервисни улици „Галилео Галилеј", „Апостол Петков" и „Павел Шатев" во Гевгелија

2.1.2 Изградба на водоводна линија од градскиот водовод до Негорци и Прдејци

2.1.3 Изградба на водовод во дел од Урбан блок 5 во Гевгелија

2.1.4 Изградба на водовод во дел од Урбан блок 7 во Гевгелија

2.1.5 Изградба на водовод во дел од Урбан блок 11 во Гевгелија

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | 2.1.6 | Изградба на водовод во дел од Урбан блок 15 во Гевгелија | |
| | | 2.1.7 | Изградба на нови водоводни линии во делови од градот за кои се донесени Детални урбанистички планови | |
| | | 2.1.8 | Изградба на водоводни линии во населените места | |
| | | 2.1.9 | Изградба на дел од систем за водоснабдување на мултинаменски комплекс на потегот Гевгелија - ГП Богородица (покрај Автопатот Е-75 и м.в.„Милци“) | |
| | | 2.1.10 | Изградба на постројка за деарсенизација на водата од бунарско подрачје Моин | |
| | 3 | | **Реконструкција на капацитети за водоснабдување** | |
| | | 3.1.1 | Реконструкција односно замена на постојната водоводна линија од Гевгелија - Богородица | |
| | | 3.1.2 | Реконструкција на дел од водоводната мрежа во Гевгелија (замена на азбестните цевки и подобрување на мрежата за водоснабдување) | |
| | | 3.1.3 | Реконструкција на дел од водоводната мрежа во населените места (замена на азбестните цевки и подобрување на мрежата за водоснабдување) | |
| | | 3.1.4 | Реконструкција водоводни линии во градот и населените места | |
| | | 3.1.5 | Реконструкција на водоводот во Кованец | |
| | | 3.1.6 | Реконструкција на водоводот во Габрово | |
| | | 3.1.7 | Реконструкција односно замена на постојната водоводна линија од Миравци кон Давидово со должина од 1600м и линијата Луково - Миравци | |
| | 4 | | **Надзор над изградба и реконструкција на објекти** | |
| | | 4.1.1 | Надзор над изградба и реконструкција на објекти | |
| **ЈГД** | | | **Реконструкција на дел од водоводната мрежа во Гевгелија (замена на азбестните цевки и подобрување на мрежата за водоснабдување)** | **500.000,00** |
| | **1** | | **Реконструкција на капацитети за водоснабдување** | |
| | | 1.1.1 | Реконструкција на дел од водоводната мрежа во Гевгелија (замена на азбестните цевки и подобрување на мрежата за водоснабдување) | |
| **ЈГЕ** | | | **Реконструкција на дел од водоводната мрежа во населените места (замена на азбестните цевки и подобрување на мрежата за водоснабдување)** | **500.000,00** |
| | **1** | | **Реконструкција на капацитети за водоснабдување** | |
| | | 1.1.1 | Реконструкција на дел од водоводната мрежа во населените места (замена на азбестните цевки и подобрување на мрежата за водоснабдување) | |
| **ЈИ** | | | **ИЗГРАДБА НА СИСТЕМИ ЗА ОДВЕДУВАЊЕ И ПРЕЧИСТУВАЊЕ НА ОТПАДНИ ВОДИ** | **5.500.000,00** |
| **ЈИ0** | | | **Изградба на системи за одведување и пречистување на отпадни води** | **4.000.000,00** |

| | | |
|---|---|---|
| 1 | | **Изработка на проектна документација** |
| | 1.1.1 | Проектна документација (инфраструктурни, идејни и основни проекти) за изградба на фекални канализации во населените места кои немаат канализација: Ново Конско, Кованец, Ума, Смрдлива вода |
| | 1.1.2 | Проектна документација (инфраструктурни, идејни и основни проекти) за атмосферска канализација (колектор) на ул.„Јосиф Јосифовски“, „Ристо Фршинин“ и „Илинденска“ |
| | 1.1.3 | Проектна документација (инфраструктурни, идејни и основни проекти) за изградба на атмосферска канализација од железничката пруга до реципиентот (Вардар) |
| | 1.1.4 | Проектна документација (инфраструктурни, идејни и основни проекти) за изградба на други фекални и атмосферски канализациони линии |
| 2 | | **Надзор над изградба и реконструкција на објекти** |
| | 2.1.1 | Надзор над изградба и реконструкција на објекти |
| 3 | | **Изградба на Фекални/Атмосферски канализации, колектори и пречистителни станици** |
| | 3.1.1 | Изградба на фекална канализација во с.Милетково |
| | 3.1.2 | Изградба на фекална канализација во с.Смоквица |
| | 3.1.3 | Изградба на фекална канализација во дел од Урбан блок 9 во Гевгелија -сервисни улици „Галилео Галилеј“, „Апостол Петков“ и „Павел Шатев“ во Гевгелија |
| | 3.1.4 | Изградба на фекална канализација во дел од УБ 4 во Гевгелија |
| | 3.1.5 | Изградба на фекална канализација во дел од УБ 5 во Гевгелија |
| | 3.1.6 | Изградба на фекална канализација во дел од УБ 7 во Гевгелија |
| | 3.1.7 | Изградба на фекална канализација во дел од УБ 11 во Гевгелија |
| | 3.1.8 | Изградба на фекална канализација во дел од УБ 14 во Гевгелија |
| | 3.1.9 | Изградба на фекална канализација во дел од УБ 15 во Гевгелија |
| | 3.1.10 | Изградба на дел од фекална канализација за мултинаменски комплекс на потегот Гевгелија - ГП Богородица (покрај Автопатот Е-75 и м.в.„Милци“) |
| | 3.1.11 | Довршување на изградба на фекална канализација во Негорци |
| | 3.1.12 | Довршување на фекалната канализација (секундарна мрежа) во Богородица |
| | 3.1.13 | Довршување на фекалната канализација (секундарна мрежа) во Миравци |
| | 3.1.14 | Довршување на фекалната канализација во с.Давидово |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | 3.1.15 | Изградба на други помали фекални канализациони линии во градот и населените места | |
| | | 3.1.16 | Изградба на атмосферска канализација на ул.„Никола Карев“, „Серменинска“ | |
| | | 3.1.17 | Изградба на атмосферска канализација на ул.„Јосиф Јосифовски“, „Ристо Фршинин“, „Илинденска“ | |
| | | 3.1.18 | Изградба на фекална канализација во с.Ново Конско | |
| | | 3.1.19 | Изградба на одводен канал Богородица | |
| | | 3.1.20 | Изградба на фекален колектор со пречистителна станица за отпадни води во с.Моин | |
| | 5 | | **Реконструкција на фекални канализации и колектори** | |
| | | 5.1.1 | Реконструкција на фекални канализациони линиии во градот и населените места | |
| ЈИА | | | **Атмосферска канализациона мрежа** | **1.000.000,00** |
| | 1 | | **Изградба на атмосферски канализации** | |
| | | 1.1.1 | Изградба на атмосферски канализации | |
| ЈИЛ | | | **Изградба на пречистителна станица за отпадни води од с.Негорци, Негорски бањи, с.Прдејци и инд. зони „Блокотехна“ и „Прдејци“** | **500.000,00** |
| | 1 | | **Изградба на фекални канализации** | |
| | | 1.1.1 | Изградба на пречистителна станица за отпадни води од с.Негорци, Негорски бањи, с.Прдејци и инд. зони „Блокотехна“ и „Прдејци“ | |
| ЈЈ | | | **ИЗГРАДБА НА ДЕПОНИИ ЗА ОТПАД** | **300.000,00** |
| ЈЈ0 | | | **Изградба на депонии за отпад** | **300.000,00** |
| | 1 | | **Изработка на проектна документација** | |
| | | 1.1.1 | Проектна документација | |
| | 2 | | **Изградба на објекти** | |
| | | 2.1.1 | Изградба на депонии | |
| ЈЛ | | | **КАПИТАЛНИ РАСХОДИ ЗА ДРУГИ КОМУНАЛНИ УСЛУГИ** | **2.500.000,00** |
| ЈЛ0 | | | **Капитални расходи за други комунални услуги** | **2.500.000,00** |
| | 1 | | **Изградба на објекти** | |
| | | 1.1.1 | Регулација на дел од коритото на “Сува Река” | |
| | | 1.1.2 | Регулација на дел од коритото на “Мрзенска (Серменинска) река” | |
| | | 1.1.3 | Довршување на регулацијата на одводниот канал „Рауљ” | |
| | | 1.1.4 | Индустриска зона со контејнерски терминал – Друмот Гевгелија | |
| | | 1.1.5 | Гасификација на Општина Гевгелија | |
| | | 1.1.6 | Изградба на примарна и секундарна сообраќајна мрежа за Мултинаменски комплекс „МИЛЦИ“ Гевгелија | |

JM **ИЗГРАДБА НА ПАРКОВИ И ЗЕЛЕНИЛО – КАПИТАЛНИ РАСХОДИ** **3.300.000,00**

JM0 **Изградба на паркови и зеленило – капитални расходи** **300.000,00**

1 **Изработка на проектна документација**

1.1.1 Основни проекти за изградба на паркови и зеленило

2 **Изградба**

2.1.1 Изградба на паркови и зеленило во Гевгелија и во населените места

3 **Реконструкција**

3.1.1 Реконструкција на паркови и зеленило

4 **Надзор над изградба и реконструкција на објекти**

4.1.1 Надзор над изградба и реконструкција на објекти

JMA **Изградба на нов градски парк** **3.000.000,00**

1 **Изработка на проектна документација**

1.1.1 Проектна документација

2 **Изградба на објекти**

2.1.1 Изградба на нов градски парк

3 **Надзор над изградба на објекти**

3.1.1 Надзор над изградба на објекти

JH JH0 **УРБАНА ОПРЕМА – КАПИТАЛНИ РАСХОДИ** **500.000,00**

1 **Изработка на проектна документација**

1.1.1 Проектна документација за поставување урбана опрема

2 **Изградба на објекти**

2.1.1 Изградба на фонтани

3 **Набавка на урбана опрема**

3.1.1 Набавка и монтирање на клупи, табли со натписи, часовници и детски игрaчки, автобуски постојки и друга урбана опрема

| Л | | | | | | СПОРТ И РЕКРЕАЦИЈА | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|

ЛА **СПОРТ И РЕКРЕАЦИЈА – КАПИТАЛНИ РАСХОДИ** **600.000,00**

ЛА0 **Спорт и рекреација – Капитални расходи** **300.000,00**

1 **Изработка на проектна документација**

1.1.1 Основни проекти за изградба на спортски и детски игралишта

2 **Изградба на спортски објекти**

2.1.1 Изградба на спортски и детски игралишта во Општина Гевгелија

2.1.2 Изградба на Скејт парк

3 **Реконструкција на спортски објекти**

3.1.1 Реконструкција на спортски и детски игралишта

4 **Надзор над изградба и реконструкција на објекти**

4.1.1 Надзор над изградба и реконструкција на објекти

ЛАА **Спортско рекреативен комплекс со базен** **300.000,00**

| | | |
|---|---|---|
| 1 | | **Изработка на проектна документација** |
| | 1.1.1 | Проектна документација |
| 2 | | **Изградба на објекти** |
| | 2.1.1 | Изградба на спортско рекреативен комплекс со базен |
| 3 | | **Надзор над изградба на објекти** |
| | 3.1.1 | Надзор над изградба на објекти |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | **ВКУПНО** | **62.300.000,00** |

**Рекапитулација на расходите:**

| Надлежност | Програма | ОПИС НА ПРОГРАМИТЕ | ИЗНОС |
|---|---|---|---|
| **Д** | | **МЕСНА САМОУПРАВА** | **500.000,00** |
| | ДА | Месна самоуправа – Капитални проекти | 500.000,00 |
| **Е** | | **ОПШТИНСКА АДМИНИСТРАЦИЈА** | **8.500.000,00** |
| | ЕА | Капитални трошоци на општината | 8.500.000,00 |
| **Ф** | | **УРБАНО ПЛАНИРАЊЕ** | **26.700.000,00** |
| | Ф2 | Уредување на градежно земјиште | 1.700.000,00 |
| | ФА | Уредување на градежно земјиште-Капитални трошоци | 25.000.000,00 |
| **Ј** | | **КОМУНАЛНИ ДЕЈНОСТИ** | **26.000.000,00** |
| | Ј7 | Одржување и користење на паркови и зеленило | 5.000.000,00 |
| | Ј8 | Други комунални услуги | 1.100.000,00 |
| | ЈА | Изградба на јавно осветлување | 3.000.000,00 |
| | ЈЕ | Изградба на простор за паркирање | 1.300.000,00 |
| | ЈГ | Изградба на системи за водоснабдување | 3.500.000,00 |
| | ЈИ | Изградба на системи за одведување и пречистување на отпадни води | 5.500.000,00 |
| | ЈЈ | Изградба на депонии за отпад | 300.000,00 |
| | ЈЛ | Капитални расходи за други комунални услуги | 2.500.000,00 |
| | ЈМ | Изградба на паркови и зеленило-Капитални расходи | 3.300.000,00 |
| | ЈН | Урбана опрема-Капитални расходи | 500.000,00 |
| **Л** | | **СПОРТ И РЕКРЕАЦИЈА** | **600.000,00** |
| | ЛА | Спорт и рекреација-Капитални расходи | 600.000,00 |
| | | **ВКУПНО РАСХОДИ** | **62.300.000,00** |

## VI. ВИСИНА НА НАДОМЕСТОКОТ ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ И НАЧИН НА ПЛАЌАЊЕ

### VI.1. Уредување на градежното земјиште

Уредување на градежното земјиште е изградба на објекти на комуналната инфраструктура, заради обезбедување на непречен пристап до градежната парцела од јавен пат, поставување на водоводна, канализациона (фекална и атмосферска), електрична, ПТТ и друга инсталација со приклучоци до градежната парцела.

Планирање, проектирање и изведување на инфраструктурата со која се уредува градежното земјиште се врши според урбанистичките планови (Детални урбанистички планови, Урбанистички планови за село и Урбанистички планови вон населено место).

За уредување на градежното земјиште инвеститорот плаќа надоместок за уредување на градежното земјиште.

Уредувањето на градежното земјиште може да биде целосно или делумно.

Како целосно уредено градежно земјиште се смета градежното земјиште во Општина Гевгелија на кое е изградена или се планира изградба на инфраструктура најмалку од основниот степен на уреденост на градежното земјиште.

Општина Гевгелија, за градежното земјиште во рамки на урбаните опфати на градот, населените места или вон населено место, односно за градежното земјиште за кое се донесени урбанистички планови има изградено или ќе изгради инфраструктурни објекти кои го сочинуваат најмалку основниот степен на уреденост на градежното земјиште.

Надоместокот за уредување на градежното земјиште се пресметува и ќе се наплатува од инвеститорите како за целосно уредено градежно земјиште, а целосното уредување на градежното земјиште општината ќе го изврши по исполнување на правните и техничките услови за тоа и обезбедување на материјални средства, односно по изготвување на проектната документација за инфраструктурните објекти, изготвување и реализација на геодетски елаборати за експропријација, како и наплата на поголем дел од средствата од надоместокот за уредување на градежното земјиште од делот односно Урбаниот блок кој е предмет на уредување, а по претходно планирање на инфраструктурните објекти со годишната програма за уредување на градежното земјиште.

За градежното земјиште за кое не се планира целосно уредување, односно градежното земјиште за кое во Програмата децидно е нагласено дека нема или само делумно ќе се уредува, надоместокот ќе се наплаќа како за понизок степен на уреденост, согласно процентуалнта вредност на инфраструктурните објекти кои го сочинуваат понискиот степен на уреденост.

Во надоместокот за уредување на градежното земјиште, односно во објектите на комуналната инфраструктура кои треба да ги изгради општината, не е земено предвид обезбедување на електрична енергија од дистрибутивната мрежа, односно изградба на електрична мрежа, што треба да го обезбеди дистрибутерот на електрична енергија, и изведба на ПТТ мрежи што е обврска на операторите на телекомунакационите услуги, со што општината нема обврска да гради електрична и ПТТ мрежа. Во надоместокот за уредување на градежното земјиште не се земени предвид и приклучните такси за инфраструктурните објекти (такса за приклучок на електричната мрежа и добивање на електроенергетска согласност, такси за приклучок на водоводната и канализационата мрежа и др.), кои се обврска на инвеститорите. Начинот, условите и висината на таксата, односно правата и обврските за приклучување на инфраструктурните објекти инвеститорите ги договараат со субјектите кои стопанисуваат со истите.

Инвеститорот може да го уреди градежното земјиште на свој трошок. Кога уредувањето на градежното земјиште се врши преку учество на приватен партнер истиот има право на враќање на вложеното на начин кој ќе го договори со општината, а особено преку уплатите на новите корисници на веќе поставените објекти.

Уредување на градежното земјиште со објекти на комуналната инфраструктура како и партерно уредување во границите на градежната парцела го врши инвеститорот.

Кога заради уредување на градежното земјиште е потребно да се постави инфраструктурен објект на туѓо земјиште или друга недвижност, оштината воспоставува присилна комунална службеност заради поставување на објектот.

Одржувањето на објектите на инфрасруктурата на уредено градежно земјиште, го вршат субјектите кои стопанисуваат со истите.

Средствата од надоместокот за уредување на градежното земјиште се приход на општината кој се користи исклучиво наменски за уредување на градежното земјиште.

**VI.2. Степен на уреденост на градежното земјиште со објекти на комуналната инфраструктура**

Степенот на уреденост на градежното земјиште се определува според обемот на опременост или планирана опременост на земјиштето со објекти од комуналната инфраструктура за задоволување на заедничката и индивидуалната комунална потрошувачка до градежната парцела и може да биде основен, повисок или понизок од основниот степен на уреденост.

1. Основен степен на уреденост на градежното земјиште со комунална инфраструктура опфаќа:
   - Непречен пристап до градежната парцела од јавен пат (улица со тротоари), пешачки патеки и други површини согласно урбанистички планови;
   - Подземна електрична мрежа;
   - Улично осветлување;
   - Водоводна мрежа;
   - Фекална канализација; и
   - Атмосферска канализација.

2. Повисок степен на уреденост на градежното земјиште со комунална инфраструктура ги опфаќа објектите од основниот степен на уреденост и:
   - ПТТ (оптичка - телекомуникациона) мрежа;
   - Топлификациона мрежа;
   - Паркинг простори;
   - Гасоводна мрежа; и
   - Пречистителна станица за отпадни води.

3. Понизок степен на уреденост на градежното земјиште со комунална инфраструктура опфаќа:
   - Непречен пристап до градежната парцела од некатегоризиран јавен пат;
   - Сопствено водоснабдување (нема приклучок на водоводна мрежа);
   - Септичка јама (нема приклучок на фекална канализација);
   - Сопствен одвод на атмосферски води (нема приклучок на атмосферска канализација);
   - Нестандардно улично осветлување; и
   - Надземна нестандардна електрична мрежа.

Трошоците за уредување на градежно земјиште, согласно кои се формира висината на надоместокот за уредување на градежното земјиште се утврдуваат согласно реалните трошоци направени за соодветниот степен на уреденост на градежното земјиште со објектите на комуналната инфраструктура, во кои се засметани и трошоците за хидротехнички услови за приклучоци, односно согласно проектираните трошоци за целосно уредување на градежното земјиште, за деловите за кои се планира уредувањето.

Надоместокот за уредување на градежното земјиште за основниот степен на уреденост ќе се зголеми за соодветен процент, доколку покрај објектите кои го сочинуваат основниот степен на уреденост постојат еден или повеќе други објекти од останатата инфраструктура кој претставува повисок степен на уреденост, и тоа за:

| | |
|---|---|
| - Топлификациона мрежа | 20% |
| - Гасоводна мрежа | 20% |
| - Паркинг простори | 15% |
| - Пречистителна станица за отпадни води | 15%. |

За делумно уредено градежно земјиште, односно за градежно земјиште за кое не се планира целосно уредување, или се планира само делумно уредување поради непостоење на технички услови за целосно уредување, надоместокот за уредување на градежното земјиште ќе

се наплати за инфраструктурните објекти кои постојат или се планирани во делумното уредување и тоа како соодветен процент од висината на надоместокот:

- Непречен пристап до градежната парцела од јавен пат или пристап од некатегоризиран пат 45%
- Водоводна мрежа 10%
- Фекална канализација 15%
- Атмосферска канализација 10%
- Подземна електрична мрежа 15%
- Надземна нестандардна електрична мрежа или нестандардно улично осветлување 5%.

**VI.3. Начин на утврдување на корисната нето површина на објектите и Коефициенти врз основа на кои се пресметува надоместокот за уредување на градежно земјиште**

Надоместокот за уредување на градежно земјиште, се пресметува врз основа на новата корисна (нето) површина што ќе се гради, што претставува збир на нето површините по метар квадратен на подовите на сите простори во објектот, согласно заверениот основен проект и анекс на основниот проект, помножени со следните коефициенти:

| 1 | **СТАНБЕНИ ОБЈЕКТИ** | **Коефициенти** |
|---|---|---|
| - | Станбени простории | 1,0 |
| - | Станбени простории со висина до 2,5м, подпокривен простор | 0,2 |
| - | Лоѓија затворена од три страни | 0,4 |
| - | Подлоѓија затворена од две страни | 0,3 |
| - | Балкони, тераси | 0,2 |
| - | Заеднички проодни тераси, пасажи | 0,2 |
| - | Помошни простории, остава за гориво, котлара, визба | 0,3 |
| - | Трафостаница до 35 Кв во објектот и надвор од објектот | 0,3 |
| - | Скалишен простор и заеднички комуникации | 0,3 |
| - | Стражарници, управител, простории за домар | 0,5 |
| - | Паркиралишта и гаражи | 0,1 |
| 2 | **ДЕЛОВНИ И ЈАВНИ ОБЈЕКТИ** | |
| - | Простории | 1,0 |
| - | Магацини | 0,5 |
| - | Помошни простории, остава за гориво, котлара | 0,3 |
| - | Трафостаница до 35 Кв во објектот и надвор од објектот | 0,4 |
| - | Скалишен простор и заеднички комуникации | 0,5 |
| - | Паркиралишта и гаражи | 0,1 |
| - | Лоѓија затворена од три страни | 0,5 |
| - | Подлоѓија затворена од две страни | 0,4 |
| - | Балкони, тераси | 0,3 |
| - | Отворен наткриен простор | 0,3 |
| 3 | **ДРУГИ ОБЈЕКТИ** | |
| - | Катни гаражи | 0,05 |
| - | Спортски покриени објекти | 0,5 |

| | | |
|---|---|---|
| - | Спортски откриени објекти | 0,3 |
| - | Гасни станици и базни станици за 50% од површина на локацијата | 1,0 |
| - | Отворени пазаришта за 30% од површина на локацијата | 1,0 |
| - | Базени | 0,2 |
| - | Трафостаници над 35 Кв | 1,0 |
| 4 | **ЗА ОБЈЕКТИТЕ ОД ГРУПА НА КЛАСИ НА НАМЕНИ Г-ПРОИЗВОДСТВО, ДИСТРИБУЦИЈА И СЕРВИСИ** | |
| - | Г1 – Тешка и загадувачка индустрија | 0,05 |
| - | Г2 – Лесна и незагадувачка индустрија | 0,01 |
| - | Г3 – Сервиси | 0,01 |
| - | Г4 – Стоваришта | 0,01 |
| 5 | **За бензинска пумпна станица и нејзини придружни содржини (продавници, кафетерии и ресторани, авто сервиси, авто салони, помошни простории)** | |
| - | Продажни простории на бензински пумпни станици | 1,0 |
| - | Услужни простории на бензински пумпни станици | 1,0 |
| 6 | **За објектите од група на класа на намени Б 5-угостителски и туристички комплекси, хотелски комплекси и одморалишта и за објектите од група на класа на намени А 4-хотел, мотел, временио сместување во викенд куќи, планинарски дом и ловен дом** | |
| - | Сите простории | 0,05 |
| 7 | **За детски градинки, пензионерски домови и домови за стари лица** | |
| - | Сите простории | 0,05 |
| 8 | **За објекти за високо образование** | |
| - | Сите простории | 0,5 |
| 9 | **За објекти од културата** | |
| - | Сите простории | 0,01 |
| 10 | **За објекти за терцијална здравствена заштита** | |
| - | Сите простории | 0,05 |

Во новата корисна нето површина што ќе се гради согласно заверената проектна документација не се пресметува површината на:

- Инсталационите канали;
- Окната за лифтови;
- Окна за врати;
- Отворени паркиралишта;
- Подземни резервоари;
- Објекти заштитени како културно наследство.

За сите објекти од табелата со височина над 32 ката, висината на трошоците за уредување на градежното земјиште, во зависност од степенот на уреденост на градежното земјиште се пресметува на 27% од вкупно пресметаната површина. Висината на трошоците за уредување на градежно земјиште во зависност од степенот на уреденост на градежното земјиште се пресметува на 27% од вкупно пресметаната површина за сите објекти од табелата без оглед на нивната височина, кои се наоѓаат на истата градежна парцела на која е предвидена изградба на објект со височина над 32 ката.

За агро берзи, откупно дистрибутивни центри или пазари, висината на трошоците за уредување на градежното земјиште, во зависност од степенот на уреденост на градежното земјиште се пресметува на 50% од вкупно пресметаната површина, согласно коефициентите од табелата и другите одредби од оваа точка.

За објектите од група на класи на намени Г – производство, дистрибуција и сервиси, висината на трошоците за уредување на градежното земјиште неможе да биде повисока од 30% од висината на просечната нето плата во Република Северна Македонија за последната година, помножена со коефициентите опишани во точка 4 од табелата.

За линиски инфраструктурни објекти - државни патишта, локални патишта и улици, магистрални улици, собирни улици, водоводи, канализации, железнички пруги, гасоводи, топловоди, далноводи со напонско ниво од и над 35 КВ како и за брани со акумулации, термоцентрали, езерски и речни пристаништа и за доградби и надградби на објекти за кои е донесена одлука од страна на советот на општината, согласно член 67-а став (1) од Законот за градење, а инвеститор е општината, не се утврдуваат трошоци за уредување на градежно земјиште.

За линиски инфраструктурни објекти - државни патишта, локални патишта и улици, магистрални улици, собирни улици, водоводи, канализации, железнички пруги, гасоводи, топловоди, далноводи со напонско ниво од и над 35 КВ како и за брани со акумулации, термоцентрали, езерски и речни пристаништа не се плаќа надоместок за уредување на градежното земјиште.

Доколку со изградбата на објекти предвидено е отстранување на постоечки објекти запишани во имотен лист кои се наоѓаат на иста градежна парцела, при пресметување на висината на трошоците за уредување на градежното земјиште, од новата корисна површина се одбива површината утврдена во имотниот лист на постоечките објектикои ќе се отстранат со изградбата на новите објекти. Површините на подпокривен простор, логија, подлогија, балкони, тераси, заеднички проодни тераси, пасажи, помошни простории, визба, скалишен простор, заеднички комуникации, паркиралишта и гаражи на постоечките објекти се одбиваат само од новата корисна површина на објектот која е со иста намена со намената на површините на наведените простории и делови на објектот.

### VI.4. Висина на надоместокот за уредување на градежно земјиште

Висината на надоместокот за уредување на градежно земјиште за основен степен на уреденост на градежното земјиште со објекти на комунална инфраструктура, пресметана согласно коефициентите од табелата од точка VI.3, изнесува:

| 1 | За градот Гевгелија | Износ на надоместок от | Единица мерка |
|---|---|---|---|
| - | Станбени објекти | 1.500,00 | ден./м² |
| - | Деловни и јавни објекти | 2.500,00 | ден./м² |
| - | За објекти од група на класи на намени Г - Производство, дистрибуција и сервиси | 6.000,00 | ден./м² |
| - | Бензински пумпи (згради,настрешници,резервоари,рампи) | 6.200,00 | ден./м² |
| - | Објекти од класата на намени Б5 - угостителско туристички комплекси и А4 – хотел, мотел, времено сместување | 4.000,00 | ден./м² |
| - | Детски градинки, пензионерски и домови за стари лица, објекти за високо образование, објекти за култура и објекти за терцијална здравствена заштита | 2.500,00 | ден./м² |
| - | Катни гаражи | 2.500,00 | ден./м² |
| - | Гасни и базни станици за 50% од површина на локација | 2.500,00 | ден./м² |
| - | Трафостаници над 35 KW | 2.500,00 | ден./м² |

| | | | |
|---|---|---|---|
| - | Спортски објекти | 100,00 | ден./м² |
| - | Базени | 100,00 | ден./м² |
| - | Мрежи и водови за пренос на енергија и електронски комуникациски мрежи | | |
| - | ○ Столб | 1.000,00 | ден./единица |
| - | ○ Подзмен и надземен кабел | 200,00 | ден./м¹ |
| - | Ветерници за производство на електрична енергија | 6.000.000,00 | ден./единица |
| - | Фотоволтаични централи | 300,00 | ден./м² |
| 2 | **За Населени места** | **Износ на надоместок от** | **Единица мерка** |
| - | Станбени објекти | 750,00 | ден./м² |
| - | Деловни и јавни објекти | 1.250,00 | ден./м² |
| - | За објекти од група на класи на намени Г - Производство, дистрибуција и сервиси | 3.000,00 | ден./м² |
| - | Бензински пумпи (згради,настрешници,резервоари,рампи) | 6.200,00 | ден./м² |
| - | Објекти од класата на намени Б5 - угостителско туристички комплекси и А4 – хотел, мотел, времено сместување | 2.000,00 | ден./м² |
| - | Детски градинки, пензионерски и домови за стари лица, објекти за високо образование, објекти за култура и објекти за терцијална здравствена заштита | 1.250,00 | ден./м² |
| - | Катни гаражи | 1.250,00 | ден./м² |
| - | Гасни и базни станици за 50% од површина на локација | 1.250,00 | ден./м² |
| - | Трафостаници над 35 KW | 1.250,00 | ден./м² |
| - | Спортски објекти | 1.250,00 | ден./м² |
| - | Базени | 100,00 | ден./м² |
| - | Мрежи и водови за пренос на енергија и електронски комуникациски мрежи | 100,00 | ден./м² |
| - | ○ Столб | | |
| - | ○ Подзмен и надземен кабел | 1.000,00 | ден./единица |
| - | Ветерници за производство на електрична енергија | 200,00 | ден./м¹ |
| - | Фотоволтаични централи | 6.000.000,00 | ден./единица |
| | | 300,00 | ден./м² |
| 3 | **За изградба на објекти долж автопатот Е-75 на подрачјето на Општина Гевгелија и за просторите надвор од населените места за кои се или ќе се донесат Урбанистички планови вон населено место*** | **Износ на надоместок от** | **Единица мерка** |
| - | Станбени објекти | 3.000,00 | ден./м² |
| - | Деловни и јавни објекти | 5.000,00 | ден./м² |
| - | За објекти од група на класи на намени Г - Производство, дистрибуција и сервиси | 6.000,00 | ден./м² |
| - | Бензински пумпи (згради,настрешници,резервоари,рампи) | 6.200,00 | ден./м² |
| - | Објекти од класата на намени Б5 - угостителско туристички комплекси и А4 – хотел, мотел, времено сместување | 6.000,00 | ден./м² |
| - | Детски градинки, пензионерски и домови за стари лица, објекти за високо образование, објекти за култура и објекти за терцијална здравствена заштита | 2.500,00 | ден./м² |
| - | Катни гаражи | 2.500,00 | ден./м² |
| - | Гасни и базни станици за 50% од површина на локација | 2.500,00 | ден./м² |

| | | | |
|---|---|---|---|
| - | Трафостаници над 35 KW | 2.500,00 | ден./м2 |
| - | Спортски објекти | 100,00 | ден./м2 |
| - | Базени | 100,00 | ден./м2 |
| - | Мрежи и водови за пренос на енергија и електронски комуникациски мрежи | | |
| - | ○ Столб | 1.000,00 | ден./единица |
| - | ○ Подзмен и надземен кабел | 200,00 | ден./м1 |
| - | Ветерници за производство на електрична енергија | 6.000.000,00 | ден./единица |
| - | Фотоволтаични централи | 300,00 | ден./м2 |
| - | Далноводи со напонско ниво од и над 35 KW | | |
| - | ○ Столб | 10.000,00 | ден./единица |
| - | ○ Коридор | 10.000,00 | ден./км1 |

* Одредбите од овој поднаслов се применуваат и на објекти предвидени со проектот (студијата) за просторна организација на придружни и услужни објекти и содржини на автопатот Е-75, Коридор 8, 10 и 10а, кои поминуваат низ подрачјето на општина Гевгелија.

### VI.5. Начин на плаќање на надоместокот за уредување на градежно земјиште

За надоместокот за уредување на градежното земјиште, неговата висина како и начинот на плаќање, општината и инвеститорот склучуваат Договор во кој се регулираат правата и обврските на договорните страни, а по претходно изготвена детална пресметка.

Надоместокот за уредување на градежно земјиште инвеститорите (физички и правни лица) може да го платат во цел износ одеднаш, или може да го платат на рати за износи над 10.000.000,00 денари, но исклучиво со целосно обезбедување на побарувањето (банкарска гаранција, депонирање на чекови или други начини за обезбедување на побарувањето).

Доколку инвеститорите не ги почитуваат договорените обврски ќе се преземаат мерки согласно Закон.

## VII. ЕКСПРОПРИЈАЦИЈА НА НЕДВИЖЕН ИМОТ

За реализација на инфраструктурни објекти од јавен интерес, Општина Гевгелија, ќе поведува постапки за експропријација, пред надлежниот орган на управата.

Согласно Законот за експропријација, на сопствениците на недвижниот имот ќе им се надомести пазарната вредност на одземениот имот со давање на друга соодветна недвижност (доколку е можно,) или со надомест во пари.

Пазарната вредност на одземениот имот ќе се утврдува со примена на Методологијата за утврдување на пазарната вредност на недвижниот имот, а согласно постапката за утврдување на пазарната вредност на недвижниот имот во Општина Гевгелија која ја користи Комисијата за утврдување на пазарната вредност на недвижниот имот во Општина Гевгелија.

## VIII. ДИНАМИКА И МЕРКИ ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА

Динамиката на извршувањето на оваа Програма ќе зависи од приливот на средствата од надоместокот за уредување на градежното земјиште и другите извори на средства предвидени со оваа Програма.

## IX. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Програмата ја извршува Градоначалникот на Општина Гевгелија, по утврдените приоритети.

Измени и дополнувања на Програмата и прераспределба на средствата од една во друга позиција, се врши во иста постапка како и за донесување на нова Програма.

За започнатите постапки за издавање на Одобрение за градење кои не се завршени до денот на влегувањето во сила на оваа Програма, постапката ќе продолжи со примена на одредбите од оваа Програма.

За издадените Одобренија за градење чија важност е истечена, продолжување на нивната важност, односно за издавање на ново Одобрение за градење постапката ќе се спроведе со примена на одредбите од оваа Програма.

Оваа Програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гевгелија", а ќе се применува од 01.01.2020 година.

Бр.09-2211/1
27.12.2019 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
***Тодор Ристов с.р.***

---

Врз основа на член 14 став 4 и 15 од Законот за јавните патишта ("Службен весник на РМ" бр.84/2008, 52/2009, 114/2009, 124/10, 23/11, 53/11, 44/12, 168/12, 163/13, 39/14, 42/14, 166/14, 44/15, 116/15, 150/15, 31/16, 71/16 и 163/16), член 22 став 1 точка 4 од Законот за локалната самоуправа ("Службен Весник на РМ" бр.5/2002) и член 38 став 1 точка 12 од Статутот на Општина Гевгелија ("Службен гласник на Општина Гевгелија" бр.25/2006, 8/2010 и 18/2014 год.), Советот на Општина Гевгелија, на седницата одржана на ден 27.12.2019 година, донесе:

## ПРОГРАМА

### За изградба, реконструкција, рехабилитација, одржување и заштита на општинските патишта и улици во Општина Гевгелија за 2020 година

**Член 1**

Со оваа Програма се утврдуваат изворите на средствата за изградба, реконструкција, рехабилитација, одржување и заштита на општинските патишта и улици во 2020 година, нивниот распоред и начин на користење и обемот на работите.

**Член 2**

Висината на средствата за изградба, реконструкција, рехабилитација, одржување и заштита на општинските патишта и улици, се утврдуваат во износ од 28.424.581,00 денари и тоа од следните извори на приходи:

Трансфери и финансиска подршка од владини институции, и тоа од:

1.1. Јавно претпријатие за државни патишта, наменети за изградба, реконструкција, рехабилитација, одржување и заштита на општинските патишта и улици;

1.2. Биро за регионален развој;

1.3. Агенција за финансиска подршка во земјоделството и руралниот развој;

Надоместок за уредување на градежно земјиште;

Комунални такси;

Приход од продажба на градежно земјиште сопственост на РСМ;

Средства од фондовите на ЕУ и други грантови.

Износите на секој поединечен извор на приходи се прикажани во Буџетот на Општина Гевгелија за 2019 година, а во оваа програма се прикажани како приходи и расходи искажани во програми и потпрограми.

Вкупни приходи искажани по потпрограми се следните:

| | J | | Комунални дејности | **28.424.581,00** |
|---|---|---|---|---|
| 1 | | Ј6 | Одржување и заштита на локални патишта и улици и регулирање на режим на сообраќај | 5.000.000,00 |
| 2 | | ЈД | Изградба и реконструкција на локални патишта и улици | 22.724.581,00 |
| 3 | | ЈФ | Изградба на сообраќајна сигнализација | 700.000,00 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | ВКУПНО ПРИХОДИ | | 28.424.581,00 |

**Член 3**

Средствата во висина од 28.424.581,00 денари се распределени во следните потпрограми и се наменети за реализација на предвидените активности во секоја потпрограма:

| Надлежност | Програма | Потпрограма | Глава | Оддел | Точка | опис | износ |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| J | | | | | | **КОМУНАЛНИ ДЕЈНОСТИ** | |
| J6 | J60 | | | | | **ОДРЖУВАЊЕ И ЗАШТИТА НА ОПШТИНСКИ ПАТИШТА, УЛИЦИ И РЕГУЛИРАЊЕ НА РЕЖИМ НА СООБРАЌАЈОТ** | **5.000.000,00** |
| | | 1 | | | | **Поправки и Тековно одржување** | |
| | | | 1.1 | | | **Одржување на улици и патишта** | |
| | | | | 1.1.1 | | Зимско одржување на општинските патишта и улици | |
| | | | | 1.1.2 | | Расчистување на општинските патишта Гевгелија-Богородица, Негорци-Кованец, Негорци-Серменин, Миравци - Петрово и крак кон Габрово, пат кон Ума | |
| | | | 1.2 | | | **Поправка и одржување на опрема** | |
| | | | | 1.2.1 | | Поправка и одржување на семафори | |
| ЈД | | | | | | **ИЗГРАДБА И РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ОПШТИНСКИ ПАТИШТА И УЛИЦИ** | **22.724.581,00** |
| | ЈД0 | | | | | **Изградба и реконструкција на општински патишта и улици** | **3.845.872,00** |
| | | 1 | | | | **Изработка на проектна документација** | |
| | | | | 1.1.1 | | Проектна документација (инфраструктурни, идејни и основни проекти) за улици во Гевгелија и населените места | |
| | | | | 1.1.2 | | Изработка на проектна документација за изградба, реконструкција, рехабилитација, одржување и заштита на општинските патишта во Општина Гевгелија | |
| | | | | 1.1.3 | | Изработка на проектна документација за сообраќајни решенија за крстосници и кружни текови во Гевгелија и населените места | |
| | | 2 | | | | **Надзор над изградба и реконструкција на објекти** | |
| | | | | 2.1.1 | | Надзор над изградба и реконструкција на објекти | |
| | | 3 | | | | **Изградба на улици и патишта** | |
| | | | | 3.1.1 | | Изградба на улици во дел од Урбан блок 4 во Гевгелија | |
| | | | | 3.1.2 | | Изградба на улици во дел од Урбан блок 5 во Гевгелија | |
| | | | | 3.1.3 | | Изградба на улици во дел од Урбан блок 7 во Гевгелија | |

3.1.4 Изградба на улици во дел од Урбан блок 9 (Караорман) во Гевгелија
3.1.5 Изградба на улици во дел од Урбан блок 14 во Гевгелија
3.1.6 Изградба на улици во дел од Урбан блок 15 во Гевгелија
3.1.7 Изградба на ул.„Александар Бел“ Мрзенски рид Гевгелија
3.1.8 Изградба на улица покрај каналот Рауљ
3.1.9 Изградба на нови и доизградба на улици во с.Негорци
3.1.10 Изградба на нови и доизградба на улици во с.Миравци
3.1.11 Изградба на нови улици во Богородица, Мрзенци, Давидово
3.1.12 Уредување на влезната улица во с.Конско
3.1.13 Уредување на улици во с.Серменин (улица до центарот на селото, кон манастирот и кон црквата)
3.1.14 Уредување на улици во с.Кованец (улица од училиштето до центарот на селото)
3.1.15 Изградба на улица од црквата во Ума (спојување 150м) со калдрмата
3.1.16 Изградба на улица Гоце Делчев позади училиштето во с.Мрзенци
3.1.17 Изградба на улица „Атанас Ѓуров“ во с.Прдејци
3.1.18 Изградба (асфалтирање) на крак улица Александар Македонски и крак на улица Филип Втори (кај старото училиште) во с.Богородица
3.1.19 Изградба на пат до новата депонија
3.1.20 Изградба на мост во Давидово (спроти трансформаторот)

4 **Реконструкција на улици и патишта**

4.1.1 Реконструкција на улици во Гевгелија ("Индустриска","Ѓоко Тутушев" и др.) во Гевгелија
4.1.2 Реконструкција на улици во населените места во општината (Негорци, Миравци, Богородица, Мрзенци, Прдејци, Богородица)
4.1.3 Реконструкција на улица Методија Андонов Ченто во с.Мрзенци
4.1.4 Реконструкција на улици или краци на улици во руралните населени места.
4.1.5 Санација на мостот на влезот во с.Моин
4.1.6 Реконструкција на улицата од новото училиште до спојување со патот Богородица -Стојаково
4.1.7 Реконструкција на улицата кај училиштето и др.улици во с.Давидово

| | | |
|---|---|---|
| ЈДА | **Изградба на општински пат Конско-Серменин-Миравци** | 1.000.000,00 |
| 1 | **Изработка на проектна документација** | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | 1.1.1 | Проектна документација | |
| | ЈДЦ | | | **Изградба на Заобиколен пат околу Гевгелија (Јужен Булевар)** | **500.000,00** |
| | | 1 | | **Изградба на улици и патишта** | |
| | | | 1.1.1 | Изградба (на заобиколен пат околу Гевгелија (Западен и Јужен Булевар) | |
| | ЈДЈ | | | **Изградба на општински пат Негорци-Серменин** | **7.282.706,00** |
| | | 1 | | **Изградба на улици и патишта** | |
| | | | 1.1.1 | Изградба (довршување) на општински пат Негорци-Серменин (плаќање за завршени работи во 2019) | |
| | ЈДМ | | | **Изградба (Довршување) на патот за с.Ума** | **500.000,00** |
| | | 1 | | **Изградба на улици и патишта** | |
| | | | 1.1.1 | Изградба (довршување) на патот за с.Ума | |
| | ЈДН | | | **Изградба на локален пат с.Давидово – Манастир „Св.Илија“** | **8.096.003,00** |
| | | 1 | | **Изградба на улици и патишта** | |
| | | | 1.1.1 | Изградба на локален пат с.Давидово – Манастир „Св.Илија“ (плаќање за завршени работи во 2019) | |
| | ЈДР | | | **Изградба (продолжување) на Булевар Гевгелија во Гевгелија** | **1.500.000,00** |
| | | 1 | | **Изградба на улици и патишта** | |
| | | | 1.1.1 | Изградба (продолжување) на Булевар Гевгелија во Гевгелија (ул.„Свети Климент Охридски“) | |
| ЈФ | ЈФ0 | | | **ИЗГРАДБА НА СООБРАЌАЈНА СИГНАЛИЗАЦИЈА** | ***700.000,00*** |
| | | 1 | | **Изработка на проектна документација** | |
| | | | 1.1.1 | Проектна документација за сообраќајна сигнализација на улици и општински патишта во Општина Гевгелија | |
| | | 2 | | **Изградба и поставување на сообраќајна сигнализација** | |
| | | | 2.1.1 | Поставување на сообраќајни знаци, ознаки и патокази, заштитни столбчиња на улици и општински патишта | |
| | | | 2.1.2 | Обележување на улици и општински патишта со хоризонтална сигнализација | |
| | | | 2.1.3 | Набавка и поставување на табли со имиња на улици, куќни броеви и др. | |
| | | | 2.1.4 | Изградба (поставување) на семафори | |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | **ВКУПНО РАСХОДИ (Ј6, ЈД и ЈФ)** | ***28.424.581,00*** |

| Надлежност | Програма | ОПИС НА ПРОГРАМИТЕ | ИЗНОС |
|---|---|---|---|
| J | | **КОМУНАЛНИ ДЕЈНОСТИ** | **28.424.581,00** |
| | J6 | Одржување и заштита на локални патишта и улици и регулирање на режим на сообраќај | 5.000.000,00 |
| | JД | Изградба и реконструкција на локални патишта и улици | 22.724.581,00 |
| | JФ | Изградба на сообраќајна сигнализација | 700.000,00 |
| | | **ВКУПНО РАСХОДИ** | **28.424.581,00** |

**Член 4**

Програмата ја извршува Градоначалникот на Општина Гевгелија, по утврдените приоритети.

**Член 5**

Оваа Програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гевгелија", а ќе се применува сметано од 01.01.2020 година.

Бр.09-2212/1
27.12.2019 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
***Тодор Ристов с.р.***

---

Врз основа на член 99 од Законот за градежно земјиште ("Службен весник на РМ" бр. 15/15, 98/15, 193/15, 226/15, 31/16, 142/16, 190/16 и 275/19 год.) и член 38 став 1 точка 44 од Статутот на општина Гевгелија („Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06, 8/10 и 18/14 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на ден 27.12.2019 година, донесе

# П Р О Г Р А М А
## за работа во областа на располагањето со градежно земјиште во сопственост на Република Северна Македонија на подрачјето на општина Гевгелија за 2020 година

Со донесување на новиот Закон за градежно земјиште („Службен весник на РМ" бр. 15/15, 98/15, 193/15, 226/15, 31/16, 142/16 и 190/16), градежното земјиште може да биде во сопственост на Република Северна Македонија, општините, општините во градот Скопје и градот Скопје, на јавните претпријатија, акционерски друштва и други субјекти основани од Владата на Република Северна Македонија и Собранието на Република Северна Македонија, на домашни и странски физички и правни лица.

Сопственоста врз градежното земјиште создава права и обврски и служи за доброто на сопственикот и на заедницата. Сопственоста на градежното земјиште вклучува и право на градење на земјиштето, користење на земјиштето и право на пренесување на правото на градење на други лица. Правото на сопственост на градежното земјиште за општините, општините во градот Скопје и градот Скопје се стекнува врз основа на правно дело, по претходно донесена одлука од страна на Советот или врз основа на судска одлука.

Сопственоста на градежното земјиште на општините вклучува право на градење, користење на земјиштето, право на пренесување на правото на градење на други лица и право на отуѓување на градежното земјиште.

Со градежното земјиште сопственост на Република Северна Македонија управува Владата на Република Северна Македонија.

Сопственоста на градежното земјиште ја опфаќа неговата површина и се она што со него е трајно поврзано, а се наоѓа на површината или под неа.

Градежното земјиште е добро од општ интерес за Република Северна Македонија, а уредувањето на градежното земјиште е дејност од јавен интерес.

Градежното земјиште може да биде изградено и неизградено, уредено или неуредено. Изградено градежно земјиште е земјиште на кое е изграден објект од траен карактер кој е запишан во јавните книги за запишување на правата на недвижносите и земјиштето што служи за редовна употреба на објектот опфатено со границите на градежната парцела.

Уредено градежно земјиште е земјиште опремено на кое се изградени објекти на комунална инфраструктура, објекти на водоводна, фекална и атмосферска канализација и друга инсталација, со приклучоци до градежна парцела.

Градежно земјиште е земјиште кое е планирано со урбанистички план, урбанистичка планска документација или проект за инфраструктура.

Градежна парцела е дел од градежното земјиште, чии што граници се утврдени со урбанистички план, урбанистичка планска документација или проект за инфраструктура и истата може да се состои од една или од повеќе катастарски парцели или од делови на катастарски парцели.

Објект од траен карактер е објект кој е запишан во јавните книги за запишување на правата на недвижностите.

Времен објект е монтажно-демонтажен или типски објект кој се поставува на градежно неизградено земјиште, заради привремена употреба на просторот, до реализацијата на урбанистички план за градежното земјиште на кое е поставен времениот објект.

Инфраструктурен објект е објект од областа на сообраќајот (копнен, воден и воздушен сообраќај), подземна или надземна инсталација (вод) и електронски комуникациски мрежи и средства, со сите нивни придружни инсталации.

Прометот со градежното земјиште е слободен.

Градежното земјиште сопственост на Република Северна Македонија може да се отуѓи, даде на користење (концесија или јавно приватно партнерство), даде под долготраен и краткотраен закуп, разменува или да се востановат други стварни права.

А) Просторен опфат и предмет на Програмата

Предмет на Програмата е менаџирање со градежното земјиште во сопственост на Република Северна Македонија што се наоѓа на територијата на општина Гевгелија дефинирана според територијалната организација на Република Северна Македонија, за време на календарска 2020 година.

За да може да се врши отуѓување, давање под закуп, на градежното земјиште потребно е да се изработи мапа на државното градежно земјиште во општината со сите нумерички податоци за истото.

Важен фактор во оваа постапка е и категоријата урбанистички план, односно урбанистичките планови врз основа на кои може да се издаде одобрение за градење.

Во текот на годишната Програма се предвидува предмет на менаџирање со градежното земјиште во сопственост на Република Северна Македонија да бидат градежните парцели што се наоѓаат на териториите на следните населени места и локалитети:

1. Индивидуално домување
- Гевгелија, ДУП за блок 9 (9.1 и 9.2), Одлука бр. 07-1668/1 од 29.08..2014 год.;
- Гевгелија, ДУП за блок 5.3 и 5.6, Одлука бр. 07-1910/1 од 24.10.2013 год.;
- Гевгелија, ДУП за блок 6 (6.1 и 6.2), Одлука бр. 09-2459/1 од 30.09.2015 год.
2. Колективно домување
- Гевгелија ДУП за блок 4 (4.4), Одлука бр.09-144/1 од 21.01.2016 год.
3. Лесна индустрија и мало стопанство
- Гевгелија, ДУП за блок 14 (14.1 и 14.2), Одлука бр. 09-2180/1 од 27.08.2015 г.;

Б) Основи за изработка на Програмата

- Законски основ

Законски основ на Програмата за управување со градежното земјиште се:

Закон за локалната самоуправа („Службен весник на РМ„ бр.5/02), Закон за градежно земјиште („Службен весник на РМ„ бр. 15/15, 98/15, 193/15, 226/15, 31/16, 142/16 и 190/16) и член 38 став 1 точка 44 од Статутот на општина Гевгелија („Службен гласник на општина Гевгелија„ бр. 25/06 и 8/10)

- Основни плански документи

    - Стратегија за локален одржлив развој на општина Гевгелија за плански период од 2006 до 2011 година

Општина Гевгелија е надлежна за локалниот економски развој на подрачјето на својата територија, што подразбира:
- Планирање на локалниот економски развој;
- Утврдување на развојните и структурните приоритети и
- Водење на локалната економска политика.

Овој документ вклучува три стратешки компоненти, кои се меѓусебно поврзани и хармонизирани една со друга:

а) Локална проценка;

b) СЊОТ Анализа - во три сектори: Инфраструктура, одржлив економски развој и квалитет на живот;
c) Стратешки планови - вклучувајќи визија, стратешки цели, развојни цели и преглед на програмите и проектите.

Стратегијата идентификува приоритетни области и стратешки избори, истата поставува широка рамка за економски, социјален и културен развој на општина Гевгелија за периодот 2006 - 2011 година. Сепак, потребна е понатамошна елаборација за креирање на планови за имплементација кои ќе ги дадат деталите за програмите и проектите, учесниците во активностите, финансиски планови, предвидувања и ризици, развојни индикатори и временски проценки. Како што Република Северна Македонија се движи кон ЕУ интеграциите, подобрените капацитети на локалните учесници ќе бидат искористени за интегрирање и хармонизирање на стратегијата со новите европски, национални и регионални политики.

- Локален еколошки акционен план на општина Гевгелија, донесен

на 09.05.1998 година

Цели на локалниот еколошки акционен план на општина Гевгелија се:

1. Одредување, проценка и рангирање на Еко проблемите во општината врз основа на релевантниот ризик по човечко здравје, животна средина и квалитет на живеењето.
2. Создавање на таков ЛЕАП што ќе ги одреди специфичните стратегии и активности за намалување на најсериозните ризици во средината.
3. Подобрување на севкупните еколошки услови во општината и штедењето на парите и жителите преку нискобуџетски стратегии и добри резултати со најмали трошоци.
4. Промовирање на јавната свест, разбирање и одговорност за заштита на животната средина и зголемена јавна подршка за еколошки инвестиции (решенија).
5. Зајакнување на можностите како на локалната самоуправа така и на ниво на Невладини организации (НВО) за управување со имплементирање на еколошките проблеми вклучувајќи ја нивната способност за привлекување и на странски финансиски средства (инвестиции).

- Потстратегија за рурален развој на општина Гевгелија за плански период од 2008 до 2013 година

Визија

Создавање целосно инкорпориран и финансиски стабилен регион со услови за квалитетно живеење и работење.

Мисија

Подобрување на квалитетот на животот во руралната заедница преку:

- Создавање услови за одржлив социо-економски развој;
- Ефикасни институции;
- Јавни - приватни партнерства;
- Развиен бизнис сектор;
- Ефикасно управување со природни ресурси и инфраструктура
- Зачувување на традиционални вредности.

Цели на потстратегијата за рурален развој

Специфични цели

- Да се анимира територијата и локалната работна сила (локални оператори / субјекти);
- Да се оддржи локално претприемништво;
- Да се подобри менаџментот и комерцијалните капацитети на локалните фирми;
- Да се зголеми вработувањето;
- Да се заштитат природните и културните ресурси низ призмата на интегрираниот развој на територијата;
- Да се подобрат услугите за руралната популација за да се подобри квалитетот на живеење;
- Да се преквалификуваат човечките ресурси.

Социјални цели

- Да се промовираат иницијативи;
- Да се создадат (ресоздадат) врски;
- Да се мобилизираат човечките и финансиските ресурси;
- Да се преразгледат и надминат традиционалните шеми.

Производствени цели

- Да се создадат нови субјекти и основни услови за рурален развој;
- Да се модернизираат структурите;
- Да се подобрат условите за производство.

  - Туристички акционен план на општина Гевгелија и општина Валандово

Развојот на туризмот ќе биде остварен со креирање на линкови помеѓу сите стопански и нестопански сектори (производен, трговски, културен, невладин, образовните институции и верски установи) се со цел, поддршка на јавните и приватните иницијативи за креирање на конкурентни низи од активности кои што се перспективни на подолг рок, поради остварување на економските и социјалните придобивки во регионот.

Стратешки цели

1. Збогатување на туристичката понуда на регионот (настани, активности и туристички услуги)
2. Да се подобри туристичката инфраструктура;
3. Да се зголеми туристичкиот маркетинг и промоција;
4. Развивање на човечки ресурси во правец на унапредување на туризмот
5. Да се зголеми развојот и инвестициите во туризмот.

- Генерален урбанистички план на град Гевгелија измени и дополнување за плански период од 2012 до 2022 година, Одлука бр. 07-1436/1 од 16.07.2012 год.

Просторната организација на градот подразбира дефинирање на одделни урбани содржини и инфраструктурни системи во рамките на комплексниот социоекономски и просторен систем на градот. Преку усвоените модели во чии рамки ќе се одвива развојот на најважните градски функции се предвидува подобрување на стандардот на домување, просторно дооформување на стопанските зони и нивно инфраструктурно екипирање, просторна дисперзија на нестоипанските дејности и функции на општествената надградба, оптимализирање на услови за одмор, рекреација и спортување, екипирање на градот со комунални инфраструктурни системи, прилагодување на сообраќајниот систем, заштита на културно-историското и градителско наследство на градот и примена на системот за управување на животната средина.

- Програма за изработка на урбанистички планови за 2020 год. ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр. ___/19) Одлука бр. ________ од ________ 2019 год.

В) Лица вклучени во изработка на Програмата

1. Станка Карајанова - Раководител на сектор за урбанизам, комунални работи и заштита на животна средина
2. Благица Митрова - Раководител на одделение за располагање со државно градежно земјиште
3. Лидија Картова - советник, овластен градежен инспектор
4.Тони Николов - соработник за администрирање и утврдување на комунални такси
5. Ристо Аџиниколов - помлад соработник

Глави на програмата:

1. Цели на Програмата

- Општи цели на Програмата

Обезбедување на услови за социо-економски развој на општината, преку правење просторни услови за развој

- Конкретни цели на Програмата по населени места, урбани блокови и локалитети

Заинтересираните граѓани на сопствени простори за обавување на дејност можат да ја реализираат својата потреба, а со тоа да придонесат за развој на населеното место/локалитет, користење на локалните ресурси, вработувања на лица, обезбедување на подобри услови за живеење.

2. Обем и преглед на градежно земјиште што е предмет на Програмата (групирани по населено место и по урбанистички план)

- Графички прилог со одбележани градежни парцели што ќе бидат предмет на менацирање на тоа населено место/локалитет, идентификувани со број на градежните парцели.

- Детален преглед на градежни парцели (по населено место и по урбанистички план).

  А. Градежни парцели што ќе бидат предмет на отуѓување по пат на јавно наддавање

ТАБЕЛА на градежни парцели за 2020 година

| број на градежна парцела | вкупна површина на градежна парцела | намена на земјиштето (основна класа) | намена на земјиштето (опис) | броеви на катастарски парцели во состав на градежната парцела | површина на градба | бруто развиена површина | процент на изграденост | коефициент на искористеност на земјиштето | максимална дозволена висина | катност | урбанистички план | населено место |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 5.3.96 | 310 | А1 | семејно домување | КП бр. 6727/1 КО Гевгелија | 138 | 552 | 44,5% | 1.78 | 10.20 | П+2+Пк | ДУП за блок 5.3 и 5.6 | Гевгелија |
| 5.3.101 | 460 | А1 | семејно домување | КП бр. 6727/1 КО Гевгелија | 208 | 832 | 45,2 | 1.80 | 10.20 | П+2+Pk | ДУП за блок 5.3 и 5.6 | Гевгелија |

| | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 5.3.102 | 439 | A1 | семејно домување | КП бр. 6727/1 КО Гевгелија | 188 | 752 | 42.8 | 1.71 | 10.20 | П+2+Pk | ДУП за блок 5.3 и 5.6 | Гевгелија |
| 5.3.103 | 441 | A1 | семејно домувње | КП бр. 6727/1 КО Гевгелија | 162 | 648 | 36,7 | 1.46 | 10.20 | П+2+Pk | ДУП за блок 5.3 и 5.6 | Гевгелија |
| 5.3.104 | 457 | A1 | семејно домување | КП бр. 6727/1 КО Гевгелија | 167 | 668 | 36.5 | 1.46 | 10.20 | П+2+Pk | ДУП за блок 5.3 и 5.6 | Гевгелија |
| 5.3.106 | 301 | A1 | семејно домување | КП бр. 6727/1 КО Гевгелија | 141 | 564 | 46,8 | 1.87 | 10.20 | П+2+Pk | ДУП за блок 5.3 и 5.6 | Гевгелија |
| 5.3.111 | 414 | A1 | семејно домување | КП бр. 6727/1 КО Гевгелија | 193 | 772 | 46,6 | 1,86 | 10,2 | П+2+Пк | ДУП за блок 5.3 и 5.6 | Гевгелија |
| 5.3.112 | 371 | A1 | семејно домување | КП бр. 6727/1 КО Гевгелија | 152 | 608 | 40,9 | 1,63 | 10,2 | П+2+Пк | ДУП за блок 5.3 и 5.6 | Гевгелија |
| 5.3.113 | 302 | A1 | семејно домување | КП бр. 6727/1 КО Гевгелија | 133 | 532 | 44,0 | 1,76 | 10,2 | П+2+Пк | ДУП за блок 5.3 и 5.6 | Гевгелија |
| 5.3.114 | 300 | A1 | семејно домување | КП бр. 6727/1 КО Гевгелија | 120 | 480 | 40,0 | 1,6 | 10,2 | П+2+Пк | ДУП за блок 5.3 и 5.6 | Гевгелија |

| | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 5.3.116 | 363 | А1 | семејно домување | КП бр. 6727/1 КО Гевгелија | 146 | 584 | 40,2 | 1,6 | 10,2 | П+2+Пк | ДУП за блок 5.3 и 5.6 | Гевгелија |
| 5.3.117 | 425 | А1 | семејно домување | КП бр. 6727/1 КО Гевгелија | 182 | 728 | 42,8 | 1,71 | 10,2 | П+2+Пк | ДУП за блок 5.3 и 5.6 | Гевгелија |
| 5.3.119 | 382 | А1 | семејно домување | КП бр. 6727/1 КО Гевгелија | 183 | 732 | 47,9 | 1,91 | 10,2 | П+2+Пк | ДУП за блок 5.3 и 5.6 | Гевгелија |
| 5.3.120 | 424 | А1 | семејно домување | КП бр. 6727/1 КО Гевгелија | 177 | 708 | 41,7 | 1,66 | 10,2 | П+2+Пк | ДУП за блок 5.3 и 5.6 | Гевгелија |
| 5.3.121 | 393 | А1 | семејно домување | КП бр. 6727/1 КО Гевгелија | 176 | 704 | 44,7 | 1,79 | 10,2 | П+2+Пк | ДУП за блок 5.3 и 5.6 | Гевгелија |
| 5.3.122 | 434 | А1 | семејно домување | КП бр. 6727/1 КО Гевгелија | 174 | 696 | 40,0 | 1,6 | 10,2 | П+2+Пк | ДУП за блок 5.3 и 5.6 | Гевгелија |
| 5.3.123 | 375 | А1 | семејно домување | КП бр. 6727/1 КО Гевгелија | 125 | 500 | 33,3 | 1,33 | 10,2 | П+2+Пк | ДУП за блок 5.3 и 5.6 | Гевгелија |
| 5.3.128 | 436 | А1 | семејно домување | КП бр. 6727/1 КО Гевгелија | 225 | 900 | 51,6 | 2,06 | 10,2 | П+2+Пк | ДУП за блок 5.3 и 5.6 | Гевгелија |

| | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 5.3.129 | 399 | А1 | семејно домување | КП бр. 6727/1 КО Гевгелија | 194 | 776 | 48,6 | 1,94 | 10,2 | П+2+Пк | ДУП за блок 5.3 и 5.6 | Гевгелија |
| 5.3.130 | 361 | А1 | семејно домување | КП бр. 6727/1 КО Гевгелија | 168 | 672 | 46,5 | 1,86 | 10,2 | П+2+Пк | ДУП за блок 5.3 и 5.6 | Гевгелија |
| 5.3.132 | 494 | А1 | семејно домување | КП бр. 6727/1 КО Гевгелија | 259 | 1036 | 52,4 | 2,09 | 10,2 | П+2+Пк | ДУП за блок 5.3 и 5.6 | Гевгелија |
| 5.3.164 | 341 | А1 | семејно домување | КП бр. 7505/1 КО Гевгелија | 155 | 620 | 45,4 | 1,81 | 10,2 | П+2+Пк | ДУП за блок 5.3 и 5.6 | Гевгелија |
| 5.3.165 | 499 | А1 | семејно домување | КП бр. 7506 КО Гевгелија | 240 | 960 | 48,0 | 1,92 | 10,2 | П+2+Пк | ДУП за блок 5.3 и 5.6 | Гевгелија |
| 5.3.166 | 460 | А1 | семејно домување | КП бр. 7506 КО Гевгелија | 246 | 984 | 53,4 | 2,13 | 10,2 | П+2+Пк | ДУП за блок 5.3 и 5.6 | Гевгелија |
| 5.3.167 | 437 | А1 | семејно домување | КП бр.7505/1 КО Гевгелија | 247 | 988 | 56,5 | 2,26 | 10,2 | П+2+Пк | ДУП за блок 5.3 и 5.6 | Гевгелија |
| 5.3.168 | 452 | А1 | семејно домување | КП бр.7505/1 КО Гевгелија | 239 | 956 | 52,8 | 2,11 | 10,2 | П+2+Пк | ДУП за блок 5.3 и 5.6 | Гевгелија |

| | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 5.3.169 | 574 | А1 | семејно домување | КП бр.7505/1 КО Гевгелија | 265 | 1060 | 46,1 | 1,84 | 10,2 | П+2+Пк | ДУП за блок 5.3 и 5.6 | Гевгелија |
| 5.3.172 | 548 | А1 | семејно домување | КП бр.7505/1 КО Гевгелија | 268 | 1072 | 48,9 | 1,95 | 10,2 | П+2+Пк | ДУП за блок 5.3 и 5.6 | Гевгелија |
| 5.3.173 | 449 | А1 | семејно домување | КП бр.7505/1 КО Гевгелија | 233 | 932 | 51,8 | 2,07 | 10,2 | П+2+Пк | ДУП за блок 5.3 и 5.6 | Гевгелија |
| 5.3.174 | 350 | А1 | семејно домување | КП бр.7505/1 КО Гевгелија | 159 | 636 | 45,4 | 1,81 | 10,2 | П+2+Пк | ДУП за блок 5.3 и 5.6 | Гевгелија |
| 5.3.175 | 352 | А1 | семејно домување | КП бр.7505/1 КО Гевгелија | 160 | 640 | 45,4 | 1,81 | 10,2 | П+2+Пк | ДУП за блок 5.3 и 5.6 | Гевгелија |
| 5.3.176 | 356 | А1 | семејно домување | КП бр.7505/1 КО Гевгелија | 158 | 632 | 44,1 | 1,77 | 10,2 | П+2+Пк | ДУП за блок 5.3 и 5.6 | Гевгелија |
| 5.3.177 | 330 | А1 | семејно домување | КП бр.7505/1 КО Гевгелија | 152 | 608 | 44,8 | 1,79 | 10,2 | П+2+Пк | ДУП за блок 5.3 и 5.6 | Гевгелија |

| | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 5.3.178 | 304 | А1 | семејно домување | КП бр.7505/1 КО Гевгелија | 129 | 516 | 42,4 | 1,69 | 10,2 | П+2+Пк | ДУП за блок 5.3 и 5.6 | Гевгелија |
| 5.3.179 | 324 | А1 | семејно домување | КП бр.7505/1 КО Гевгелија | 142 | 568 | 43,8 | 1,75 | 10,2 | П+2+Пк | ДУП за блок 5.3 и 5.6 | Гевгелија |
| 5.3.180 | 404 | А1 | семејно домување | КП бр.7505/1 КО Гевгелија | 203 | 812 | 52,2 | 2 | 10,2 | П+2+Пк | ДУП за блок 5.3 и 5.6 | Гевгелија |
| 9.1.59 | 335 | А1 | семејно домување | КП бр. 399 КО Гевгелија | 198 | 792 | 59,1 | / | 10,2 | П+2+Пк | ДУП за блок 9 (9.1 и 9.2) | Гевгелија |
| 9.1.60 | 355 | А1 | семејно домување | КП бр. 399 КО Гевгелија | 209 | 836 | 58,8 | / | 10,2 | П+2+Пк | ДУП за блок 9 (9.1 и 9.2) | Гевгелија |
| 9.1.61 | 415 | А1 | семејно домување | КП бр. 399 КО Гевгелија | 201 | 804 | 48,4 | / | 10,2 | П+2+Пк | ДУП за блок 9 (9.1 и 9.2) | Гевгелија |
| 9.1.62 | 488 | А1 | семејно домување | КП бр. 399 КО Гевгелија | 258 | 1032 | 52,8 | / | 10,2 | П+2+Пк | ДУП за блок 9 (9.1 и 9.2) | Гевгелија |
| 9.1.63 | 535 | А1 | семејно домување | КП бр. 399 КО Гевгелија | 294 | 1176 | 54,9 | / | 10,2 | П+2+Пк | ДУП за блок 9 (9.1 и 9.2) | Гевгелија |

| | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 9.1.101 | 738 | А1 | семејно домување | КП бр. 399 КО Гевгелија | 393 | 1572 | 53,2 | / | 10,2 | П+2+Пк | ДУП за блок 9 (9.1 и 9.2) | Гевгелија |
| 9.1.102 | 685 | А1 | семејно домување | КП бр. 399 КО Гевгелија | 368 | 1472 | 53,7 | / | 10,2 | П+2+Пк | ДУП за блок 9 (9.1 и 9.2) | Гевгелија |
| 9.1.103 | 461 | А1 | семејно домување | КП бр. 399 КО Гевгелија | 239 | 956 | 51,8 | / | 10,2 | П+2+Пк | ДУП за блок 9 (9.1 и 9.2) | Гевгелија |
| 9.1.104 | 586 | А1 | семејно домување | КП бр. 399 КО Гевгелија | 269 | 1076 | 45,9 | / | 10,2 | П+2+Пк | ДУП за блок 9 (9.1 и 9.2) | Гевгелија |
| 9.1.105 | 586 | А1 | семејно домување | КП бр. 399 КО Гевгелија | 269 | 1076 | 45,9 | / | 10,2 | П+2+Пк | ДУП за блок 9 (9.1 и 9.2) | Гевгелија |
| 9.1.106 | 461 | А1 | семејно домување | КП бр. 399 КО Гевгелија | 239 | 956 | 51,8 | / | 10,2 | П+2+Пк | ДУП за блок 9 (9.1 и 9.2) | Гевгелија |
| 9.1.107 | 463 | А1 | семејно домување | КП бр. 399 КО Гевгелија | 241 | 964 | 52 | / | 10,2 | П+2+Пк | ДУП за блок 9 (9.1 и 9.2) | Гевгелија |
| 9.1.113 | 464 | А1 | семејно домување | КП бр. 399 КО Гевгелија | 213 | 852 | 45,9 | / | 10,2 | П+2+Пк | ДУП за блок 9 (9.1 и 9.2) | Гевгелија |

| | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 9.1.114 | 616 | А1 | семејно домување | КП бр. 399 КО Гевгелија | 255 | 1020 | 41,4 | / | 10,2 | П+2+Пк | ДУП за блок 9 (9.1 и 9.2) | Гевгелија |
| 14.2.20 | 2165 | Г3 | сервиси | КП бр.7521/1 КО Гевгелија | 1143 | 2400 | 52,7 | / | 12 | П+2 | ДУП за блок 14 (14.1 и 14.2) | Гевгелија |
| 14.2.25 | 1458 | Г2 | лесна и незагад. индустрија | КП бр.7512/1 КО Гевгелија | 756 | 1588 | 51,8 | / | 12 | П+2 | ДУП за блок 14 (14.1 и 14.2) | Гевгелија |
| 14.2.27 | 862 | Г2 | лесна и незагад. индустрија | КП бр.7512/2 КО Гевгелија | 437 | 1311 | 50,7 | / | 12 | П+2 | ДУП за блок 14 (14.1 и 14.2) | Гевгелија |
| 14.2.29 | 3676 | Г2 | лесна и незагад. индустрија | КП бр.6727/1 КО Гевгелија | 2024 | 4250 | 55 | / | 12 | П+2 | ДУП за блок 14 (14.1 и 14.2) | Гевгелија |
| 14.2.30 | 4781 | Г2 | лесна и незагад. индустрија | КП бр.6727/1 КО Гевгелија | 2933 | 6159 | 61,3 | / | 12 | П+2 | ДУП за блок 14 (14.1 и 14.2) | Гевгелија |
| 6.1.20 | 551 | А0 | домув. со посебен режим | КП бр. 933/1 КО Мрзенци | 190 | 380 | 34,4 | 0,69 | 7,2 | П+1+Пк | ДУП за блок 6 (6.1 и 6.2) | Гевгелија |

| | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 6.1.21 | 826 | А0 | домув. со посебен режим | КП бр. 933/1 КО Мрзенци | 306 | 612 | 37,0 | 0,74 | 4,2 | П+Пк | ДУП за блок 6 (6.1 и 6.2) | Гевгелија |
| 6.1.22 | 1099 | А0 | домув. со посебен режим | КП бр. 933/1 КО Мрзенци | 530 | 530 | 48,2 | 0,48 | 7,2 | П+1+Пк | ДУП за блок 6 (6.1 и 6.2) | Гевгелија |
| 6.1.24 | 714 | А0 | домув. со посебен режим | КП бр. 933/1 КО Мрзенци | 287 | 574 | 40,2 | 0,8 | 7,2 | П+1+Пк | ДУП за блок 6 (6.1 и 6.2) | Гевгелија |
| 6.1.33 | 1044 | А0 | домув. со посебен режим | КП бр. 933/1 КО Мрзенци | 444 | 444 | 42,5 | 0,43 | 4,2 | П+Пк | ДУП за блок 6 (6.1 и 6.2) | Гевгелија |
| 6.1.34 | 726 | А0 | домув. со посебен режим | КП бр. 933/1 КО Мрзенци | 355 | 710 | 48,9 | 0,98 | 7,2 | П+1+Пк | ДУП за блок 6 (6.1 и 6.2) | Гевгелија |
| 6.1.35 | 1012 | А0 | домув. со посебен режим | КП бр. 933/1 КО Мрзенци | 431 | 431 | 42,5 | 0,43 | 4,2 | П+Пк | ДУП за блок 6 (6.1 и 6.2) | Гевгелија |
| 6.1.36 | 837 | А0 | домув. со посебен режим | КП бр. 933/1 КО Мрзенци | 414 | 828 | 49,4 | 0,99 | 7,2 | П+1+Пк | ДУП за блок 6 (6.1 и 6.2) | Гевгелија |
| 6.1.37 | 1257 | А0 | домув. со посебен режим | КП бр. 933/1 КО Мрзенци | 522 | 522 | 41,5 | 0,42 | 4,2 | П+Пк | ДУП за блок 6 (6.1 и 6.2) | Гевгелија |

| | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 6.1.38 | 1331 | А0 | домув. со посебен режим | КП бр. 933/1 КО Мрзенци | 547 | 547 | 41,1 | 0,41 | 4,2 | П+Пк | ДУП за блок 6 (6.1 и 6.2) | Гевгелија |
| 6.1.39 | 920 | А0 | домув. со посебен режим | КП бр. 933/1 КО Мрзенци | 459 | 918 | 49,8 | 1 | 7,2 | П+1+Пк | ДУП за блок 6 (6.1 и 6.2) | Гевгелија |
| 6.1.40 | 968 | А0 | домув. со посебен режим | КП бр. 933/1 КО Мрзенци | 390 | 780 | 40,2 | 0,81 | 7,2 | П+1+Пк | ДУП за блок 6 (6.1 и 6.2) | Гевгелија |
| 6.1.41 | 864 | А0 | домув. со посебен режим | КП бр. 933/1 КО Мрзенци | 405 | 810 | 46,8 | 0,94 | 7,2 | П+1+Пк | ДУП за блок 6 (6.1 и 6.2) | Гевгелија |
| 6.1.42 | 938 | А0 | домув. со посебен режим | КП бр. 933/1 КО Мрзенци | 417 | 834 | 44,4 | 0,89 | 7,2 | П+1+Пк | ДУП за блок 6 (6.1 и 6.2) | Гевгелија |
| 6.1.43 | 1062 | А0 | домув. со посебен режим | КП бр. 933/1 КО Мрзенци | 470 | 470 | 44,2 | 0,44 | 4,2 | П+Пк | ДУП за блок 6 (6.1 и 6.2) | Гевгелија |
| 47 | 1337 | А2 | домув. во стнбени згради | КП бр.5781 и 5782 КО Гевгелија | 360 | 2161 | / | / | 16,20 | П+4+Пк | ДУП за дел од блок 4 (4.4) | Гевгелија |
| 55 | 916 | А2 | домув. во стнбени згради | КП бр.5960/2 КО Гевгелија | 297 | 1779 | / | / | 16,20 | П+4+Пк | ДУП за дел од блок 4 (4.4) | Гевгелија |

| | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 56 | 1452 | А2 | домув. во стнбени згради | КП бр.5960/1 КО Гевгелија | 628 | 3771 | / | / | 16,20 | П+4+Пк | ДУП за дел од блок 4 (4.4) | Гевгелија |
| 58 | 990 | А2 | домув. во стнбени згради | КП бр.5969/1 КО Гевгелија | 281 | 1405 | / | / | 13,20 | П+3+Пк | ДУП за дел од блок 4 (4.4) | Гевгелија |

3. Маркетинг стратегија за промоција на градежното земјиште што е предмет на оваа Програма

- Дефинирање на целни групи за одделни групи на градежни парцели
- Дефинирање на најефикасните маркетинг пристапи, алатки и канали
- Дефинирање на опфатот и трошоците поврзани со имплементација на маркетинг стратегијата
- Дефинирање на временската рамка за имплементација на маркетинг стратегијата
- Лица задолжени за имплементација на маркетинг стратегијата

Определувањето на маркетинг стратегијата започнува со дефинирање/претпоставување на заинтересираните страни за купување/изнајмување на одредени делови од градежното земјиште. Заинтересираните страни се всушност потенцијалните купувачи/изнајмувачи на земјиштето и идни инвеститори, односно претставуваат целна група на активностите од маркетинг стратегијата.

Со оглед на различната намена и местоположба на градежното земјиште што ќе биде понудено, логично е целните групи за одделни локации да бидат различни. Следен чекор е идентификување на најефикасните маркетинг пристапи, алатки и канали за комуницирање/промовирање на понудата до заинтересираните страни. Маркетинг пристапот, алатките и каналите за комуницирање/промовирање се лимитирани од повеќе аспекти, но главно од финансиската моќ на општината. Како и да е, маркетинг стратегијата мора да обезбеди испраќање на вистинска, навремена и прецизна информација на вистинска адреса.

4. Динамика на реализација на Програмата

- Број на турнуси за објавување оглас, временски период за објавување на огласите и распределба на градежните парцели по турнуси

Со цел минимизирање на финансиските трошоци поврзани со објавата на огласи за отуѓување, односно давање под закуп на градежното земјиште се предвидува градежните парцели што се предмет на Програмата да се објават по еден до два турнуси во секој квартал од 2020 година.

Пропишување на условите за наддавање

Постапката за отуѓување се спроведува согласно Законот за градежно земјиште со електронско јавно наддавање на интернет

страницата њњњ.гевгелија.гов.мк со претходно дадена објава од страна на Комисијата за спроведување на постапки за јавно наддавање во:

-два дневни весника кои се издаваат на македонски јазик, а излегуваат најмалку три месеци пред денот на објавувањето на објавата, и

-"Службен весник на Република Северна Македонија"

Учество на јавното наддавање заинтересираните правни и физички лица го потврдуваат со пополнување на пријава за учество на јавно наддавање по електронски пат. Кон пријавата задолжително се приложува банкарска гаранција за сериозност на понуда во износ од 100% до 500% од вкупната почетна цена на градежното земјиште, но не помалку од 30.000 денари, која ќе биде активирана доколку најповолниот понудувач не ги уплати средствата во рок од 15 дена од приемот на писменото известување по јавното наддавање и нема да се пристапи кон склучување на договор.

Јавното наддавање може да отпочне со најмалку еден учесник, а јавното наддавање ќе биде успешно доколку има најмалку едно постапно наддавање над почетната цена за отуѓување на градежното земјиште.

Наддавањето се врши ,,чекорно,, со зголемување на вредноста со секој ,,чекор,, за 10%, но не помалку од 10,00 ден. по м2.

Рокот за поднесување на пријавата за учество во јавното наддавање е од 20 - 60 календарски дена зависно од категотијата на објектот сметајќи од денот на објавувањето на објавата до денот на поднесувањето на пријава за земјиштето.

- Лица надлежни за реализација на Програмата

Лицата кои ќе ги спроведуваат постапките за отуѓување или давање под закуп на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија, кои задолжително треба да поседуваат овластување, се следните:

1.Благица Митрова - Раководител на одделение за располагање со државно градежно земјиште
2.Станка Карајанова - Раководител на сектор за урбанизам, комунални работи и заштита на животна средина
3. Ристо Аџиниколов - помлад соработник
4. Лидија Картова - советник, овластен градежен инспектор
5. Благој Ристов - виш соработник за планирање на просторот

5. Проценка на финансиските приливи по основ на реализација на Програмата (приходна страна на Програмата)

Проценката на финансиските приходи се прави кумулативно за секое населено место одделно, според просечната пазарна цена за метар квадратен градежно земјиште во тоа населено место или локалитет.

| | |
|---|---|
| - Гевгелија, блок 9 ,,Караорман,, | 1.055.000 ден. |
| - Гевгелија блок 6 | 1.815.000 ден. |
| - Гевгелија, дел од УБ 5 | 1.517.000 ден. |
| - Гевгелија, дел од блок 4 | 11.038.000 ден. |

- Гевгелија блок 14 1.575.000 ден.

Вкупно приходи: 17.000.000 ден.

6. Проценка на финансиските средства потребни за реализација на Програмата (расходна страна на Програмата)

Финансиските средства потребни за реализација на Програмата се состојат од збир на проценетите финансиски средства потребни за реализирање на следните активности:

-трошоци по основ на администрирање на постапките за отуѓување, односно давање под закуп на градежното земјиште 3.500.000 ден.

-трошоци по основ на купување на градежно земјиште од физички и правни лица 0 ден.

-трошоци за промовирање односно рекламирање на градежните локации што ќе бидат предмет на отуѓување, односно давање под закуп на градежното земјиште 60.000 ден.

Се вкупно: 3.560.000 ден.

7. Преодни и завршни одредби

- Програмата ја усвојува Советот на општината.
- Програмата може да се изменува и дополнува на начин и постапка иста по која и се донесува.
- За спроведување на оваа Програма надлежен е Градоначалникот на општината.

Оваа Програма влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службениот гласник на општината„.

Бр.09-2213/1
27.12.2019 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
***Тодор Ристов с.р.***

---

Врз основа на член 20 став 1 од Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Службен весник на РМ" бр.199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18) и член 38 став 1 точка 44 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 27.12.2019 година, донесе

**П Р О Г Р А М А**
**За изработка на урбанистички планови**
**во општина Гевгелија за 2020 година**

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

1. Со оваа програма се утврдуваат планските документи, кои ќе се изработат за урбанистичко уредување на просторот во градот Гевгелија, населените места и на подрачјето вон населените места (ГУП, и ДУП за градот Гевгелија, УП за село, УП за подрачје вон населено место, локални урбанистички документации), во општина Гевгелија, изворите на средства за финансирање и други прашања поврзани со планските документи.

Со изработка на урбанистичките планови треба да се обезбеди рационално уредување и користење на просторот, услови за хумано живеење и работа на граѓаните, надминување на урбаните бариери на лицата со инвалидитет, одржлив развој, заштита на недвижно културното наследство и отварање на нови локации за:

- домување
- комерцијални и деловни објекти
- јавни институции
- производство, дистрибуција и сервиси
- зеленило и рекреација
- инфраструктура

Преку донесените урбанистички планови општината ги реализира усвоените годишни програми за комунално уредување, за изградба на локални патишта и улици, водоводни мрежи, фекални и атмосферски канализациски мрежи, заштита на животната средина и др.

Потребата од изработка на урбанистичките планови исто така е иницирано и од Одделението за урбанизам, градежништво, архитектура и заштита на животната средина, врз основа на следењето на степенот на квалитетот и потребата за реализација на плановите, роковите на важноста на истите, новонастанатите промени и потреба за развој, како и предлозите, иницијативите и барањата од физичките и правните лица доставени до Одделението.

Изработката на урбанистичките планови ќе се финансира од Буџетот на општина Гевгелија за која намена се предвидени 1.200.000,00 денари

Урбанистичките планови ќе се изработуваат согласно Законот за јавни набавки од правни лица кои поседуваат лиценца за вршење на оваа дејност.

## II. ПОСЕБНИ ОДРЕДБИ

### 2. Измена и дополнување за ГУП на град Гевгелија

### 2. Изработка на регулациски план на ГУП на град Гевгелија по блокови

2.1.Регулациски план на ГУП на град Гевгелија за блок 15 општина Гевгелија

2.2.Регулациски план на ГУП на град Гевгелија за блок 17 општина Гевгелија

2.3.Регулациски план на ГУП на град Гевгелија за блок 14 општина Гевгелија.

**3.Изработка на ДЕТАЛНИ УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ за град Гевгелија по блокови и ревизија и изменена на донесени Детални урбанистички планови согласно приложената скица**

**3.1. Урбан блок 1**

- Поделен е на шест дела (1.1; 1.2; 1.3; 1.4; 1.5; 1.6)
- Граници на опфатот на блокот:

Осовина на ул.Слободан Митров Данко, Таља Бикова,Мирче Ацев, Новоплнирана 5, Петар Мусев

- Површина на опфат: 63ха
- Фаза: Нацрт и Предлог план
- Намена на просторот: А1 домување во стамбени куќи, В јавни институции, В1 образование и наука, АБВ градски центар, Е1 комунална инфраструктура.

Забелешка: ***Се предвидува изработка на ДУП на делови од Блок***
***Во постапка на донесување е ДУП за Блок 1.2, Блок 2.1 и Блок 2.2 КО Гевгелија***

**3.2. Урбан блок 2**

- Поделен е на четири дела (2.1; 2.2; 2.3; 2.4)
- Граници на опфатот на блокот:

Осовина на ул.Слободан Митров Данко, Борис Кидрич, Новопланирана 2, Новопланирана 5, Мирче Ацев, Таља Бикова.

- Површина на опфат: 40,8 ха
- Фаза: Нацрт и Предлог план
- Намена на просторот:А1 домување во стамбени куќи,А2 домување во стамбени згради, Б комерцијални и деловни намени, В1 образование и наука, АБ комерцијална зона Д1 парковско зеленило, Д2 заштитно зеленило, Д4 меморијални простори, Е2 комунална супраструктура-автобуска станица,Е1 комунална инфраструктура.

Забелешка: ***Се предвидува изработка на ДУП на делови од Блок***

**3.3. Урбан блок 3**

- Поделен е на три дела (3.1; 3.2; 3.3)
- Граници на опфатот на блокот:

Осовина на Бул. Гевгелија, Борис Кидрич, Слободан Митров Данко, 7-ми Ноември.

- Површина на опфат: 26,3ха
- Фаза: Нацрт и Предлог план
- Намена на просторот: А1 домување во стамбени куќи, А2 домување во стамбени згради Б комерцијални и деловни намени В1 образование и наука, В2 здравство и социјална заштита, АБ ( Комерцијална зона ) Е2 комунална супраструктура - катна гаража, Е2 комунална супраструктура - бензинска пумпна станица со придружни содржини, Е1 комунална инфрасруктура.

Забелешка : ***Се предвидува изработка на ДУП на делови од Блок***
***Во постапка на донесување е ДУП за дел од Блок 3 (3.2 и 3.3) КО Гевгелија, општина Гевгелија***

**3.4. Урбан блок 4**

- Поделен е на пет дела (4.1; 4.2; 4.3; 4.5)
- Граници на опфатот на блокот:

Осовина на Булевар Гевгелија, 7-ми Ноември, Слободан Митров Данко, Новопланирана 11, Западна 1.

- Површина на опфат: 49,5ха
- Фаза: Нацрт и Предлог план
- Намена на просторот: А1 домување во стамбени куќи, А2 домување во стамбени згради, Б комерцијални и деловни намени В1 образование и наука, АБ (комерцијална зона) Е1 комунална инфраструктура.

Забелешка: : ***Се предвидува изработка на ДУП на делови од Блок***
***Во постапка на донесување е ДУП за дел од блок 4 (дел од 4.3) КО Гевгелија, општина Гевгелија***
***ДУП за дел од блок 4.2, општина Гевгелија***

**3.5. Урбан блок 5**

- Поделен е на шест дела (5.1; 5.2; 5.3; 5.4; 5.5, 5.6)
- Граници на опфатот на блокот:

Осовина на ул. Новопроектирана 11, Слободан Митров Данко, Петар Мусев, Новопланирана 5, Новопланирана 4, Маршал Тито, Западна 1.

- Површина на опфат: 50,1ха
- Фаза: Нацрт и Предлог план
- Намена на просторот: А1домување во стамбени куќи, А2 домување во стамбени згради, АБ ( комерцијална зона), Д3 спорт и рекреација, Е1 комунална инфраструктура.

Забелешка: ***Се предвидува изработка на ДУП на делови од Блок***
***Во постапка на донесување е ДУП за дел од блок 5 (5.1) КО Гевгелија, општина Гевгелија.***

**3.6. Урбан блок 7**

- Поделен е на пет дела (7.1;7.2; 7.3; 7.4; 7.5)
- Граници на опфатот на блокот:

Осовина на ул.Новопланирана 3, 7-ми Ноември, Бул. Гевгелија, Западна 1.

- Површина на опфат: 61 ха
- Фаза: Нацрт и Предлог план
- Намена на просторот: А1 домување во стамбени куќи, А2 домување во стамбени згради, В4 државни институции, АБВ (локален центар), АБ ( комерцијална зона) Е1 комунална инфраструктура.

Забелешка: ***Се предвидува изработка на ДУП на делови од Блок***
***Во постапка на донесување е ДУП за блок 7 (7.2) КО Гевгелија, општина Гевгелија.***
***ДУП за дел од блок 7 (7.5) општина Гевгелија***

**3.7.Урбан блок 8**

-Поделен на четири дела (8.1, 8.2, 8.3, 8.4)
-Граница на плански опфат на блокот:
Осовина на ул.Новопланирана 5, Новопланирана 2, граница на ГУП, Ул. Новопланирана 4.
-Површина на плански опфат48,5ха.
-Фаза: Нацрт и Предлог план
-Намена на просторот: А2 домување во стамбени згради, Б комеријални и деловни намени, В јавни институции, Д1 парковско зеленило, Д2 заштитно зеленило, Е1 комунална инфраструктура.
Забелешка: ***Се предвидува изработка на ДУП на делови од Блок***

**3.8. Урбан блок 11**

- Поделен е на три дела (11.1; 11.2; 11.3)
- Граници на опфатот на блокот:
Граница на ГУП, клучка на А1- за Гевгелија, осовина на Бул. Гевгелија, Борис Кидрич.
- Површина на опфат: 45,2ха
- Фаза: Нацрт и Предлог план
- Намена на просторот: Б комерцијални и деловни намени, Г2,Г3Г4 производство, дистрибуција и сервиси, Д2 заштитно зеленило, Е2 комунална супраструктура бензинска пумпна станица со придружни содржини, Е1 комунална инфраструктура.

Забелешка: ***Се предвидува изработка на ДУП на делови од Блок***
***Во постапка на донесување е ДУП за дел од блок 11 (11.3), општина Гевгелија и***
***ДУП за блок 11 (11.2), општина Гевгелија***

**3.9 Урбан блок 12**

- Поделен е на пет дела (12.1; 12.2; 12.3; 12.4; 12.5)
- Граници на опфатот на блокот:
Осовина на Бул. Гевгелија, клучка на А1 за Гевгелија, граница на ГУП, ул. Борис Кидрич.
- Површина на опфат: 115,9 ха
- Фаза: Нацрт и Предлог план
- Намена на просторот: Б комерцијални и деловни простори, Г2,Г3,Г4 производство, дистрибуција и сервиси, Д2 заштитно зеленило, Е2 комунална супраструктура бензинска пумпна станица со придружни содржини, Е2 комунална супраструктура железничка станица со придружни содржини, Е1 комунална инфраструктура.

Забелешка: ***Се предвидува изработка на ДУП на делови од Блок***
***Во постапка на донесување е ДУП за блок 12 КО Гевгелија, општина Гевгелија***

**3.10 Урбан блок 13**

- Граници на опфатот на блокот:
Осовина на ул. Новопланирана 3, граница на ГУП
- Површина на опфат: 24,5 ха
- Фаза: Нацрт и Предлог план

-Намена на просторот:Д2 заштитно зеленило, Д4 меморијални простори, Е1 комунална инфраструктура.

**3.11. Урбан блок 14**

- Поделен е на пет дела ( 14.1, 14.2, 14.3, 14.4 и 14.5)
- Граници на опфатот на блокот:

Осовина на ул.Новопланирана 4, граница на ГУП, УЛ. Новопланирана 2, граница на ГУП.

- Површина на опфат: 45,2 ха
- Фаза: Нацрт и Предлог план
- Намена на просторот:А1 домување во стамбени куќи, Б комерцијални и деловни намени, Г2,Г3,Г4 производство, дистрибуција И сервиси, Д2 заштитно зеленило, Д3 спорт и рекреација, АБ комерцијална зона, Е1 комунална инфраструктура.

Забелешка: ***Се предвидува изработка на ДУП на делови од Блок***

**3.12. Урбан блок 15**

- Поделен е на пет дела (15.1, 15.2, 15.3, 15.4 и 15.5)
- Граници на опфатот на блокот:

Осовина на ул. Новопланирана 1, Западна 1, Новопланирана 1, граница на ГУП, ул. Новопланирана 10.

- Површина на опфат: 68,4 ха
- Фаза: Нацрт и Предлог план
- Намена на просторот: А1 домување во стамбени куќи, Б комерцијални и деловни намени, В1 образование и наука, В5 верски институции, АВБ локален центар, АБ комерцијална зона, Д3 спорт и рекреација, Е1 комунална инфраструктура.

Забелешка: ***Се предвидува изработка на ДУП на делови од Блок***
***ДУП за блок 15.1 и 15.2, општина Гевгелија***
***ДУП за блок 15 (дел 15.10)општина Гевгелија***

**3.13. Урбан блок 16**

-Поделен е на четири дела (16.1, 16.2, 16.3, 16.4)
-Граници на опфатот на блокот:
Осовина на ул. Западна 1, 7-ми Ноември, Новопланирана 3.
-Површина на опфат: 35,2 ха.
-Фаза: Нацрт и Предлог план
Намена на просторот: А1 домување во стамбени куќи, Б комерцијални и деловни намени, АБ комерцијална зона, Е1 комунална инфраструктура.
Забелешка: ***Се предвидува изработка на ДУП на делови од Блок***
***Во постапка на донесување е ДУП за блок 16 КО Гевгелија, општина Гевгелија***

**3.14. Урбан блок 17**

-Поделен е на два дела (17.1, 17.2)
-Граници на опфатот на блокот:
Граница на ГУП, осовина на ул. Западна 1, Новопланирана 10.
-Површина на опфат 41,8 ха.
-Фаза: Нацрт и Предлог план

-Намена на просторот:А1 домување во индивидуални стамбени куќи, АБ комерцијална зона, Е1 комунална инфраструктура.
Забелешка: ***Се предвидува изработка на ДУП на делови од Блок***
***ДУП за дел од блок 17 (дел од 17.1) општина Гевгелија***

***3.15 Измена и дополнување на ДУП за дел од блок 10.5, општина Гевгелија***

## 4. УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА СЕЛО

4.1. Урбанистички план за село Моин
4.2. Урбанистички план за село Давидово
4.3. Урбанистички план за село Милетково
4.4. Урбанистички план за село Мрзенци
4.5. Урбанистички план за село Негорци
4.6. Урбанистички план за село Миравци
4.7.Измена и дополнување на Урбанистички план за село Прдејци, општина Гевгелија - Блок 4, општина Гевгелија.

## 5. УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ ВОН НАСЕЛЕНО МЕСТО

5.1. Измена и дополнување на блок 4, 5 и дел од блок 6, од Урбанистички план вон населено место за мултинаменски стопански комплекс на потег Гевгелија-граничен премин Богородица општина Гевгелија.
5.2.Измена и дополнување на дел од блок 7 од УПВНМ за мултинаменски стопански комплекс на потег Гевгелија-граничен премин Богородица, општина Гевгелија
5.3.Урбанистички план вон населено место за локалитет Негорски Бањи, КО Негорци, општина Гевгелија
5.4. Урбанистички план вон населено место за туристички локалитет Конска брана, општина Гевгелија.
5.5.Урбанистички план вон населено место за туристички локалитет Смрдлива Вода, општина Гевгелија.
5.6. Измена и дополнување на Урбанистички план вон населено место за комерцијални и деловни намени во КО Негорци м.в. ІДолна Коријав општина Гевгелија

## 6.ОПШТИ АКТИ ЗА СЕЛА

6.1.Општи акт за село Ново Конско
6.2.Општи акт за село Серменин
6.3.Општи акт за село Кованци
6.4.Општи акт за село Хума
6.5.Општи акт за село Конско
6.6.Општи акт за село Смоквица
6.7.Општи акт за село Петрово
6.8.Општи акт за село Габрово

**7. ЛОКАЛНА УРБАНИСТИЧКА ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА**

**Локална урбанистичка планска документација за потрбите на општина Гевгелија** и **Локална урбанистичка планска документација за потрбите на граѓаните и правните лица** за уредување и користење на просторот со определување на градежна парцела вон плански опфат, согласно член 46 од Законот за просторно и урбанистичко планирање.

7.1.ЛУПД за изградба на стопански комплекс со намена Г2-Лесна и незагадувачка индустрија на КП бр.628 и делови од КП бр.629, КП бр.638 и КП бр. 763/1 во КО Ново Конско Ђ општина Гевгелија.
7.2. ЛУПД за формирање на градежна парцела со намена Е2-полигон за обука на возачи на КП 4674/9, КО Негорци, општина Гевгелија
7.3.ЛУПД за формирање на градержна парцела со намена Г4-Стоваришта, КО Прдејци, општина Гевгелија

**8. УРБАНИСТИЧКО ПРОЕКТНА ДОКУМЕНТАЦИЈА**

Изработка и донесување на Урбанистичко проектна документација за потребите на општина Гевгелија, како и за потребите на граѓаните и правните лица на територијата на општина Гевгелија, согласно член 20, член 51 и член 52 од Законот за просторно и урбанистичко планирање.

Урбанистичките планови ќе се донесат во постапка пропишана во членот 24 од Законот за просторно и урбанистичко планирање.

Измена и дополнување на Програмата за изработка на урбанистички планови на подрачјето на општина Гевгелија кои се од општ интерес може да врши Советот на Општината Гевгелија.

Оваа Годишна програма влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.09-2214/1
27.12.2019 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
***Тодор Ристов с.р.***

---

Врз основа на член 38 став (1) точка 44 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен весник на РМ" бр.25/06 и 8/10 год.) Советот на општина Гевгелија на седница одржана на 27.12. 2019 година, донесе

**ГОДИШНА ПРОГРАМА**
**за финансирање, одржување и заштита на објекти од културното наследство, споменици и други објекти во општина Гевгелија за 2020 година**

**I. ЦЕЛИ**

Основни цели на оваа Програма се:

-Обезбедување на активен однос на Советот на општина Гевгелија кон задоволување на потребите и интересите на граѓаните од областа на заштита на културното наследство и другите спомен обележја на подрачјето на општина Гевегелија

-Зачувување и афирмирање на материјалното и духовното културно наследство на општина Гевгелија

-Зачувување на објекти и споменици кои сведочат за историското минато на просторите на општина Гевгелија.

## II. ФИНАНСИРАЊЕ

-Финансирањето на активностите утврдени со оваа Програма ќе биде реализирано од Буџетот на општина Гевгелија за 2019 година, како и со одредени домашни и странски донации.

## III. РАСПОРЕДУВАЊЕ НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА

| Ред бр. | ВИД НА ОБЈЕКТ | денари |
|---|---|---|
| | **I. Обновување на објекти кои се прогласени за споменици на културата** | 140 000,00 |
| 1. | Реставрација на фасада на "Кангов" конак во Гевгелија | |
| 2. | Реставрација на фасада на "Андреев" конак во Гевгелија | |
| 3. | Реставрација на фасада на хотел "Отоман" (кафе "Центар") | |
| 4. | Реставрација на фасада на "Вила Тина" во Гевгелија | |
| 5. | Реконструкција на ул. IБранд Петрушевв(стара чаршија) во Гевгелија | |
| 6. | Изработка на биста на народниот херој Јосиф Јосифовски - Свештарот | 30 000,00 |

| Ред. бр. | II. Изградба на објекти од областа на културата спомен обележја на подрачјето на општина Гевгелија | |
|---|---|---|
| 1. | Оддржување и заштита на спомен обележјата | 30 000,00 |
| | ВКУПНО: | 200 000,00 |

## IV. ДРУГИ ФОРМИ НА АКТИВНОСТИ

**Други форми на активности со кои ќе се помагаат одржувањето и заштита на културни, споменици на културата и други објекти се следниве:**

-Обезбедување стручна, техничка и друга поддршка со кадри и опрема со која располага општината,

-Организирање на изложби и презентации на проекти од областа и заштита на образовни, културни и други објекти.

-Овие форми на активности ќе се реализираат согласно можностите на Општина Гевгелија.

## V. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

За реализација на активностите и средствата предвидени за истите, сите корисници опфатени со оваа Програма поднесуваат извештај до Советот на општина Гевгелија.

За реализација на Програмата надлежен е Градоначалникот на општина Гевгелија.

Оваа Програма влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија", а ќе се применува до крајот на годината.

Бр.09-2215/1
27.12.2019 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
***Тодор Ристов с.р.***

---

Врз основа на член 3 од Законот за комуналните дејности („Службен весник на РМ бр95/12, 163/13, 42/14, 44/15, 147/15, 31/16, 64/18 год..) и член 38 став (1) точка 15 од Статутот на општина Гевгелија („Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06, 08/10 и 18/14 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на ден 27.12.2019 година, донесе

# П Р О Г Р А М А
## за дезинфекција, дезинсекција и дератизација во општина Гевгелија за 2020 година

## I.ВОВЕД

Интегрираното спречување и сузбивање на заразните болести предизвикани од микроорганизми и штетници е збир на механички, физички, биолошки и хемиски мерки и постапки. Тоа се превентивни и куративни мерки кои се преземаат со цел, сузбивање или намалување на популацијата најмалку до прагот на штетност, запирање на растот и размножувањето, уништување на постоечката популација на штетници до биолошкиот минимум, односно влегување и задржување на штетниците на површината во просторот или објектот. Тоа се однесува на организми кои ги пренесуваат причинителите на заразни болести, паразитираат на човечкото тело, причинители се на алергиски реакции, делуваат токсично и предизвикуваат болести.

## II. ЦЕЛИ

Заради заштита на населението во општина Гевгелија од преносители на заразни болести и штетници, потребно е преземање соодветни мерки и во текот на 2020 година. Со планираните активности според оваа програма, ќе се зачува животната средина и здравјето на луѓето и подобри севкупниот амбиент во градот и населените места во општина Гевгелија.

## III.АКТИВНОСТИ

Во 2020 година, за спречување на појави од заразни болести предизвикани од микроорганизми, инсекти и штетници, општина Гевгелија ќе ги преземе следните активности:

| | Мерки и активности | Место и локација | Планирани Средства |
|---|---|---|---|
| 1 | Дезинфекција, дезинсекција и дератизација | 1.Основни училишта, детски градинки, јавн општински установи и др. објекти.<br>2.Дезинсекција против комарци на целата територија<br>што ја опфаќа општина Гевгелија. | 1.000.000,оо |
| | | | Вкупно денари : 1.000.000,оо |

## IV.ФИНАНСИРАЊЕ

Активностите утврдени со оваа програма ќе се реализираат со средства од Буџетот на општина Гевгелија за 2020година.

## V. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Оваа Програма влегува во сила со денот на објавување во ,,Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.09-2216/1
27.12.2019 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
***Тодор Ристов с.р.***

---

Врз основа на член 36 став (1) точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02 год.) и член 38 став 1 точка 44 од Статутот на општина Гевгелија („Службен гласник на општина Гевгелија“ бр.25/06, 8/10 и 18/14 год.) Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 27.12.2019 година, донесе:

# П Р О Г Р А М А
## за активностите на општина Гевгелија во областа на Локалниот економски развој (ЛЕР) и прекуграничната соработка во 2020 година

### 1. Развојни приоритети

Општина Гевгелија во 2020 година ќе настојува да обезбеди поволни услови за локалниот економски развој. За таа цел активностите ќе бидат насочени кон создавање услови за поттикнување на локалниот економски развој, за поддршка на проектите и активностите, кои придонесуваат за унапредување на економски развој и руралниот развој, како и за привлекување на домашни и странски инвеститори.

Истовремено, залагањата ќе бидат насочени кон унапредување на регионалната и прекуграничната соработка преку реализација на веќе одобрените проекти и аплицирање за нови проекти.

## 2. Цел

Основна цел на Програмата за ЛЕР е реализација на зацртаните развојни приоритети на општина Гевгелија, согласно постојните стратешки документи, како и проектираните програми за развој на општината.

## 3. Поддршка на локалниот економски развој

Активностите на Општина Гевгелија во областа на ЛЕР и прекуграничната соработка ќе бидат насочени кон забрзан и динамичен развој на општината, согласно надлежностите и утврдените развојни и структурни приоритети.

Во прв ред, преку обезбедување на урбанистички услови и градежни парцели за реализација на инвестиционите проекти на заинтересираните домашни и странски инвеститори. Ваквите активности ќе се обезбедат преку соодветните буџетски програми на општина Гевгелија.

Профункционирањето на ТИРЗ „Прдејци" е од приоритетно значење, поради што во рамките на проектните активности на општината е предвидено комунално-инфраструктурно уредување на зоната. Но, за целосното профункционирање потребно е да се усогласат активностите во Дирекција за технолошко индустриски развојни зони.

Изработката на Стратегија за одржлив развој на општина Гевгелија 2021-2026 се наметнува како значаен предуслов за реализација на предвидените цели за унапредување на локалниот економски развој. За таа цел веќе е изготвена проектна рамка и во тек се подготвителните активности.

Општина Гевгелија, во рамките на Југоисточниот плански регион, но и преку други европски и меѓународни инвестициони програми (ИПА-ППС, ИПАРД, УНДП) веќе има аплицирано на повеќе јавни повици. Дел од овие апликации се одобрени и се во фаза на реализација, а дел од нив ја поминаа прелиминарната фаза од одобрувањето.

### 3.1 Проектни активности во рамките на ЈИПР и други активности

| Р. Бр. | Проект/Активност | Сопствено учество | Вкупен износ |
|---|---|---|---|
| 1. | Поддршка на Центарот за регионален развој на Југоисточен плански регион | **230.000 ден.** | **230.000 ден.** |
| 2. | Ревитализација на патот Богородица - Стојаково, крстосница со регионалниот пат Гевгелија - Богданци 1-ва фаза" | **511.037 ден.** | **8.764.385 ден.** |
| 3. | Ревитализација на патот Богородица - Стојаково, крстосница со регионалниот пат Гевгелија - Богданци 2-ра фаза" | **840.000 ден.** | **12.432.640 ден.** |
| 4 | Набавка на противпожарно возило и опрема за општините Гевгелија, Богданци и Дојран | **0 ден** | **12.196.555 ден.** |
| | **Вкупно** | **1.581.037 ден.** | **33.623.580 ден.** |

### 3.2 Проектни активности за прекугранична и регионална соработка, одобрени и поднесени апликации за меѓународни инвестициони програми

| Р. бр. | Проект/Активност | Сопствено учество | Вкупен износ |
|---|---|---|---|
| 1. | **Прекугранична соработка ИПА-ППС со Грција и со Бугарија** | | |
| 1.1. | „Одржливо управување на прекугранични водни ресурси“ (516.500.00 € ) | **0 ден.** | **25.887.687 ден.** |
| 2. | **Програма за финансиска поддршка на руралниот развој – ИПАРД** | | |
| 2.1. | „Изградба на дел од локален пат за поврзување на с.Серменин со с.Негорци“ | **0 .ден.** | **6.841.438 ден.** |
| 2.2. | „Изградба на локален пат од населено место Давидово до Манастир Св.Илија“ | **1.769.598 ден.** | **8.961.139 ден.** |
| 2.3. | Локална акциска група Бојмија | **300.000 ден.** | **300.000 ден.** |
| 3. | „Изградба на пречистителна станица во село Моин“ | **4.722.708 ден.** | **7.173.323 ден.** |
| 4. | Изработка на техничка документација за гасификација на Гевгелија | **0 .ден.** | **1.667.886 ден.** |
| 5. | „Изградба на водоводна мрежана сервисни улици „Галилео Галилеј“, „Апостол Петков“ и „Павел Шатев“ во Гевгелија“ | **327.605 ден.** | **4.501.176 ден.** |
| 6. | „Изградба на атмосферска канализација во дел од улица „Индустриска“ и дел од новопланирана сервисна улица бр. „5“ | **1.293.230 ден.** | **3.028.246 ден.** |
| | **Вкупно:** | **8.413.141 ден.** | **58.360.895 ден.** |

### 3.3 Туристички развој и туристичко претставување на општина Гевгелија

Активностите ќе бидат насочени кон создавање на неопходни предуслови за збогатување на туристичката понуда и нејзина промоција. Притоа, посебно внимание ќе се посвети на можностите за унапредување на руралниот туризам.

Ваквите цели за поголема искористеност на туристичките погодности ќе се остваруваат преку надлежните општински одделенија, а посебно внимание ќе се посвети на зголемената активност на учество на саеми.

| Р.бр. | Активност | Износ/ден. |
|---|---|---|
| 1. | **Пропагандно-туристички материјал за презентација на општина Гевгелија** | **500.000 ден.** |
| | - Пропаганден материјал | |
| | - Брошури, флаери | |
| | - Информативни табли | |
| 2 | Учество на саеми | **300 000 ден.** |
| | Вкупно: | **800 000 ден.** |

**4. Финансирање**

Предвидените активности од сите проекти, ќе бидат финансирани во зависност од програмите за аплицирање и утврдените критериуми од страна на донаторот, односно дали од страна на апликантот треба да биде обезбедено учество.

Вкупната вредност на проектите од табелата под точка **3.1 - Проектни активности во рамките на ЈИПР и други активности** се во износ од **1.581.037 денари.**

Вкупната вредност на активностите од табелата под точка **3.2- Проектни активности за прекугранична и регионална соработка, и останати проекти од различни Програми** се во износ од **8.413.141 денари.**

Вкупната вредност на активностите од табелата под точка **3.3 - Туристички развој и туристичко претставување на општина Гевгелија** се во износ од **800.000 денари.**

Вкупниот износ за реализација на Програмата изнесува **10.794.178 денари**.

**5.** Оваа програма влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.09-2217/1
27.12.2019 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
***Тодор Ристов с.р.***

---

Врз основа на член 36 став (1) точка 15 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/02 год.) и член 38 став (1) точка 44 од Статутот на Општина Гевгелија ("Службен гласник на Општина Гевгелија" бр.25/06, 08/10 и 18/14 год.), Советот на Општина Гевгелија на седницата одржана на 27.12.2019 година донесе

## П Р О Г Р А М А

### За активностите на Општина Гевгелија, во областа на Фондацијата за локален развој и развој на информатички технологии – Гевгелија за 2020 година

Фондацијата за локален развој и развој на информатички технологии – (ФЛОРИТ) Гевгелија е основана како иницијатива на локалната самоуправа, бизнис секторот и невладиниот сектор од општина Гевгелија во 2001 година, под името Фондација - „Центар за локален развој – Гевгелија." Од 21.01.2005 го носи денешното име.

Во изминатите 16 години од нејзиното постоење Фондацијата е етаблирана не само на територијата на општината, туку и во Југоисточниот плански регион на Република Македонија и во прекуграничниот регион каде што воглавно ги реализира своите активности.

Според Статутот на Фондацијата за локален развој и развој на информатички технологии - Гевгелија, (членот 2) Фондацијата е основана како непрофитна и невладина организација, во која е забрането дејствување од политички, верски или други позиции со кои се нарушуваат човековите права, или се загрозуваат општествените и демократските интереси на општината и државата.

Фондацијата се занимава со промовирање политики за одржлив развој на локално и регионално ниво со посебен осврт на воведување иновации и практики за континуирано учење во повеќе области, како во областа на животната средина, претприемништво, енергетика, како и во руралниот развој, одржлив туризам и културно наследство.

**Визија:**
ФЛОРИТ – Гевгелија е афирмирана организација на локално, национално и меѓународно ниво и посакуван партнер за соработка во областа на одржливиот локален и регионален развој, која ги промовира и развива традиционалните вредности преку современ пристап и придонесува во јакнеењето на капацитетите на локална самоуправа.

**Мисија:**
Мисија на ФЛОРИТ – Гевгелија е да го помага локалниот развој преку иницирање, подготовка и реализирање на развојни проекти на територијата на општина Гевгелија и регионот во синергија и партнерство со сите општествени групи и поединци.

**Цели:**
Основна цел на Фондацијата е да учествува и да го помага локалниот развој и зацврстувањето на демократијата преку:

- Обезбедување на знаење и примена на иницијативите кои обезбедуваат одржлив развој;
- Формирање на прекугранични мрежи за поврзување во синергија со слични или исти организации во регионот и државата;
- Изработка, развој и спроведување на прекугранични развојни проекти;
- Изработка на стратегиски документи од локален и регионален карактер, според пристапот „оддолу нагоре“;
- Изработка на развојни проекти врз аналитички основи кои обезбедуваат објективност и усогласување на податоците според светски норми и стандарди;
- Соработка и развој со граѓанскиот сектор и поттикнување на основањето на нови граѓански организации;
- Унапредување на вештините на локалната работна сила;
- Поддршка на развојот на туризмот преку имплементација на проекти произлезени од стратешки документи;
- Поддршка на руралниот развој во општина Гевгелија, во Југоисточниот плански регион и на територијата на Република Македонија;
- Поддршка на културните активности во општина Гевгелија, во Југоисточниот плански регион и во Република Македонија.

**Целни групи:**

- Локални власти,
- Регионални власти,
- Граѓански сектор,
- Млади,
- Институции во функција на поддршка на бизнис активности (стопански комори, кластери, земјоделски задруги),
- Институции и јавни комунални претпријатија кои се формирани од страна на локални власти и други институции во надлежност на локалните власти,

**Активности:**

- Идентификација, подготовка и управување со проекти;
- Собирање, анализирање и презентирање на податоците од општината;
- Планирање и подготовка на стратешки документи на општината;
- Промовирање и застапување на општина Гевгелија;
- Истражување во делот на достапни извори на финансирање од странски донатори;
- Поттикнување на меѓуопштинска и регионална соработка;
- Воспоставување на прекугранични мрежи за поврзување со слични организации во регионот и пошироко;
- Подготовка, развој и имплементација на проекти за прекугранична развој;
- Подобрување на вештините на локалната работна сила;
- Подобрување и развој на граѓанскиот сектор;
- Обезбедување на друга помош на локалните власти во насока на поддршка на развојот.

Главен фокус на Фондацијата за локален развој и развој на информатички технологии ќе бидат реализација на превземените и тековни активности од проекти од 2019 година, како и поддршката на општина Гевгелија и локалните институции и организации во согласност со нивните планови за развој. Во 2020 година, активностите се проектирани на следните нивоа:

1. Активности на Фондацијата кои произлегуваат од започнати проекти од претходниот период,
2. Активности на Фондацијата во соработка со општина Гевгелија,
3. Активности на Фондацијата со останати институции на локално и регионално ниво.

**Активност 1.1**

Со одржувањето на Меѓународната конференција „Финансиски извори за финансирање на микро, мали и средни претпријатија" во Декември 2019 се реализираа предвидените активности согласно работниот план за имплементација на проектот **„Акцелератор на знаења на мали и средни претпријатија" (МЕКА)**. Во наредниот 6-месечен период ќе бидат изработени потребните извештаи, а ќе се посвети посебно внимание на одржливоста на постигнатите резултати и остварените индикатори. Од описот на услуги обезбедени од страна на МЕКА, посебно ги акцентираме пристапот до финансии, обука и тренингот, како и вмрежувањето. Акцелераторот во Гевгелија, по својата поставеност е прв ваков во државата, а главна карактеристика е тоа што се базира на трансфер на знаења, а не на финансии. Инаку проектот беше одобрен за финансирање преку *Europe Aid/138-495/ID/ACT/MK Lot 3: „Подобрување на иновативноста на МСП и капацитетите за истражување и развој, соработката меѓу здруженија и компании со универзитети и институти".*

**Активност 1.2**

По одобрувањето на предложениот работен план и методологија за работа при подготовка на изготвување на Стратегија за одржлив развој на општина Гевгелија, предвидено е конкретните активности за започнат веќе во Јануари 2020.

За изготвување на **Стратегија за одржлив развој на општина Гевгелија, за периодот 2021 – 2026 година**, потребни се низа подготовки кои што ќе придонесат за квалитетно изработување на документот, и тоа:

**Одредување на структура за имплементација и мониторинг на акцискиот план од Стратегијата за одржлив развој на Општина Гевгелија**, во која треба да бидат вклучени:

Градоначалник,

Претставници од Совет на општината

Координативно тело за имплементација на Стратегијата за одржлив развој,

- Претставник на општината,
- Претставници на Советот,
- Претставник на бизнис секторот,
- Претставник од НВО.

1.2. Одредување на координатори на работните групи,

Работна група за инфраструктура,

Работна група за одржлив економски развој,

Работна група за урбанизам,

Работна група за квалитет на животот, образование и обука,

Работна група за култура и наука,

Работна група за спорт и екологија.

(по потреба можно е и проширување на работните групи).

Стратегијата треба да се изгради врз основа на следните модалитети:

1. **Концепт на одржлив развој**
   - 1.1. Концепт за одржлив развој е прифатен како клучен и за развојната политика на ЕУ и тоа уште од 2001 година, кога Европската Комисија усвои Стратегија за одржлив развој, составена од три дела:
   - Листа на предлози за идните политики,
   - Листа на централни задачи и мерки за цела ЕУ,
   - Потребни чекори за имплементација и мониторинг.

   Одржливиот развој претставува мултидимензионален концепт што ги интегрира перспективите на факторите клучни за неговата одржливост:
   - Физичкиот капитал (згради, машини, патишта...),
   - Социјален капитал (вештините и способноста на луѓето и институциите, односите и нормите што го обликуваат квантитетот и квалитетот на општествените интеракции), и
   - Природниот капитал (природните ресурси и екологија).
2. **Локална агенда 21**
   - Ја нагласува улогата на локалните власти во поддршката на одржливиот развој и ги обврзува на имплементација преку креирање одржливи заедници и заштита на заедничките светски добра,
   - Одржливите заедници треба да се способни локални економии, отворени и мироѓубиви заедници, еколошки ефикасни – способни да одговорат на предизвикот за обезбедување здрава средина и клима ( водата, земјата, биодиверзитетот и здравјето на луѓето).
3. **Анализирање податоци со аспекти на интерна и екстерна анализа.**

   Интерната анализа треба да ги опфати следните податоци:
   - Географска локација,
   - Комуникации,
   - Квалитет на работна сила,

- Квалитет на живеење,
- Инфраструктура (мека и цврста),
- Инвестициони можности,
- Услуги, и
- Раст на МСП.

Екстерната анализа се однесува на:

- Национални политики,
- Екстерни пазарни трендови,
- Екстерни поместувања во структурата на вработеноста, и
- Договорни политики.

**4. Користење на SWOT анализа во стратешкото планирање**

- Максимизирање на идентификуваните силни страни,
- Подобрување на слабостите,
- реализација на максимизација на можностите,
- Редуцирање на влијанието на заканите.

**5. Дефинирање на клучни прашања**

- Користење на сите расположливи информации,
- Градење консензус,
- Утврдување бариери, и
- Можности за развој.

**6. Стратешко планирање**

По дефиниција Стратешкото планирање во рамките на Единиците на локалните самоуправи претставува умствена визија поврзана со некоја методологија за да може на општинските службеници и граѓани да им ги претстави можностите и изборите за иднината на нивната заедница. Планирањето е дисциплиниран и креативен процес за детерминирање на тоа како општината од нивото каде е денес да се доведе до позиција до која во иднина сака да биде. Конечно, процесот на стратешкото планирање е механизам за претворање на вредностите на граѓаните во политички одлуки преку локалните совети и акциски програми. Исто така, им помага на локалните самоуправи да ги одредат насоките и проблемите кои влијаат на формата и здравјето на заедницата. Им помага и на оние кои донесуваат одлуки во подготовка на планови и проекти за инвестициони вложувања во инфраструктурата, политики на управување и економски поттикнувачи за давање на потребни јавни услуги и за привлекување на нов економски развој. Стратешкото планирање ги подобрува и условите за да привлече нови бизниси, кои треба да отворат нови работни места, а со тоа и да доведе до поголем економски развој.

Стратешкото планирање воглавно се состои од три фази:

- Стратешка анализа,

  Потреба да се разбере стратешката положба – физичка, просторна, економска, социјална, еколошка и политика на градот, општината или на целиот регион.
- Стратешки избор,

  Се занимава со формулација на можни правци на акција, нивна проценка и конечен избор меѓу нив. и,
- Стратешка имплементација,

  Се занимава со планирање како може да се спроведе изборот на стратегијата, како и со управување со промените кои се потребни.

Модел на стратешко планирање:

- Креирање на визија,
- Развивање на стратешки цели,
- Развивање на развојни цели,
- Развивање на програми, и
- Развивање на проекти.

**7. Развивање на програми и проекти**

- Идентификување и селектирање на програми,
- Опциони програми,
- Селектирање проекти,
- Финансирање програми и проекти.

**Содржина на Стратегијата за одржлив развој**

Истата е предмет на расправа и донесување на одлука на Локалниот тим за одржлив развој на општина Гевгелија. Но, притоа може да се искористи веќе утврдениот модел на изготвената Стратегија за периодот 2006 – 2011 година, која се состои од вовед и од три дела:

I. Локална процена
II. Стратешки дел
III. Акционен план.

**Време на реализација на Стратегијата за одржлив развој 2021 – 2026 година**

Календарот на активности за изготвување на Стратегијата за одржлив развој 2021 – 2026 година е предмет на договор меѓу сите чинители во планираната активност, но приоритетно на структурата за имплементација и мониторинг на акцискиот план. Сепак, според обемот на работа за донесување на Стратегијата за одржлив развој 2021 – 2026 година, потребни се најмалку 12 месеци работа од самиот почеток, односно од донесувањето Одлука за изготвувањето на Стратегијата до нејзината конечна реализација.

**Активност 1.3**

За разлика од програмите за прекугранична соработка каде што не е утврден точниот датум на објавување на нов повик, програмата ЕРАСМУС + има утврдено точни рокови за аплицирање. Поради тоа, за 2020 година е предвидено аплицирање до Националната агенција за европски образовни програми и мобилност со апликација во делот на Клучна акција 2 (Соработка за иновации и размена на добри практики).

**Активност 2.1**

На 10 Декември 2019, се објави вториот повик за проектни предлози во рамки на програмата за прекуграничната соработка со Грција за програмскиот период 2014-2020. Поднесување на проект е можно согласно следниве стратегиски цели:

- С.Ц. 1.1 Создавање на можности за вработување;
- С.Ц. 1.3 Подобрување на атрактивноста и промоција на туризмот;
- С.Ц. 2.4 Превенција, ублажување и управување со природни катастрофи, ризици и опасности.

Со оглед на тоа дека е ограничен повик, и со многу мал буџет, изборот на проектна идеја/активност од страна на општина Гевгелија треба внимателно да биде избрана. Пожелно е капитализација на претходен проект одобрен за имплементација од истата програма.

**Активност 2.2**

Во тек е имплементација на проектот „Одржливо управување на прекуграничните водни ресурси“ со акроним AQUA-M II, каде што ФЛОРИТ-Гевгелија ги координира активностите на еден од проектните партнери во проектот, односно на Јавно претпријатие за комунални дејности „Комуналец“

Гевгелија. Во 2019 беа реализиран поголем дел од предвидените активности, како изработка на комуникацискиот план за правилна комуникација и дисеминација на проектот, материјалите за визибилитет на проектот, подготовка на тендерските досиеја, а за 2020 останува да се реализираат обуки поврзани со управувањето со води и одржливоста, законодавството за квалитет на вода наменета за администрацијата, како и обука за добри практики за одржливост на водата, управување и избегнување на загадување наменета за локалното население.

**Активност 2.3**

Во тек е и имплементација на проектот „Заеднички активности за заштита и подобрување на здравјето на луѓето во прекуграничната област“ (IpA SHIELD II ) каде што ФЛОРИТ-Гевгелија дава техничка и стручна помош на два партнери, односно на ЈЗУ Општа болница со проширена дејност – Гевгелија и Здравен дом Валандово.

Кај првиот партнер, досега е подготвена техничка документација за вкупно три тендерски процедури од кои две се целосно реализирани. Избран е изведувач за давање услуги со предмет „Изградба на нова хирушка сала и адаптација на простор за дијабетис центар“, чија што изградба во моментот се реализира. Исто така е извршена и набавка на опрема „Набавка на апарат за ултразвук - Доплер“.

Следни предвидени активности за 2020 година се:

- Набавка на опрема: „Набавка на Оперативна табла, хируршко светло, инструменти и апарат за анестезија“,
- Набавка на опрема: „Набавка на Галванска струја, интерферентни струи, диадинамичен (DD CURRENT), терепевтски ултразвук и инфрацрвена светилка“,
- Набавка на опрема: „Набавка на опрема за лапароскопска хирургија“.

ФЛОРИТ – Гевгелија, во рамки на истиот проект дава техничка и стручна помош на ЈЗУ Здравствен дом Валандово.

Од досегашните спроведени активности е реализирана набавка на опрема за реконструкција на котелска постројка, а за 2020 година според предвидените активности предвидена е набавка на специјализирано возило како и опрема за потребите за Здравен дом – Валандово.

**Активност 2.4**

Во согласност со новите околности околу гасификација на регионот и државата, укажуваме на потребата од процес на едукација на потенцијалните корисници (јавни објекти, индустрија, домаќинства) за начинот на користење, придобивки, трошоци околу гасификацијата, и тоа преку изработка на:

1. Студија за начини и можности за приклучување на гасна мрежа,
2. Идентификација на потрошувачи (јавни објекти, индустрија, домаќинства) и утврдување на приоритетни линии на приклучок,
3.Можност за когенеративни постројки поради побрза исплатливост (топлотна и електрична енергија)
4. Прирачници и едукација од типот „Чекори до гасот и како да се користи“.

Ова се активности каде што сме компетентни да дадеме придонес во изработката на истите.

**Активност 3.1**

Во 2019 година, ФЛОРИТ-Гевгелија ги координираше и управуваше сите активности поврзани со ЛАГ Бојмија. Со оглед на релативно слабиот интерес од останатите основачи, но со добрата перспектива која што ја има овој сектор, како ФЛОРИТ-Гевгелија ги превземаме сите неопходни активности кои произлегуваат од превземените обврски. Како резултат на тоа е и одобрената

апликација за реализација на проектот „Интегрирана информативна и туристичка понуда од територијата на ЛАГ Бојмија".

Договорот за финансиска поддршка со Агенцијата за финансиска поддршка на земјоделството и рурален развој е потпишан, а согласно договорот Здружението ЛАГ Бојмија добива 879.085,00 денари, од кои 80.585,00 ќе се искористат за опремување на административните простории на ЛАГ-от во Стојаково, а останатите 798.500,00 денари се наменети за реализација на проектот. Со оглед на тоа што ова е прв проект кој што ќе се реализира за развојот на интегрирана информативна и туристичка понуда, треба да се земе во предвид дека очекувањата одат во насока на што поголема информираност, како на локалните жители, така и на посетителите во регионот за можностите што ги нуди здружувањето на јавниот, приватниот и граѓанскиот сектор со цел поголем развој на регионот.

Главни активности на проектот се поставување на информативни табли на најфрекфентните места на четирите општини кои ја формираат територијата на ЛАГ Бојмија. Информативните табли ќе информираат и ќе го промовираат партнерството помеѓу овие општини на микрорегионално ниво, а ќе ги промовираат и европските вредности прифатени со имплементацијата на ЛЕАДЕР пристапот. Воедно ќе се изработи и андроид апликација, со оглед на тоа што новите текови го наметнуваат овој начин на туристичка промоција како најдобар, најефикасен и најлесно пристапен до корисниците.

**Активност 3.2**

На 21 и 22 Јануари 2020, во организација на Канцеларијата за техничка помош и размена на информации (TAIEX) при Европската комисија, во Гевгелија ќе се одржи Работилница за подготовка и поддршка на националната и локална администрација и потенцијалните Локални акциски групи (ЛАГ) во рамките на ИПАРД. Во соработка со претставниците од Генералниот директорат за земјоделство (ДГ Агри) при Европската комисија, утврдено е учество на 60-70 учесници, од повеќе европски држави. Гевгелија и ЛАГ Бојмија, се домаќини на настанот.

**Активност 3.3**

ФЛОРИТ-Гевгелија заедно со ЛАГ Бојмија изработува проектен концепт и тоа: *„Анализа на воспоставување на Центри за иновација во земјоделството" (Agriculture innovation center) – „Kitchen инкубатори" како нов бизнис модел*".

Проектната идеја/концепт е дел од Стратегијата за развој на рурална средина – Бојмија, Стратешка цел 1: Зголемување на конкурентноста на економијата за регионот; Приоритет 1.2 Развој на земјоделството; Мерка/Проект 1.2.1.Воведување на нови технологии и практики.

Предлог проектната идеја произлегува од почетни анализи кои беа направени при изработка на стратегијата, а како проект беше предложен и прифатен како приоритетен на Собранието на ЛАГ Бојмија на 02.04.2019.

Концептот ќе биде доставен до УСАИД за одобрување на финансирање, во партнерство со Мрежата за рурален развој на Република Северна Македонија

**Активност 3.4**

Соработката со Мрежата за рурален развој ќе биде продолжена и во новата грантова шема за 2020, конкретно со поддршка на Младинските клубови кои се предвидени да се формираат во Миравци и Валандово. Целта на новоформираните Младински клубови од Миравци и Валандово е да допринесат за развој на културните иницијативи, нивна популаризација, вклучување во граѓанскиот сектор во градењето политики на ова поле, негување на културното наследство, поттикнување на процеси за креирање на соодветни политики кои овозможуваат социјален и личен развој на младите и делување во името на интересите на младите со претставување на нивните интереси пред институциите преку ова здружение.

**Активност 3.5**

ФЛОРИТ-Гевгелија во 2019 година ќе продолжи со практиката за опслужување на сите партнерски организации кои делуваат во регионот, како што се „Центарот за развој на југоисточниот плански регион", како и проектните канцеларии на меѓународните донаторски организации на УНДП, ОРФ (како дел од ГИЗ) и УСАИД.

**Активност 3.6**

Фондацијата за локален развој и развој на информатички технологии и во 2020 година ќе ја продолжи започнатата соработка со граѓански организации од земјава и соседните држави, како и со државни агенции и јавни иницијативи. Членски сме на IPA2CSO механизмот, а сме активни во неколку сектори од вкупно 7-те, (1) Демократија и владеење, (2) Владеење на правото и фундаментални права, (3) Животна средина (4) Транспорт /Енергија , (5) Конкурентност и иновации, (6) Социјален развој и (7) Земјоделство и рурален развој; со кој се поддржува партиципативната демократија преку соработка на државните органи со граѓанските организации. Соработката продолжува и со Југоисточниот плански регион, со оглед на тоа што сме и нивни претставници во мониторинг комитетот за спроведување на програмите од прекуграничната соработка помеѓу Грција и Македонија. Фондацијата има превземено обврски и активна соработка со партнерските мрежи во кои што учествува, тука пред се, се мисли на Мрежата за рурален развој и на Здруженијата на граѓани кои работат на полето на животна средина и одржлив развој.

**II. Финансирање на работата на Фондацијата за локален развој и развој на информатичка технологија**

Во прилог е потребниот буџет за реализација на активностите, кој што претставува и учество на Фондацијата при изработка и имплементација на проекти.

| ***Буџет на Фондација за локален развој и развој на ИТ Гевгелија*** | **2020** | | |
|---|---|---|---|
| **Трошоци (во денари)** | **Вкупно месеци** | **По месец** | **Вкупно** |
| **1. Човечки ресурси** | | | |
| **1.1 Плати и надоместоци** | | | |
| 1.1.1. Администрација – Фондација | 12 | 130 500 | 1 566 000 |
| **1.2 Надградување на човечките ресурси** | | | |
| 1.2.1 Учество на инфо денови / конференции | 12 | 3000 | 36 000 |
| 1.2.2 Тренинг/ обуки | 12 | 2000 | 24 000 |
| ***Вкупно човечки ресурси*** | | | **1 626 000** |
| | | | |
| **2. Патувања** | | | |
| **2.1 Меѓународни патувања** | | | |
| 2.1.1. Студиски патувања ( конференции и семинари ) | 12 | 2000 | 24 000 |
| 2.1.2. Патни трошоци | 12 | 4500 | 54 000 |
| ***Вкупно за патувања*** | | | **78 000** |
| | | | |
| **3.Локални трошоци за канцеларија** | | | |
| **3.1. Трошоци за канцеларија** | | | |
| 3.1.1. Изнајмување на простор | | | |
| 3.1.2 Електрична енергија | | | |
| 3.1.3. Греење | | | |
| 3.1.4. Вода и ѓубрарина | 12 | 1500 | 18 000 |
| 3.1.5. Пошта, телефон и интернет | 12 | 1000 | 12 000 |
| 3.1.6. Поправка и одржување на ИТ опрема | 12 | 0 | 0 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 3.2. Потрошен материјал | | | |
| 3.2.1. Канцелариски набавки ( хигиенски средства ) | 12 | 1000 | 12 000 |
| 3.2.2. Канцелариски материјал | 12 | 500 | 6 000 |
| 3.2.3 Одржување и чистење на просториите | 12 | 2000 | 24 000 |
| ***Вкупно трошоци за канцеларија*** | | | |
| | | | **72 000** |
| **4. Други трошоци , услуги** | | | |
| 4.1. Публикации ( web страна, одржување и хостинг) | 12 | 1000 | 12 000 |
| 4.2. Финансиски трансакции, данок | 12 | 1000 | 12 000 |
| 4.3. Сметководствени услуги | 12 | 6500 | 78 000 |
| 4.4. Евалуациони трошоци | 1 | 22 000 | 22 000 |
| 4.5. Трошоци за пререгистрација и нотарски услуги | | | |
| 4.6. Непредвидени трошоци | | | |
| | | | |
| ***Вкупно други трошоци*** | | | |
| | | | **124 000** |
| | | | |
| **Вкупно трошоци** | | | |
| | | | **1 900 000** |

Бр.09-2218/1
27.12.2019 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
***Тодор Ристов с.р.***

---

Врз основа на член 36 став (1) точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" бр.05/02 год.), Советот на Општина Гевгелија на седницата одржана на 27.12.2019 година, донесе

**П Р О Г Р А М А**
**За комуникација и транспарентност**
**во општина Гевгелија во 2020 година**

## ВОВЕД

Комуницирањето со јавноста претставува суштински елемент во функционирањето и управувањето на секоја отворена и отчетна локална власт. Постојаната двонасочна комуникација со граѓаните, бизнис заедницата, медиумите, невладините организации и другите засегнати јавности е присутна во секојдневното работење на општина Гевгелија. Ваквата цел ќе се остварува преку навремено, секојдневно и отворено информирање на граѓаните за работата на општината и нивно активно учество во процесот на креирање политики и нивно спроведување. Но, и преку целосна транспарентност на општината и отвореност кон граѓаните.

Процесот на демократизација одамна ја наметна основната потреба од редовно и навремено информирање на граѓаните и на сите идентификувани групи од интерес на општината, за работата на Градоначалникот и Советот на општина Гевгелија, како и за општинската администрација и сервисот на услуги кои ги нуди. Добрата и навремена информираност на граѓаните за работата на Општината и нејзините услуги ќе придонесат кон зајакнување на комуникацијата помеѓу Општината и граѓаните, но и преку поголемо учество од страна на граѓаните во донесувањето на одлуките од страна на надлежните општински органи.

## ЦЕЛИ НА ПРОГРАМАТА ЗА КОМУНИКАЦИЈА

**Општа цел:**

Да се оддржува редовната и навремена комуникација со јавноста, да се обезбеди целосна транспарентност и да се зајакнат капацитетите во општината за извршување на годишниот план за комуникација и транспарентност.

Континуирано работење врз подобрувањето на потенцијалите на човечките ресурси и техничките капацитети на општината, кои се неопходни за остварување на комуникацијата со јавностите.

**Специфични цели:**

-Зголемено ниво на информирање на сите целни групи и нивно подобро запознавање со работата и резултатите од работата на општината;
-Подобрување на квалитетот на општинските комуникациски капацитети;
-Доследна примена на Прирачникот за квалитет на услугите како предуслов за примена на ISO 9001:2008 и 9001:2015 стандардите;
-Поголема вклученост на граѓаните во активностите од заеднички интерес и во процесот на донесување одлуки;
-Подобрување на системот на внатрешна комуникација и информираност на вработените;
-Проширување на капацитетот и техничко опремување на сите месни и урбани заедници заради обезбедување на поголема комуникација со општината;

## ПРИНЦИПИ НА КОМУНИКАЦИЈА

Во процесот на спроведување на Програмата за комуникација и транспарентност, општина Гевгелија ќе се придржува кон следниве принципи на комуникација:
-Комуникацијата ќе биде составен дел од сите активности на општината;
-Процесот на комуникација ќе биде јасен и разбирлив;
-Комуникацијата ќе биде навремена, отворена и чесна;
-Работењето на општината – органите на локалната самоуправа и на општинската администрација ќе биде целосно транспарентно;
-Информациите ќе бидат достапни до сите;
-Комуникацијата ќе биде двонасочна меѓу општината и сите целни групи;

## ЦЕЛНИ ГРУПИ

**- Граѓаните на општина Гевгелија**

Општината редовно ќе ги информира граѓаните за своите активности со цел да ја зголемува транспарентноста за својата работа, но и да ги поттикне граѓаните за поголема вклученост во нејзината работа во сегментите каде тоа се очекува од нив;

**- Урбани и месни заедници**

Зајакнување на капацитетот на месните и урбаните заедници, техничко опремување и воведување на електронски систем на услуги;

**- Медиуми** (локални и национални)

Општината ќе се залага за активна транпарентност преку медиумите, со тоа што постојано ќе пласира информации од секојдневните активности и случувања во општина Гевгелија, со цел граѓаните од општината и од Република Македонија да имаат редовен прилив на информации;

**- Бизнис заедница**

Општината ќе одржува постојан контакт и ќе ја информира бизнис заедницата за своите активности и програми со цел да иницира активна поддршка, партиципација и јавно-приватно партнерство за унапредување на локалниот економски развој;

**- Потенцијални инвеститори**

Општината редовно ќе ги информира потенцијалните инвеститори за своите активности, проекти и можности за вложување со цел да привлече капитал за реализицијата на проекти и да придонесе за локален еконосмки развој;

**- НВО сектор**

Општината ќе ги комуницира и информира невладините огранизации за своите активности и програми со цел да иницира активна поддршка, партиципација и заеднички проекти од интерес за развојот на општината;

**- Општинска администрација**

Општината ќе ги унапредува формите на внатрешна комуникација меѓу вработените за засилувањето на нивната улога во застапување и прокламирање на интересите на општината;

**-Збратимени градови**

Општината ќе одржува постојана комуникација со градовите со кои има потпишано повелба за збратимување со цел запознавање на јавноста на тие градови со можностите за инвестирање во општина Гевгелија, како и заедничко учество во европските проекти за прекуграничната соработка и други меѓународни програми.

**- Донатори**

Општината редовно ќе ги информира меѓународните организации и донатори за своите активности, реализирани проекти и потреби со цел да стимулира поддршка за следни активности и потреби;

**- Маргинализирани групи**

Општината преку различни форми ќе одржува комуникација со ранливите категории граѓани, како што се децата со посебни потреби, социјално загрозените лица и други социјални групи за подобрување на нивниот статус, услови за живеење и остварување на основните човекови права.

**-Земјоделци**

Иако, единиците на локалната самоуправа немаат директна надлежност во земјоделието, Општина Гевгелија ќе наоѓа начини за одржување комуникација и стимулирарање на земјоделското прозиводство.

**-Млади**

Младите како носители на идниот развој на општината, ќе бидат вклучени во работата на општината преку разни форми и програми за афирмација на нивното творештво, а истовремено преку редовна комуникација со Агенцијата за вработување ќе се поддржуваат и афирмираат програмите и проектите за вработување на младите;

**- Туристички организации**

Туризмот како еден од правците за развој на Општина Гевгелија налага потреба за редовна комуникација со турстичките субјекти за збогатување на туристичката понуди на локално ниво, воспоставување поголема комуникација

со општинската туристичка организација и мапирање на општина Гевгелија на европската туристичка карта;

## АЛАТКИ И НАЧИНИ НА КОМУНИКАЦИЈА

Општина Гевгелија ќе ги користи следните алатки и начини за комуникација:

**- Е- пошта**

Преку официјалните е-меил адреси на општината на граѓаните им е овозможена редовна комуникација со општинските органи и администрација и дадена можност со свои предлози и сугестии да учествуваат во донесувањето на одлуки во општината.

**- Месечен весник**

„Гевгелиски Магазин", излегува еднаш во месецот и информира за активностите на општината и актуелните настани и теми во општина Гевгелија.

**- Е-билтен**

Се подготвува и издава секојдневно, а известува за активностите на и во локалната самоуправа.

**- WEB страница**

-Редовно се ажурира, со можност за интерактивна комуникација со граѓаните по проблемски прашања, но и за испитување на јавното мислење.

**- Прес конференции**

Се организираат по потреба, кога градоначалникот, претседателот на Советот на општината, лицето одговорно за комуникација со јавноста на Општината или раководителите на секторот/одделенијата имаат да соопштат одредена информација до јавноста или по повод оддржувањето на традиционалните манифестации.

**- Изјави за медиумите**

Една од најчесто користените алатки за комуникација со граѓаните преку медиумите. Изјавите се даваат кога општината има активности од различни области и по барање на медиумите, кога обработуваат теми за локалната самоуправа.

**- Соопштенија за јавноста**

Известувања до граѓаните преку кои се пренесуваат кратки писмени информации со различна содржина, од делокругот на работењето на општината.

**- Интервјуа**

Периодично гостување на градоначалникот на општината на локалните и националните медиуми заради информирање на граѓаните со значајни прашања и теми од работењето на локалната самоуправа.

**- Брифинзи за новинарите**

Се организираат редовни средби со новинартите за запознавање со реализацијата на одделни капитални проекти и активности;

**Огласи**

На локалните и националните медиуми се емитуваат огласи поврзани со јавните набавки, лицитации на земјиште и други активности на општината врз основа на тендерски постапки или договори за соработка;

**- ТВ пренос од седниците на Советот на општината и јавните презентации на Систем 48**

Седниците на Советот на општината, како и јавните презентации на Систем 48, директно или одложно се емитуваат преку електронските медиуми;

**- Публикации**

Се изработуваат по одредени тематски содржини, кои помагаат во профилирањето и промовирањето на општината во пошироката јавност;

**- Флаери/брошури**

-Се изработуваат по потреба, тематски, за промовирање на Општината за туристички, културни, стопански и други цели. Исто така, се изработуваат за потребите на медиумски кампањи сврзани со одредени акции (за поефикасна наплата на општинските даноци, за Системот 48, за легализација на дивоградбите, за евиденција на дивоградби и сл.)

**-Анкети**

Се организираат двапати годишно заради мерење на квалитетот на услугите и задоволството на граѓаните од нив;

**-Настани/Средби**

Се организираат за комуникација со специфични целни групи (бизнис заедница, невладини организации, невработени, деца со посебни потреби, социјални групи, млади);

-**Огласна табла**

На огласната табла се објавуваат огласи и соопштенија наменети за граѓаните, како и за вработените во општинската администрација.

## КРИЗНА КОМУНИКАЦИЈА

Кога редовната комуникација е оневозможена од какви и да е причини и се создаваат вонредни услови, настапува комуникација во услови на криза.

Ваквата настаната состојба ја проценува градоначалникот, кој во услови на кризна ситуација ја координира комуникацијата со јавноста.

Комуникацијата во кризна состојба се спроведува согласно законски донесените акти за дејствување во настанатата состојба.

## РЕСУРСИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА

За реализација на програмата ќе се користат сите расположливи ресурси во општина Гевгелија.

Заради редовно информирање и унапредување на комуникацијата потребно е да се алоцираат и дополнителни ресурси чиј приказ е даден во продолжение:

| | Активност | Трошоци/денар |
|---|---|---|
| 1 | Пренос на седници на Советот, ТВ емисии и реклами | 850.000 |
| 2 | Набавка на дневни и неделни весници, списанија, електронски изданија | 160.000 |
| 3 | Печатење на „Гевгелиски магазин“, печатење и издавање на публикации | 210.000 |
| 4 | Реиздавање на монографијата „Гевгелија 130 години град“ | 220.000 |
| 5 | Огласи, објави, закуп на печатен и електронски простор | 550.000 |
| | **Вкупно** | **1.990.000** |

**СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА**

Програмата ќе ја спроведува општинската администрација во координација со надлежните раководители на одделенија и државни службеници, а под раководство на градоначалникот на општината.

**МОНИТОРИНГ, ЕВАЛУАЦИЈА И АЖУРИРАЊЕ**

Остварувањето на програмата ќе се следи секојдневно, како што се спроведуваат планираните активности.

Оценувањето на спроведувањето ќе се прави редовно, најмалку еднаш месечно.

Ќе се спроведува квалитативно и квантитативно мерење на резултатите, според индикаторите од планот за спроведување на активностите.

По потреба, програмата ќе се ажурира, а во насока на подобру вање на нејзиното остварување.

Бр.09-2219/1
27.12.2019 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
*Тодор Ристов с.р.*

---

Врз основа на член 38 став (1) точка 13 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06, 08/10 и 18/14 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана 27.12.2019 година, донесе

**П Р О Г Р А М А**
**За одржување на јавното осветлување во Општина Гевгелија за 2020 година**

**I.Општи одредби**

Програмата се изготвува со цел да се утврдат активностите за функционирање на јавното осветлување на подрачјето на општина Гевгелија во 2020 година, како и потребните финансиски средства за спроведување на истата.

1.Функционирањето на јавното осветлување опфаќа:
- потрошувачка на електрична енергија;
- материјали за одржување на јавно осветлување;
- финансиски средства

2. На јавното осветлување се врши редовно одржување кое опфаќа:
-замена на прегорени и искршени светилки со поставување на Натриумови, економик и лед светилки,
-замена на заштитни стакла и нивно чистење;
-замена на други елементи на сијалично место;
-подесување на уредите кои служат за автоматско палење и гаснење на електричните светилки (ден/ноќ), кои се оштетени ,
-ослободување на светлосните тела од вегетација ;
-проширување на уличната мрежа со поставување на нови улични светилки ;

**II.Одржување на јавното осветлување**

За одржување на јавното осветлување се вршат контроли два пати неделно , а редовно во централните подрачја на населени места во општината, крстосниците, пешачките премини, улиците во близина на болницата, училишта, детски градинки и други улици, кои се во близина на објекти од витално значење и со поголема фрекцвенција.

1. Степенот на уреденост на населените места со јавното осветлување по број и вид на светилки е следниот:

| Населено место | Вкупно |
|---|---|
| **Гевгелија** | |
| натриумова сијалица 70 W | 730 |
| натриумова сијалица 110 W | 650 |
| натриумова сијалица 250 W | 201 |
| сијалица економик 25-40 W | 435 |
| живина сијалица 125 W | 202 |
| живина сијалица 250 W | 16 |
| лед арматури 70Њ-100 W | 20 |
| лед рефлектори 100 W | 17 |
| **Гевгелија вкупно:** | **2271** |
| **Негорци** | |
| натриумова сијалица 70 W | 102 |
| натриумова сијалица 110 W | 58 |
| живини сијалици 125 W | 47 |
| живини сијалици 250 W | 5 |
| економик сијалица 25-40 W | 37 |
| натриумова сијалица 250 W | 3 |
| **Негорци вкупно:** | **252** |
| **Богородица** | |
| натриумова сијалица 70 W | 90 |
| натриумова сијалица 110 W | 34 |
| живини сијалици 125 W | 36 |
| живини сијалици 250 W | 4 |
| **Богородица вкупно:** | **164** |
| **Мрзенци** | |
| натриумова сијалица 70 W | 55 |
| натриумова сијалица 110 W | 24 |
| живини сијалици 125 W | 12 |
| Лед рефлектор 100 W | 2 |
| **Мрзенци вкупно:** | **93** |
| **Прдејци** | |
| натриумова сијалица 70 W | 46 |
| натриумова сијалица 110 W | 25 |
| живини сијалици 125 W | 11 |
| економик сијалица 25-40 W | 4 |
| **Прдејци вкупно:** | **86** |
| **Моин** | |
| натриумова сијалица 70 W | 33 |

| | |
|---|---|
| натриумова сијалица 110 W<br>живини сијалици 125 W | 29<br>11 |
| **Моин вкупно** | **73** |
| **Ново Конско**<br>натриумова сијалица 70 W<br>натриумова сијалица 110 W<br>живини сијалици 125 W<br>економик сијалица 25-40 W | <br>24<br>6<br>15<br>4 |
| **Ново Конско вкупно:** | **49** |
| **Кованец**<br>натриумова сијалица 70 W<br>натриумова сијалица 110 W<br>живини сијалици 125 W | <br>10<br>11<br>5 |
| **Кованец вкупно:** | **26** |
| **Серменин**<br>натриумова сијалица 70 W<br>натриумова сијалица 110 W<br>живини сијалици 125 W | <br>8<br>6<br>3 |
| **Серменин вкупно:** | **17** |
***Тодор Ристов с.р.***

---

Врз основа на член 36 став (1) точка 6 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 год.), а во врска со член 116 став (1) алинеа 3 од Законот за заштита на децата ("Службен весник на РМ" бр.23/13,12/14, 44/14, 144/14....198/18 год. и "Службен весник на РСМ" бр.104/19, 146/19 и 275/19 год.), и член 38 став (1) точка 29 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06, 08/10 и 18/14 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на ден 27.12.2019 година, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**За усвојување на финансов план на ЈОУДГ "Детска радост"- Гевгелија за 2020 година**

1.Се усвојува финансовиот план-буџет на Јавната општинска установа за деца Детска градинка "Детска радост"-Гевгелија за 2020 година, усвоен и предложен од Управниот одбор на оваа јавна установа со Одлука бр.02-298/2 од 03.12.2019 година.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.09-2230/1
27.12.2019 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
***Тодор Ристов с.р.***

---

Врз основа на член 38 став (1) точка 13 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06, 08/10 и 18/14 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 27.12.2019 година, донесе

# ПРОГРАМА

## со Програмски буџет на Локалната комисија за борба против трговијата со луѓе и илегалната миграција за 2020 година Гевгелија

Локалната комисија за борба против трговија со луѓе и илегална миграција е формирана во март 2016 година и веќе три години функционира во составот на општината со помош на Советот на општината, владините и невладините институции и истата постојано ги јакне капацитетите со цел:

- следење и анализа на состојбите со трговијата со луѓе и илегалната миграција на територијата на РМ, а посебно на општина Гевгелија, соседните општини и јужната граница ,

- координирање на активностите помеѓу надлежните институции ,како и спроведување на мерки и активности потребни за имплементирање на Националната стратегија и Национален акциски план за борба против трговијата со луге и илегалната миграција,

-преку креирање на Локален акциски план, покренување на иницијативи до Советите на општините за креирање програми за превенција и заштита на жртвите на трговијата со луѓе и спроведување на националната политика за борба против ТЛ, и

-учество и придонес во кампањи насочени за подигање на јавната свест на локалното население во насока на препознавање, насочување, упатување, и спречување на трговијата со луѓе.

-постојана обука и интензивирање на соработката со мобилните тимови во градовите Скопје, Куманово,Тетово, Гевгелија и Битола како и соработка со Националната единица за сузбивање на кримчарење на мигранти и трговија со луѓе при МВР.

За остварување на наведените цели, Локалната комисија го изготви овој Локален акциски план со планирана динамика на активностите, вклучените субјекти надлежни за успешна реализација, како и со планиран буџет за овие цели.

**ПЕРИОД НА РЕАЛИЗАЦИЈА**
**2020 година**

| ПЕРИОД за реализација | АКТИВНОСТ | ИНСТИТУЦИЈА | СТАТУС НА РЕАЛИЗАЦИЈА | Буџет |
|---|---|---|---|---|
| НОЕМВРИ /ДЕКЕМВРИ 2019 | 1.Изготвување на годишен план и предлог буџет за 2019 г.на ЛК за борба против ТЛ и ИМ и доставување до Совет на општина Гевгелија за усвојување | ЛК | Да се достават до Советот на општина Гевгелија за усвојување, а потоа и до Националната комисија за борба против ТЛ и ИМ за информирање | |
| ЈАНУАРИ -МАРТ | 1. Изготвување и доставување до Советот за усвојување на годишниот извештај за работата на ЛК во 2019 година;<br>2.Проширување на бројот на членовите /претставници во ЛК со учество на повеќе НВО кои работат на оваа тема, како и од други институции на локално ниво.<br>3. Оддржување состаноци и предавања со директорите и класни раководители на основните и средните училишта во општина Гевгелија за реализација на проекти на тема ТЛ и ИМ со помош на ЛК,<br>4.Обезбедување податоци од институциите за 2019 година во врска со проблематиката за ТЛ и | ЛК | Анализа на прибраните подтоци и носење заклучоци | 2000 ден. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | ИМ, со цел детектирање на ризични групи кон кои посебно треба да биде насочена работата на ЛК за борба против ТЛ и ИМ, како и состојбата со миграциските текови . | | | |
| АПРИЛ-ЈУНИ | 1 .Претставување на работата на ЛК преку локалните медиуми<br>2. Средби со класните раководители и советот на родители од училиштата во општината за нивно вклучување и придонес за информирање на учениците за појавата ТЛ и ИМ и мерки за превенција<br>-Предавање на тема ТЛ и ИМ на наставничкиот кадар и на учениците по школите<br><br>3. Анализа на полугодишни податоци за бројот на мигранти кои се спречени илегално да влезат и транзитираат низ територијата на РМ во двата правца (југ-север и север-југ)<br>2.Утврдување на ризичните категории лица на локално ниво<br>4.Спроведување анкети меѓу младите во општина Гевгелија<br>5. Објава на колумна изготвена од ЛК во општинскиот весник Гевгелиски магазин, на тема “Форми на илегалната миграција“ и разлики меѓу ИМ и ТЛ | ЛК<br>Сите институции кои имаат претставници во ЛК<br>Медиуми | Соработка со институциите<br>Изготвување прашалници<br>Изготвување текст за објавување<br>Соработка со училиштата во општина Гевгелија<br>Соработка со општина Гевгелија заради објавување колумни во весникот Гевгелиски магазин на тема ТЛ и ИМ<br>Подготовка на конкретна тема која ќе се реализира на медиумите<br>Соработка со:<br>-медиумите,<br>- со НВО од општина Гевгелија<br>-со школите од општина Гевгелија | 23.500ден. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | 6.Конкурс за најдобра колумна , на тема ТЛ, изготвена од учениците во средното училиште во општината и објава на истата во општинскиот<br>весник Гевгелиски магазин<br>7.Реализирање на емисија на локалните медиуми на тема “Превенција од ТЛ и ИМ “<br>8.Изготвување и делење на флаери , плакати и информативни брошури на граѓани, во школите, во руралните средини, како и на други места погодни за таа намена од страна на ученици од училиштата вклучени во проекти од оваа тема и претставници на НВО;<br>9.Соработка со обучувачи и експерти од оваа област за реализација на проекти од ЛК | | | |
| ЈУЛИ-СЕПТЕМВРИ | 1.Организирање активности/настани/трибини /медиумски кампањи за одбележување на:<br>-30 Јули, Светски ден против трговијата со луѓе<br><br>Изготвување на полугодишен извештај за преземените активности согласно ЛАП и истиот да се достави на разгледување до | ЛК<br>Медиуми<br>НВО<br>ПТЦ Винојуг<br>“Гевгелија | Поради летните одмори и распуст на учениците соработката на ЛК за реализација на активностите ќе биде насочена со медиумите и со НВО од општина Гевгелија<br>Како настан ќе одбележиме посета на<br>мигрантите во ПТЦ (да прерасне во традиција | 20.000 ден. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | Националната комисија, и сподели со другите ЛК<br>Обуки со класни раководители и деца<br>Обуки со вработени од локалната полиција, ЦСР и со вработени во Општа болница Гевгелија- психолошко педагошка служба и превентивна здраствена заштита за рано препознавање на потенцијални жртви на ТЛ | | Соработка со училиштата , како и со сите владини и невладини<br>Соработка со сите вклучени во спроведувањето на овие активности и реализирање на еднодневни обуки<br>Подготовка на материјал за обуки, текстови, флаери ЦД | |
| ОКТОМВРИ-ДЕКЕМВРИ | Организирање активности/настани/медиумски кампањи за одбележување на:<br>**-18 Октомври - Европскиот ден за борба против трговија со луѓе** ТЛ со оддржување трибини, медиумско покривање, со прикажување краток филм на оваа тема и сл.<br>-Покана на НК да присуствува на трибина и воедно посета на ПТЦ за мигранти "Винојуг" во Гевгелија<br>1.Организирање активности /настани/ медиумски кампањи за одбележување на:<br>2-9 Декември, Неделата за борба против трговија со луѓе и илегална миграција со вклучување<br>2.Соработка и реализација со погранични општини од Грција, Бугарија на тема ИМ и | | Соработка со медиуми за учество во емисија, за објава на колумна во општински весник , соработка со училиштата за прикажување истовремено краткометражен филм на тема ТЛ и ИМ, соработка со НВО и одржување трибини и сл. | 25.000ден. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | потенцијални жртви на ТЛ при миграциските движења низ засегнатите погранични општини, со цел заштита на локалното население и детектирање штета или корист на општините од миграциските движења.<br><br>3.Организирање работилница и средба со НВО од локално ниво и НВО и меѓународните организации кои партиципираат во ПТЦ Винојуг Гевгелија, со цел размена на податоци, искуства и едукација во насока на оваа тема.<br>4.Евалуација на постигнатото /реализираното од ГП (годишната програма)<br><br>5.Изготвување план за спроведувањето на Годишниот оперативен план за наредната година и доставување до НК и Советот на општина Гевгелија<br>Присуство на обуки организирани од НК во текот на годината, како и присуство на членови на ЛК на обуки за изготвување на проекти со кои ќе се аплицира за добивање финансиски средства за реализација на проектите.<br>Присуство на обуки, трибини и работилници од страна на НВО, владини и меѓународни | | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | организации во текот на цела година<br>Постојано присуство во ПТЦ (Привремен транзитен центарт Винојуг Гевгелија на членот од мобилниот тим заради мониторинг на миграциските движења и идентификување потенцијални жртви на ТЛ, или кои можат да бидат криумчарени, како и разговор со веќе криумчарени лица. | | | |
| Вкупно Буџет за реализација на активностите | | | | 70.500ден. |

Бр.09-2231/1
27.12.2019 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
***Тодор Ристов с.р.***

Врз основа на член 36 став (1) точка 15 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 год.), член 14 став (1) и став (2) од Законот за еднакви можности на мажите и жените ("Службен весник на РМ" бр.6/12 год.) и член 43 став (1) точка 43 од Статутот на Општина Гевгелија ("Службен гласник на РМ" бр. 25/06, 08/10 и 18/14 год.) Советот на Општина Гевгелија на седница, одржана на ден 27.12.2019 година, донесе:

# ПРОГРАМА
## во областа на еднаквите можности на жените и мажите во општина Гевгелија за 2020 година

### I. Вовед

Демографски податоци на Општина Гевгелија

Според официјално објавените податоци, бројот на жители во општина Гевгелија изнесува 22.988, кои живеат на површина од 485 км2, што значи густина од 47 жители на км2, а тоа е значително помалку од густината на населеност во Република Македонија.

Демографската структура на населението од опшина Гевгелија според пол:

| **Гевгелија** | Попис 1984 | Попис 2002 | Прираст (реален) | Прираст (во %) |
|---|---|---|---|---|
| Мажи | 11112 | 11420 | 308 | 2.77 |
| Жени | 11155 | 11568 | 413 | 3.70 |
| **Вкупно** | **22267** | **22988** | **721** | **3.23** |

Демографската структура на населението од опшина Гевгелија според национална припадност:

**Структура на население според национална припадност**

| Етнички групи | % | Население |
|---|---|---|
| Македонци | 96,77 | 22,320 |
| Албанци | 0,03 | 8 |
| Бошњаци | 0,02 | 5 |
| Роми | 0,08 | 18 |
| Срби | 1,61 | 372 |
| Турци | 0,15 | 34 |
| Власи | 0,93 | 214 |
| Останати | 0,41 | 93 |

Појдовна основа на Локалниот оперативен план за унапредување на родовата еднаквост во општина Гевгелија.

Основите во функционирањето на политиката за поттикнување, развивање и јакнење на родовата рамноправност во Општина Гевгелија се поставени со Локалниот акционен план за родова рамноправност за период 2018-2022 година донесен од страна на Советот на Општина Гевгелија.

Врз основа на член 2 од Законот за еднакви можности на жените и мажите, Општина Гевгелија има обврска за воспоставување на еднаквите можности на жените и мажите во политичката, економската, социјалната, образовната, културната, здравствената, граѓанската и било која област од општествениот живот. За остварување на оваа цел, општината, согласно одредбите од член 14 од овој закон, а заради суштинска имплементација на целите, покрај другото, должна е да изработи годишен план во кој ќе бидат утврдени мерките за унапредување на еднаквите можности на жените и мажите.

Локалната власт може преку своите надлежности и преку координација со многубројни локални фактори, да превзема конкретни акции во корист на половата

еднаквост, намалување на нееднаквостите и промовирање и градење на реална локална заедница и општество во кои, еднаквоста ќе биде пракса.

Ваквите нееднаквости се јавуваат како резултат на размислувањата, ставовите и убедувањата наметнати поради бројни стереотипи присутни во рамките на семејството, образованието, културата, медиумите, работната средина, организацијата на општеството итн. Има толку многу области во кои може да се делува со востановување на нов пристап и правење на структурни промени.

Основните области, кон кои треба да бидат насочени активностите и да се интензивира работата во 2020 година, за воведување и подигнување на нивото на родова рамноправност се:

- ✓ Промоција на човекови права и принципи на недискриминација,
- ✓ Зајакнување и вклучување на жената во одлучувачките процеси во заедницата
- ✓ Информирање и подигање на свеста за грижа на жената за сопственото здравје,
- ✓ Информираност за видовите и последиците од семејно насилство,
- ✓ Јакнење на капацитетите на општинската администрација за воведување на родов пристап во програмирањето (едукација на носителите на активностите) и
- ✓ Воведување на родово одговорно буџетирање.

## II. Цели што треба да се постигнат со имплементирање на оваа програма

Основни цели на активностите на Општина Гевгелија во областа на родовата еднаквост предвидени со оваа Програма се:

- ✓ промоција на родовата еднаквост како суштинска вредност на општината како локална заедница, (преку спроведување на информативни кампањи и манифестации, информирање на жените за услугите и можностите кои ги нуди Општина Гевгелија и преку редовна публикација на активности и материјали за родова рамноправност), зајакнување на институционалните капацитети на општина Гевгелија за вклучување на родов пристап во програмирањето и буџетирањето, (преку обуки на КЕМ и општинската администрација), развивање на интерни принципи, норми, постапки и механизми за координирано дејствување;
- ✓ зајакнување на свеста на жените и мажите за континуирана грижа и заштита на сопственото здравје. Постои потреба од поголема информираност за подобрување на здравствената заштита, поголема едукација за малигните заболувања на репродуктивните органи, за болестите кои се својствени на современите услови на живеење;
- ✓ унапредување на заштита од насилство врз жени;
- ✓ унапредување на механизмите за учество на жените во процесот на носење на одлуки во заедницата со посебен акцент на вклучување на маргинализираните жени;
- ✓ поттикнување на можностите за економско јакнење на жените преку информирање за правата од работен однос и можностите за економска самостојност преку започнување со сопствен бизнис ;
- ✓ подигање на свеста кај населението за придобивките од здрава животна средина.

**Активности**

За остварување на целите на програмата во 2020 година, Општина Гевгелија ќе ги спроведе следните активности.

**Цел 1**

**Зајакнување на институционалните капацитети на општината и КЕМ за вклучување на родов пристап во програмирањето и буџетирањето**

**Мерки:**

Обука на Комисијата за еднакви можности на жените и мажите и интерсекторската група за родово одговорно буџетирање за интеграција на родов пристап во програмите и буџетот на општината и обука на адмнистрацијата за родова анализа на програми и буџети.

Целта на оваа активност е да се зголеми свесноста и разбирањето на претставниците на општинската администрација за потребата и начините за вклучување на родова перспектива во процесот на планирање на програмите и проектите од областите кои спаѓаат во нивниот делокруг на работа.

Потребни услови за спроведување на обуката се:

- ✓ подготвена програма и методологија за родова анализа на програмите и буџетите,
- ✓ подготвени базични помошни алатки за практична примена на стекнатите знаења и
- ✓ обезбедени услови за одржување на обуката.

Ќе се спроведе специјализирана обука за членовите на Комисијата и интерсекторската група со цел да се зајакнат нивните знаења и вештини за остварување на специфичните обврски од нивната надлежност. Обуката треба да се фокусира на процесите на планирање и одлучување во врска со интеграција на родовиот пристап во програмите и буџетот на општината преку примена на листи за проверка дали програмата е основана на родова анализа и има интегрирано родов пристап како и дали се издвоени соодветни средства за нејзина реализација што ќе овозможи подеднакво распределување и корист од јавните ресурси за мажите и жените во општината.

Неопходни услови за спроведување на обуката се:

- ✓ подготвена програма и методологија за обука,
- ✓ подготвени листи за проверка за воведен родов пристап во буџет и програми на општината,
- ✓ обезбедени услови за одржување на обуката.

**Цел 2**

**Зајакнување на свеста на жените и мажите за континуирана грижа и заштита на сопственото здравје**

**Мерки:**

Подигнување на свеста за поголема и континуирана грижа за репродуктивнато здравје.

Со цел да се подигне свеста кај жените за редовни гинеколошки прегледи, скриниг за рак на дојка, и сл. Во соработка со невладини организации ќе се спроведуваат активности за подгигнување на свеста за негата на детето од најмалата возраст до тинејџерски години, а во соработка со матичните лекари и здравствените домови на подрачјето на општината ќе се организираат трибини, работилници и информативна кампања за редовни прегледи со цел рано откривање и превенција од малигни и други заболувања.

Подигнување на свеста за грижа за здравјето кај мажите.

Со цел да се подигне свеста кај мажите за редовни уролошки прегледи, скрининг за рак на тестиси и сл. во соработка со невладини организации ќе се спроведуваат активности за подигнување на свеста за негата и одржувањето на личното здравје.

**Цел 3**

**Унапредување на превенција и заштита од насилство врз жени**

**Мерки**:

Со цел унапредување на знаењето, но и препознавање на сите форми на семејно насилство, како и достапните мерки и механизми за превенција од, и заштита од семејно насилство, ќе се спроведат активности за едукација за семејно насилство преку

организирање на трибини во Општина Гевгелија и месните заедници во соработка со Граѓанските организации. Во овие рамки освен едукативни трибини ќе бидат организирани дебати, советувања (презентација на опции и регулативи на граѓаните во однос на наведените теми и превентивни мерки за истите).

Со цел обезбедување на механизми за справување со последиците од семејното насилство и општествена реинтеграција на жртвите од семејно насилство, општината во соработка со невладините организации и други заедници ќе поддржува и помага функционирање на терапевтска заедница која ќе дава психо-социјална поддршка на жртвите на семејно насилство.

**Цел 4**

**Унапредување на механизмите за рамноправно учество на обата пола во процесот на носење на одлуки во заедницата**

**Мерки**:

Со цел унапредување на механизмите за рамноправно учество на обата пола во процесот на носење на одлуки во заедницата, Комисијата за еднакви можности ќе ги распространи протоколите и листите за проверка за вклучување во одлучувањето на локално ниво од аспект на рамномерна застапеност на обата пола.

Со цел унапредување на механизмите за рамноправно учество на обата пола во процесот на носење на одлуки во заедницата ќе се организира јавна расправа, трибини и дискусии на тема од областа на креирање на политики и мерки за поттикнување на пракса на рамноправна застапеност на мажите и жените на раководни позиции во јавни и приватни претпријатија.

**Цел 5**

**Поттикнување на можностите за економско јакнење на жените преку информирање за правата од работен однос и можностите за економска самостојност преку започнување со сопствен бизнис**

**Мерки**

Со цел унапредување на можностите за економско јакнење на жените преку информирање за правата од работен однос и можностите за економска самостојност преку започнување со сопствен бизнис ќе бидат организирани стручни предавања и трибини за информирање на мажите и жените за нивните права од работен однос и издавање на печатени материјали-брошури и флаери за правата на вработените.

Реализирање на активности за информирање за активните мерки на пазарот на труд за самовработување, формализирање на бизнис, субвенционирање и можните начини на кредитирање и финансиска поддршка за започнување со бизнис.

**Цел 6**

**Подигање на свеста кај населението за придобивките од здрава животна средина**

**Мерки**

Организирање на јавни дебати и едукативни работилници во градот и населените места од општината со сите заинтересирани субјекти за правилно управување и селектирање со отпдот.

III. **Финансиски план за имплементирање на Програмата**

За спроведување на активностите предвидени со програма, предвидени се следните финансиски средства:

| *Р. бр* | *Активност* | *Рок и место на одржување* | *Носител на активностите* | *Предвидени с-ва во буџетот на ОГ* |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Унапредување на механизмите за родовата еднаквост на локално ниво преку еднаква застапеност на обата пола во процесите на одлучување, политиката, едукација за креирање на родово одговорно буџетирање на локално ниво, | октом.-декември 2020 | КЕМ,координатор, граѓански организации, општинска администрација,волонтери, Совет на Општина Гевгелија | 60.000,00 |
| 2. | Обука на администрацијата и Комисијата за еднакви можности на жените и мажите во Општина Гевгелија | јануари-декември 2020 | КЕМ,Општина Гевгелија | 45.000,00 |
| 3. | Истражување за полова застапеноста во општински, државни и образовни институции на подрачјето на Општина Гевгелија | јануари-декември 2020 | КЕМ, Образовни институции, Граѓански организации | 50.000,00 |
| 4. | Зајакнување на свеста на жените и мажите за континуирана грижа и заштита на сопственото здравје | Април-мај 2020 | КЕМ во соработка со здр.инстит., Медицинки центар и Директори на училишта | 30.000,00 |
| 5. | Поттикнување на можностите за економско јакнење на жените преку започнување со сопствен бизнис | сеп.-октомври 2020 | КЕМ,координатор, Граѓански организации | 30.000,00 |
| 6. | Поттикнување на можностите за економско јакнење на жените преку започнување со сопствен бизнис во рурални подрачја-воведување на жената во пчеларството | Јануари-декември 2020 | КЕМ,координатор, Граѓански организации | 20.000,00 |
| 7. | Подигање на свеста кај населението за придобивките од здрава животна средина и грижа за животната средина | јануари.-декември 2020 | КЕМ,координатор, ЈПКД Комуналец, образовни институции Инспекциски служби | 25.000,00 |
| 8. | Унапредување на превенцијата и заштита од користење на алкохол, дрога и психотропни супстанци кај учениците и младите | јануари-декември 2020 | КЕМ, Здравствени инстутуции Училишта, МВРМЦ, МВР, Граѓански организации | 25.000,00 |
| 9. | Други активности | | | 65.000,00 |
| | **ВКУПНО** | | | **350.000,00** |

IV. **Имплементација.**

Одговорни субјекти за имплементација на Програмата во областа на еднаквите можности на жените и мажите во општина Гевгелија за 2020 година се Комисијата за еднакви можности при Советот на општина Гевгелија, координаторот и заменик координаторот за еднакви можности. Нивна обврска и одговорност е да креираат, иницираат и организираат реализација на политики, активности и проекти согласно Локалниот акционен план за родова рамноправност, да предлагаат усвојување и да ја менаџираат реализацијата на мерки кои ќе придонесат за унапредување на односите во оваа сфера.

Бр.09-2232/1
27.12.2019 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
***Тодор Ристов с.р.***

---

Врз основа на член 11 став (1) точка 8 од Законот за јавните претпријатија ("Службен весник на РМ" бр.38/96, 06/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 06/12,119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 02/19 год.) и член 38 став (1) точка 29 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06, 08/10 и 18/14 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 27.12.2019 година, донесе

## РЕШЕНИЕ
### За давање согласност на Програмата за работни активности на ЈПКД "Комуналец"- Гевгелија за 2020 година

1.Се дава согласност на Програмата за работни активности на ЈПКД "Комуналец"- Гевгелија за 2020 година, усвоена од Управниот одбор на Јавното претпријатие со Одлука бр.02-1944/4 од 19.12.2019 година.

2.Ова решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија"..

Бр.09-2233/1
27.12.2019 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
***Тодор Ристов с.р.***

---

Врз основа на член 89 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06, 08/10 и 18/14 година), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 27.12.2019 година, по расправата по Информацијата од Центарот за развој на Југоисточниот плански регион за состојбата со превземените активности за изградба на регионалната депонија за комунален цврст отпад, го донесе следниот

## ЗАКЛУЧОК

1. Се задолжуваат Градоначалникот на општина Гевгелија и стручните служби до наредната седница на Советот на општина Гевгелија да достават едно барање со

известување до Министерството за животна средина и просторно планирање, па тие или да пратат свој претставник или писмено да ни одговорат за тоа **до каде се активностите за изградбата на регионалната депонија за комунален цврст отпад.**

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.09-2234/1
27.12.2019 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
***Тодор Ристов с.р.***

---

Врз основа на член 89 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06, 08/10 и 18/14 година), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 27.12.2019 година, по расправата по Информацијата за предизвиканите штети од елементрани непогоди во општина Гевгелија врз основа на Иницијативата на Иницијативниот одбор на оштетени, а необештетени земјоделски производители од општина Гевгелија предизвикани од елементарни непогоди, го донесе следниот

**З А К Л У Ч О К**

1. Се задолжува Градоначалникот на Општина Гевгелија да испрати допис до Републичката комисија за проценка и утврдување на висината на штетите предизвикани од елементарни непогоди и други несреќи за да се добијат поконкретни информации околу можноста да се изврши исплатата на досегашните поднесени Заклучоци и Елаборати за неисплатени штети предизвикани од елементарни непогоди на подрачјето на општина Гевгелија. Во дописот се наведени и штетите од 2009 година па наваму. За сите тие таксативно да се набројат и да се добие информација што е превземено по нив. Тој одговор да го даде надлежната Републичката комисија за проценка и утврдување на висината на штетите при Министерството за финансии.

2. Се задолжува пратеникот од подрачјето на Општина Гевгелија во Републичкото Собрание да ја спроведе истата таа постапка преку органите на Собранието на РМ.

3. Се задолжува Градоначалникот на Општина Гевгелија во случај на елементарна непогода да одреди вработено лице известител или кординатор во општината кој ќе биде овластено да дава информации за постапката околу исплатата на штетите на оштетените граѓани кои ќе бидат евидентирани со елаборатот.

4. Овој Заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.09-2235/1
27.12.2019 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
***Тодор Ристов с.р.***

---

Врз основа на член 36 став (1) точка 10 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.05/02 год.), член 3 и 5 од Законот за снабдување со вода за пиење и одведување на урбани отпадни води ("Службен весник на РМ"

бр.68/04, 28/06, 103/08, 17/11, 54/11, 163/13, 10/15, 147/15 и 31/16 год.), и член 38 став (1) точка 43 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06, 08/10 и 18/14 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на ден 27.12.2019 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за давање на управување и користење на изведени градби, објект - „Пречистителна станица" – Гевгелија**

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдува давање на управување и користење на изведени градби на објект – Пречистителна станица, на ЈПКД „Комуналец" – Гевгелија.

Вкупната вредност на објектот „Пречистителна станица" изнесува 657.619.500 денари.

**Член 2**

За примопредавањето на изведените градби на објектот „Пречистителна станица" – Гевгелија ќе се формира Комисија од претставници на ЈПКД „Комуналец"- Гевгелија и општина Гевгелија.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.09-2236/1
27.12.2019 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
*Тодор Ристов с.р.*

---

Врз основа на член (2) став 4 и член 40 став (2) точка 5 од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост (Службен Весник на РМ бр.78/15, 106/15, 153/15, 190/16, 21/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.101/19), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 27.12.2019 година, расправајќи по иницијативата на Националната алијанса за лица со посебни потреби од Гевгелија, поддржана од Градоначалникот на општина Гевгелија, донесе:

**О Д Л У К А**
**За давање во закуп на недвижна ствар - објект во сопственост на Општина Гевгелија**

**Член 1**

Со оваа одлука се утврдува давањето под закуп на објектот – Дневен центар за зависници во сопственост на општина Гевгелија,на времено користење на Националната алијанса за лица со посебни потреби од Гевгелија- Центар Мајка Тереза од Гевгелија и уредувањето на условите и начинот на негово користење.

**Член 2**

Дневниот центар за зависници во сопственост на општина Гевгелија, е со внатрешна површина од 64 м2 која се наоѓа на КП бр.6727, запишан во имотен лист бр.103375 за КО Гевгелија.

**Член 3**

Давањето на овој објект под закуп ќе се одвива преку давање во закуп на недвижни ствари со непосредна спогодба, согласно член 40 став (2) точка (5) од Законот за користење и располагање со ствари на државните органи („Службен Весник на РМ" бр.78/15, 106/15, 153/15, 190/16, 21/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.101/19).

**Член 4**

Закупецот од членот 3 на оваа Одлука ќе се обврзе да располага со гореспоменатиот објект заради вршење на неговата основна дејност –згрижување на лица со посебни потреби и да изврши целосна внатрешна реконструкција на објектот и надворешно уредување на просторот.

**Член 5**

Објектот во сопственост се дава под закуп за времено користење во период од 10 години, без надоместок од закупецот.

**Член 6**

За начинот и условите на користење на објектот, општина Гевгелија како закуподавач и закупецот ќе склучат посебен договор.

Договорот од име на општината се обврзува да го потпише Градоначалникот на општина Гевгелија, по усвојувањето на Одлуката од Советот на општина Гевгелија.

**Член 7**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во "Службен гласник на Општина Гевгелија".

Бр.09-2237/1
27.12.2019 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
***Тодор Ристов с.р.***

---

Врз основа на член 36 став (1) точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.05/02г.), член 38 став (1) точка 44 и член 84 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06, 08/10и 18/14г.), а во врска со член 14 став (4) од Законот за минерални суровини ("Службен весник на РМ" бр.136/12, 25/13, 93/13, 44/14, 160/14, 129/15, 192/15, 39/16, 53/16, 120/16 и 189/16г.), Советот на општина Гевгелија на 40-та (вонредна) седница одржана на ден 27.12.2019 година, разгледувајќи го барањето за мислење од Министерството за економија во однос на иницијативата за започнување постапка за доделување на концесија за вршење на детални геолошки истражувања на минерална суровина – алувијално злато на локалитетот "Коњска река" општина Гевгелија, го донесе следново

**МИСЛЕЊЕ**

1. Се дава **НЕГАТИВНО МИСЛЕЊЕ** на барањето за мислење од Министерството за економија во однос на иницијативата за започнување постапка за доделување на концесија за вршење на детални геолошки истражувања на минерална суровина – алувијално злато на локалитетот "Коњска река" општина Гевгелија, доставено до општина Гевгелија под архивски бр.24-5499/2 од 20.12.2019 година.

2. При давањето на ова Мислење, Советот на општина Гевгелија ги имаше в предвид претходните негативни мислења на Советот на општина Гевгелија во врска со истражувањето и експлоатацијата на минерални метални суровини на Кожуф планина. Пред се, двете Одлуки на Советот на општина Гевгелија донесени во текот на 2019 година, со коишто беа дадени негативни мислења на барањето на Министерството за економија на РСМ, за доделување концесија за детални геолошки истражувања на минерални суровини -- метални минерални суровини на локалитетот "Матушница-Исток" општина Кавадарци и општина Гевгелија, како и за доделување концесија за вршење детални геолошки истражувања на минерална суровина – метални минерални суровини на локалитетот "с.Коњско"-општина Гевгелија и општина Кавадарци.

3. Советот на општина Гевгелија се согласува со сите претходно донесени стратешки документи на општина Гевгелија за локален економски развој и заштита на животната средина на подрачјето на нашата општина, па и пошироко.

Советот на општина Гевгелија го почитува мислењето и на НВО секторот и пошироката граѓанска јавност во општината, тргнувајќи од нејзината определба за зелена и екозаштитена општина, односно на територијата на општина Гевгелија да не се дозволуваат никакви истражувања и експлоатација на минерални метални суровини.

4. Се обврзуваат стручните служби на општина Гевгелија примерок од ова Мислење да достават до Министерството за економија на РСМ во законски утврдениот рок од 15 дена од денот на приемот на барањето.

5. Мислењето влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.09-2240/1
27.12.2019 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
***Тодор Ристов с.р.***

---

## АКТИ НА ГРАДОНАЧАЛНИКОТ

## ПРАВИЛНИК
**за доделување стипендии на студенти од општина Гевгелија за студиска 2019/2020 година**

**Член 1**

Со овој Правилник се утврдуваат условите, критериумите и постапката за доделување стипендии на студенти од општина Гевгелија за студиска 2019/2020 година.

Стипендиите ќе се доделуваат на студенти на медицинските факултети во Република Северна Македонија кои запишуваат прв семестар во студиска 2019/2020 год се до завршување на студиите доколку се редовни студенти и коишто се жители на општина Гевгелија.

**Член 2**

Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 30.08.2019 година донесе Одлука за доделување 5 (пет) стипендии за студенти на Медицинските факултети во Република Северна Македонија, за студиска 2019/2020 година.

Стипендиите се доделуваат за период од 10 месеци за времетраењето на една студиска година, односно почнувајќи од месец септември се до месец јуни во истата студиска година и ќе се доделуваат секоја година до завршување на студирањето доколку се редовни студенти

Висината на стипендиите ќе изнесува 6.000,оо денари месечно за секој студент и ќе се исплаќаат од Буџетот на општина Гевгелија.

Стипендиите се доделуваат на редовни студенти запишани на студии прв циклус на Медицинските факултети во РСМ -- отсек општа медицина, согласно условите и критериумите утврдени во Конкурсот за доделување на стипендии.

Износот на стипендиите е неповратен, освен во случај кога студентот ќе го прекине студирањето по своја вина, при што ќе ги врати доделените средства до моментот на прекин на студирањето.

**Член 3**

Право на стипендирање имаат студентите кои што ги исполнуваат следниве услови:

- Да се жители на општина Гевгелија (град Гевгелија и населените места коишто припаѓаат на општина Гевгелија),
- Да се државјани на Република Северна Македонија,
- Да се редовни студенти на прв циклус студии на Медицинските факултети во РСМ – отсек општа медицина,

**Член 4**

Основни критериуми за доделување на стипендиите се:

1. **Остварен успех во средното образование**
   По овој основ може да се добијат најмногу 10 бода.

2. **Доставени сертификати и дипломи од натпревари на државно ниво, посебно од областа на природните науки,**
   По овој основ може да се добијат најмногу 20 бода

3 **Материјални можности на студентот и неговото семејство за кој се** земаат месечните примања по член на семејството на студентот во однос на просечно исплатената плата по вработен во РСМ за последните 3 (три) месеци.

**По овој основ може да се добијат најмногу 60 бода.**

При распределување на утврдените 60 бода по основ материјални можности на студентот и неговото семејство се земаат во просек материјалните можности на студентот и неговото семејство, односно вкупниот број на месечните примања (месечните нето плати и годишните приходи по разни основи прикажани во образецот од Управа за јавни приходи) во семејството на студентот поделени по

член од семејството поделени на 12 месеци, при што кандидатот може да добие најмногу 60 бода и тоа:

- За приходи од 0 до 6.000 денари по член на семејство ................60 бода;
- За приходи од 6.001 до 7.000 денари по член на семејство ..........50 бода;
- За приходи од 7.001 до 8.000 денари по член на семејство ..........40 бода;
- За приходи од 8.001 до 9.000 денари по член на семејство ..........30 бода;
- За приходи од 9.001 до 10.000 денари по член на семејство ........20 бода;
- За приходи над 10.000 денари по член на семејство ....................10 бода;

**Студент на самохран (починат/разведен) родител, родител со инвалидитет, студенти со посебни потреби.**

По овој основ може да се добијат 10 бода.

Максималниот број на бодови кои може да ги добие студент согласно утврдените критериуми од овој член, изнесува вкупно 100 бода.

За усвоените бодови според утврдените критериуми од овој член комисијата изготвува посебна ранг-листа за оваа категорија на студенти, која ја доставува на градоначалникот на разгледување и одлучување.

При утврдување на ранг листата според добиените бодови, при ист број на бодови предност има кандидатот со пониски материјални примања.

**Член 5**

Стипендиите ќе се доделат врз основа на претходно распишан конкурс.

Конкурсот ќе биде распишан од општина Гевгелија.

Конкурсот ќе биде објавен на огласната табла на општина Гевгелија, на веб страницата на општина Гевгелија и на локалните електронски медиуми во општина Гевгелија.

Конкурсот ќе трае 15 (петнаесет) денови, не сметајќи го денот на неговото објавување.

**Член 6**

Заинтересираните кандидати за добивање стипендија треба да ги достават следниве документи до општина Гевгелија:

1) Пријава од студентот

2) Потврда од високо образовната институција за редовно запишана студиска година,

3) Документи за утврдување на материјално-финансиската состојба на апликантот:

- за вработените членови на семејството да се достават потврди за остварена плата за последните три месеци сметано до денот на поднесувањето на пријавата, или доколку до овој месец не е исплатена плата, да се достави потврда за последно исплатената плата за оваа година (за родителите/старателите да се достави плата заверена од работодавецот),
- за пензионираните членови на семејството да се достави документ (чек) за висината на последно исплатената пензија,
-за разведените родители да се достави доказ за разводот, односно ако апликантот користи алиментација од родителот истата да се прикаже како месечен приход,
-за корисниците на социјалната помош да се достави последното решение за корисник на гарантиран минимален приход,
- за невработените членови на семејството на апликантот да се доставаат потврди од Агенцијата за вработување на РСМ дека се невработени или примаат месечен надоместок,

- За инвалидитет да се достави наод и мислење за видот и степенот на попреченоста во физичкиот или психичкиот развој и специфичните потреби издадена од надлежна установа, а согласно Правилникот за оцена на специфичните потреби на лицата со пречки во физичкиот или психичкиот развој;
- за браќа/сестри на кандидатот, кои се ученици/студенти, се доставува потврда од училиштето, односно факултетот или друга институција.
- Уверение од Управата за јавни приходи за остварени приходи по разни основи од претходната година (приходи од самостојна дејност, приходи од вршење земјоделска дејност, приходи од имот и имотни права, приходи од капитал....), за родителите/старателите, кандидатот и другите членови на неговото потесно семејство.

4) Нотарски заверена изјава од апликантот дека доставените документи се вистинити и дека податоците одговараат на прикажаната состојба,
5) Изјава за давање согласност за обработка и користење на личните податоци на апликантот и на членовите на неговото потесно семејство,
6) за починат родител се бара да се достави извод од матична книга на умрени од УВМК, и
7) Изјава за семејната состојба на студентот
8) Фотокопија од личната карта на студентот.

**Член 7**

Пријавите на апликантите со потребната документација треба да се доставаат лично до архивата на општина Гевгелија, или да се доставаат со препорачана пошта до: ЕЛС-општина Гевгелија, ул. "Димитар Влахов" бр.4, 1480 Гевгелија со назнака: **"За конкурсот за доделување стипендии на студенти жители од општина Гевгелија за студиска 2019/2020 година**".

**Член 8**

Доставените пријави согласно распишаниот конкурс ги разгледува комисија формирана од Градоначалникот од редот на вработените во општинската администрација.

Комисијата за разгледување на пријавите за доделување на стипендии некомплетните и неблаговремени пријави не ги разгледува.

Комисијата од пристигнатите пријави утврдува ранг листа и му ја доставува на Градоначалникот на разгледување и одлучување.

**Член 9**

Градоначалникот на Општина Гевгелија врз основа на доставената ранг листа од Комисијата за разгледување на пријавите за доделување на стипендии донесува Одлука за доделување на стипендии на студенти на медицинските факултети на РСМ жители на Општина Гевгелија

За одлуката на Градоначалникот за доделените стипендии сите кандидати кои имаат поднесено пријава по распишаниот конкурс ќе бидат писмено известени.

Против Одлуката на Градоначалникот на општина Гевгелија, кандидатите кои не добиле стипендија може да поднесат приговор до Комисијата за образование, култура и спорт при Советот на општина Гевгелија во рок од 5 (пет) работни дена од денот на приемот на Одлуката. Надлежната комисија ќе го разгледа приговорот на засегнатиот кандидат и ќе донесе Решение со коешто го прифаќа или одбива поднесениот приговор.

Решението на оваа Комисија е конечно

Одлуката за доделување на стипендии која ја донесува Градоначалникот на Општина Гевгелија ќе се објави и на веб страната на Општина Гевгелија.

**Член 10**

Градоначалникот на општина Гевгелија ќе склучи посебен Договор со избраниот кандидат за користење стипендија во кој подетално ќе се уредат начинот и условите на користење на стипендијата.

**Член 11**

Во посебни случаи, овој Договор може да биде раскинат по вина на студентот доколку се утврди дека:
- Студентот дал лажни податоци во нотарски заверената изјава при поднесувањето на пријавата за користење на стипендија, и
- Доколку со своето недолично поведение ги повредува законските и моралните принципи на образовната и општествената средина.
- Доколку не ја запише во редовен термин наредната студиска година
- Доколку го прекинал студирањето

Во случај на раскинување на Договорот, студентот е должен во целост да ги врати исплатените средства во Буџетот на општина Гевгелија.

**Член 12**

Правилникот влегува во сила со денот на неговото донесување.

Бр.09-1888/1
15.11.2019 год.
Гевгелија

Одделение за образование
општина Гевгелија

---

Врз основа на чл.50 ст.1 т.16 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02) и член 5 од Правилникот за доделување стипендии на студенти жители на општина Гевгелија („Службен гласник на Општина Гевгелија“ бр.14/2019), Градоначалникот на Општина Гевгелија распишува

**КОНКУРС**
**за доделување на 5 стипендии на студенти жители на општина Гевгелија**
**за студиската 2019/2020 година**

Општина Гевгелија за студиската 2019/2020 година ќе додели **5 (пет) стипендии** на студенти жители на општина Гевгелија запишани на медицинските факултети во Република Северна Македонија кои запишуваат прв семестар во студиска 2019/2020 год. па се до завршување на студиите доколку се редовни студенти.

Постапката за доделување на стипендии на студенти жители на општина Гевгелија се спроведува на начин, услови, критериуми уредени со Правилникот за доделување стипендии на студенти жители на општина Гевгелија („Службен гласник на Општина Гевгелија“ бр.13/2019).

## I. УСЛОВИ ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА СТУДЕНТСКА СТИПЕНДИЈА

**Право на стипендија имаат студенти кои се:**

- Да се жители на општина Гевгелија (град Гевгелија и населените места коишто припаѓаат на општина Гевгелија),

- Да се државјани на Република Северна Македонија,
- Да се редовни студенти запишани во студиска 2019/2020 год. на прв циклус студии на Медицинските факултети во РСМ – отсек општа медицина,

## II. КРИТЕРИУМИ ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА СТИПЕНДИЈА

3. **Остварен успех во средното образование**
   По овој основ може да се добијат најмногу 10 бода.
4. **Доставени сертификати и дипломи од натпревари на државно ниво, посебно од областа на природните науки,**
   По овој основ може да се добијат најмногу 20 бода
4 **Материјални можности на студентот и неговото семејство за кој се** земаат месечните примања по член на семејството на студентот во однос на просечно исплатената плата по вработен во РСМ за последните 3 (три) месеци.

**По овој основ може да се добијат најмногу 60 бода.**

При распределување на утврдените 60 бода по основ материјални можности на студентот и неговото семејство се земаат во просек материјалните можности на студентот и неговото семејство, односно вкупниот број на месечните примања (месечните нето плати и годишните приходи по разни основи прикажани во образецот од Управа за јавни приходи) во семејството на студентот поделени по член од семејството поделени на 12 месеци, при што кандидатот може да добие најмногу 60 бода и тоа:

- За приходи од 0 до 6.000 денари по член на семејство ................60 бода;
- За приходи од 6.001 до 7.000 денари по член на семејство ..........50 бода;
- За приходи од 7.001 до 8.000 денари по член на семејство ..........40 бода;
- За приходи од 8.001 до 9.000 денари по член на семејство ..........30 бода;
- За приходи од 9.001 до 10.000 денари по член на семејство ........20 бода;
- За приходи над 10.000 денари по член на семејство ......................10 бода;

**Студент на самохран (починат/разведен) родител, родител со инвалидитет, студенти со посебни потреби.**

По овој основ може да се добијат 10 бода.

Максималниот број на бодови кои може да ги добие студент согласно утврдените критериуми од овој член, изнесува вкупно 100 бода.

За усвоените бодови според утврдените критериуми од овој член комисијата изготвува посебна ранг-листа за оваа категорија на студенти, која ја доставува на градоначалникот на разгледување и одлучување.

При утврдување на ранг листата според добиените бодови, при ист број на бодови предност има кандидатот со пониски материјални примања.

## III. НАЧИН, РОК И МЕСТО НА ПОДНЕСУВАЊЕ НА ПРИЈАВИТЕ ЗА СТИПЕНДИИ

### III. 1. НАЧИН НА ПОДНЕСУВАЊЕ НА ПРИЈАВА ЗА СТИПЕНДИЈА:

Заинтересираните кандидати за доделување на стипендија согласно условите од овој конкурс доставуваат уредна и комплетна документација и тоа:

1) Пријава од студентот

2) Потврда од високо образовната институција за редовно запишана студиска година,

3) Документи за утврдување на материјално-финансиската состојба на апликантот:

- за вработените членови на семејството да се достават потврди за остварена плата за последните три месеци сметано до денот на поднесувањето на пријавата, или доколку до овој месец не е исплатена плата, да се достави потврда за последно исплатената плата за оваа година (за родителите/старателите да се достави плата заверена од работодавецот),

- за пензионираните членови на семејството да се достави документ (чек) за висината на последно исплатената пензија,
-за разведените родители да се достави доказ за разводот, односно ако апликантот користи алиментација од родителот истата да се прикаже како месечен приход,
-за корисниците на социјалната помош да се достави последното решение за корисник на гарантиран минимален приход,
- за невработените членови на семејството на апликантот да се достават потврди од Агенцијата за вработување на РСМ дека се невработени или примаат месечен надоместок,
- За инвалидитет да се достави наод и мислење за видот и степенот на попреченоста во физичкиот или психичкиот развој и специфичните потреби издадена од надлежна установа, а согласно Правилникот за оцена на специфичните потреби на лицата со пречки во физичкиот или психичкиот развој;
- за браќа/сестри на кандидатот, кои се ученици/студенти, се доставува потврда од училиштето, односно факултетот или друга институција.
- Уверение од Управата за јавни приходи за остварени приходи по разни основи од претходната година (приходи од самостојна дејност, приходи од вршење земјоделска дејност, приходи од имот и имотни права, приходи од капитал....), за родителите/старателите, кандидатот и другите членови на неговото потесно семејство.

4) Нотарски заверена изјава од апликантот дека доставените документи се вистинити и дека податоците одговараат на прикажаната состојба,
5) Изјава за давање согласност за обработка и користење на личните податоци на апликантот и на членовите на неговото потесно семејство,
6) за починат родител се бара да се достави извод од матична книга на умрени од УВМК, и
7) Изјава за семејната состојба на студентот
8) Фотокопија од личната карта на студентот.

Напомена:

- Документите се доставуваат во оригинал или копија заверена кај нотар.
- Изјавите од кандидатот од точка 4, 5 и 7 ги пополнува лично кандидатот за стипендија користејќи образец на изјава доставен од Општината и истите ги потпишува со своерачен потпис, а изјава од точка 5 ја пополнува и потпишува и членот на семејството за кој со приложените документи доставува лични податоци.
- Пријавите на кандидатите кои доставиле некомплетна, неуредна и ненавремена документација нема да бидат рангирани.
- Образец на пријавата за стипендија за редовни студенти и обрасци од изјавите за кандидатот и неговото потесно семејство можат да се подигнат од Општина Гевгелија или од веб страната http://www.gevgelija.gov.mk на Општина Гевгелија.

**III. 2. МЕСТО НА ПОДНЕСУВАЊЕ НА ПРИЈАВИТЕ ЗА СТИПЕНДИИ:**

**Пријавата за стипендија заедно со документите за исполнување на условите од овој конкурс се доставуваат до:** архивата на Општина Гевгелија или по пошта на адреса: Општина Гевгелија, улица “Димитар Влахов“ бр.4, 1480 Гевгелија.

**III. 3. КРАЕН РОК ЗА ПОДНЕСУВАЊЕ НА ПРИЈАВИТЕ ЗА СТИПЕНДИИ:**

Крајниот рок за поднесување на пријави за стипендии е **до 04.12.2019 година до 16 часот.**

- **Секоја пријава која е поднесена по утврдениот рок и време ќе се смета за задоцнета и нема да биде разгледувана.**

`

**IV. РАЗГЛЕДУВАЊЕ НА ПОДНЕСЕНИТЕ ПРИЈАВИ ЗА СТИПЕНДИ**

Доставените пријави согласно распишаниот конкурс ги разгледува комисија формирана од Градоначалникот од редот на вработените во општинската администрација.

Комисијата за разгледување на пријавите за доделување на стипендии некомплетните и неблаговремени пријави не ги разгледува.

Комисијата од пристигнатите пријави утврдува ранг листа и му ја доставува на Градоначалникот на разгледување и одлучување.

**V. ДОНЕСУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА СТИПНЕДИИ**

Градоначалникот на Општина Гевгелија врз основа на доставената ранг листа од Комисијата за разгледување на пријавите за доделување на стипендии донесува Одлука за доделување на стипендии на студенти жители на Општина Гевгелија.

**VI.ИЗВЕСТУВАЊЕ НА КАНДИДАТИТЕ:**

За спроведената постапка и за одлуката на Градоначалникот за доделените стипендии сите кандидати кои имаат поднесено пријава по распишаниот конкурс ќе бидат писмено известени. Одлуката за доделување на стипендии која ја донесува Градоначалникот на Општина Гевгелија ќе се објави и на веб страната на Општина Гевгелија.

**VII. ВИСИНА НА СТУДЕНТСКАТА СТИПЕНДИЈА:**

**Износот на стипендија по студент изнесува 6.000,00 денари месечно**, и се доделува десет месеци во текот на студиската 2019/2020 година (од Септември 2019 година до Јуни 2020 година).

**VIII. СКЛУЧУВАЊЕ НА ДОГОВОР**

Градоначалникот на Општина Гевгелија ќе склучи посебен договор со студентот на кој му е доделена стипендија со кој ќе бидат подетално уредени начинот и условите за користење на стипендијата.

Бр.08-1889/1
15.11.2019 год.
Гевгелија

Градоначалник
на општина Гевгелија,
*м-р Сашо Поцков с.р.*

---

Врз основа на член 50 став (1) точка 16 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник бр.5/2002), член 62 став (1) алинеа 14 од Статутот на општина Гевгелија (Службен гласник на општина Гевгелија бр.25/06, 8/10 и 18/14 год.) и член 9 од Правилникот за доделување стипендии на студенти жители на општина Гевгелија („Службен гласник на Општина Гевгелија“ бр.14/2019), Градоначалникот на општина Гевгелија на ден 12.12.2019 год. донесе

# ОДЛУКА
## за доделување стипендии на студенти жители на општина Гевгелија за студиска 2019/2020 год.

1. На
   - Катерина Узунова од Негорци, студент во прва година на Медицински Факултет Штип-општа медицина.
   - Никола Јанчев од Гевгелија, студент во прва година на Медицински Факултет Скопје-општа медицина.
   - Елена Василева од Гевгелија, студент во прва година на Медицински Факултет Скопје-општа медицина.
   - Љубица Калинова од Гевгелија, студент во прва година на Медицински Факултет Штип-општа медицина.

им се доделува стипендија за студирање за студиска 2019/2020 година во износ од 6.000 денари месечно за 10 месеци односно за месеците од септември 2019 год. до јуни, 2020 год.

2.Стипендиите ќе се исплатат од Буџетот на општина Гевгелија за 2019 год. и 2020 год. врз основа на Договори кои ќе бидат склучени помеѓу општина Гевгелија и секој од корисниците за стипендии.

3.Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување а ќе биде објавен во Службен гласник на општина Гевгелија.

***Образложение***

Врз онова на Одлука за доделување стипендии на телентирани студенти од општина Гевгелија за учебна 2019/2020 год. бр.09-1366/1 од 30.08.2019 год. донесена од Советот на општина Гевгелија, Комисијата за образование, култура и спорт на Советот на општина Гевгелија донесе Правилникот за доделување стипендии на студенти жители на општина Гевгелија бр.09-1888/1 од 15.11.2019 год. Согласно овој Правилник, градоначалникот распиша Конкурсот за доделување стипендии на студенти жители на општина Гевгелија за студска 2019/2020 год. бр. 08-1889/1 од 15.11.2019 година, објавен на веб страната на општина Гевгелија и медиумите во општина Гевгелија Тајм ФМ и ТВ Нова како и на огласната табла на општина Гевгелија и формира Комисијата за разгледување на пријави и изготвување на ранг листа за избор студенти на кои ќе им се додели стипендија за студиска 2019/2010 год со Решение бр.08-1954/1 од 27.11.2019 год. Комисијата ги разгледа пристигнатите пријави, утврди кои пријави се целосни, изврши бодување на пријавените кандидати, конечната ранг листа и предлог за избор на кандидати кои ќе добијат стипендии за студиска 2019/2020 кои заедно со Записникот од целокупната постапка го достави до градоначалникот за одлучување, при што градоначалникот донесе Одлука како во диспозитивот.

**Правна поука:** Против Одлуката на Градоначалникот на општина Гевгелија, кандидатите кои не добиле стипендија може да поднесат приговор до Комисијата за образование, култура и спорт при Советот на општина Гевгелија во рок од 5 (пет) работни дена од денот на приемот на Одлуката. Надлежната комисија ќе го разгледа приговорот на засегнатиот кандидат и ќе донесе Решение со коешто го прифаќа или одбива поднесениот приговор.

Решението на оваа Комисија е конечно.

Бр.08-2116/1
12.12.2019 год.
Гевгелија

Градоначалник
на општина Гевгелија,
*м-р Сашо Поцков с.р.*

---

Врз основа на член 38 од Законот за култура („Службен весник на РМ" бр.31/98, 49/03, 82/05, 24/07, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/2015, 154/2015, 39/2016 и 11/2018 год.) и член 50 став (1) точка 9 и 16 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/02 год.), Градоначалникот на општина Гевгелија донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за разрешување на вршител на должноста директор на Јавна Општинска Установа Пионерски дом „Јосип Броз Тито" Гевгелија**

1. Се разрешува Милица Ефтимова од вршител на должноста директор на Јавна Општинска Установа Пионерски дом „Јосип Броз Тито" Гевгелија, заради изборот на нов директор по пат на јавен оглас.
2. Ова Решение влегува на сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Гевгелија".

Бр.08-2022/1
02.12.2019 год.
Гевгелија

Градоначалник
на општина Гевгелија,
*м-р Сашо Поцков с.р.*

---

Врз основа на член 29 и член 30, а во врска со член 38 од Законот за културата ("Службен весник на РМ" бр. 31/98, 49/2003, 82/2005, 24/2007, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13 44/14, 61/2015, 154/2015, 39/2016 и 11/2018) и член 50 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 год.) Градоначалникот на Општина Гевгелија, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За избор на директор на Јавна Општинска Установа Пионерски дом "Јосип Броз Тито" Гевгелија**

1. За директор на Јавна Општинска Установа Пионерски дом "Јосип Броз Тито" Гевгелија, се избира лицето:
   - Ѓорги Милков од Гевгелија, дипломиран економист.
2. Избраното лице од точка 1 ги има сите права и обврски предвидени со актите на Јавна Општинска Установа Пионерски дом "Јосип Броз Тито" Гевгелија, Законот за култура и другите законски прописи.
3. Ова Решение влегува на сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гевгелија".

**О б р а з л о ж е н и е:**

Градоначалникот на Општина Гевгелија, на ден 18.10.2019 година објави јавен оглас бр.08-1669/1 во дневните весници „Независен весник, „Слободен печат" и „Лајме", за избор на директор на Јавна општинска установа Пионерски дом „Јосип Броз Тито" Гевгелија. На огласот се пријавиле два кандидата и тоа Ѓорги Милков од Гевгелија и Стефан Марковски од Гевгелија.

Комисијата за разгледување на документи и изготвување на предлог за избор на директор на Јавна Општинска Установа Пионерски дом „Јосип Броз Тито“ Гевгелија, на ден 4.11.2019 година спроведе административна селекција на веродостојност на доставените податоци и доказите доставени од пријавените кандидати во врска со јавниот оглас, при што е констатирано дека кандидатот Ѓорги Милков е уреден, односно ги исполнува условите предвидени со јавниот оглас, а кандидатот Стефан Марковски е неуреден, односно не ги исполнува условите предвидени со јавниот оглас (потврдата дека со правосилна судска пресуда не му е изречена казна или прекршочна санкција, забрана за вршење на професија, дејност или должност, од 3.12.2018 година, издадена од Основен суд Гевгелија е невалидна, нема доказ за работно искуство во дејноста).

На ден 11.11.2019 година се спроведе интервју со единствениот уреден кандидат Ѓорги Милков од Гевгелија.

Врз основа на Финална ранг-листа и предлог за избор по јавен оглас бр. 08-1669/1 од 18.10.2019 година, објавен во дневните весници, „Независен весник“, „Слободен печат“ и „Лајме“, се избира кандидатот Ѓорги Милков од Гевгелија, дипломиран економист, како што е наведено во диспозитивот на ова Решение.

Бр.08-1668/6
19.11.2019 год.
Гевгелија

Градоначалник
на општина Гевгелија,
***м-р Сашо Поцков с.р.***

---

Врз основа на член 35 став 3 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл.Весник на РМ бр.199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18), член 50 точка 4 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ" бр.5/02), член 62 од Статутот на Општина Гевгелија, и донесената Програма за измена на Годишната програма за изработување на урбанистички планови на Општина Гевгелија за 2019 година Градоначалникот на Општина Гевгелија го дава следното:

## СООПШТЕНИЕ

Се известуваат физичките и правните лица од опфатот на Деталниот урбанистички план за дел од блок 7 (7.5) општина Гевгелија дека Градоначалникот на општина Гевгелија донесе Одлука за спроведување на

**Јавна презентација и Јавна анкета за**
**Детален урбанистички план за дел од блок 7 (7.5) опшитина Гевгелија**

Границата на планскиот опфат е:
- од јужната страна се движи по осовина на булевар Гевгелија,
- од источната страна се движи по осовина на сервисна улица,
- од северната страна се движи по осовина на улица „Деко Ковачев“,
- од западната страна се движи по осовина на улица Западна 1

Деталниот урбанистички план за дел од блок 7 (7.5) општина Гевгелија зафаќа површина од 6.09 ха.

**Јавната презентација** со стручно презентирање на планот **ќе се одржи на ден 11.09.2019 година во 12:00 часот во малата сала на Народниот Театар во Гевгелија.**

Деталниот урбанистички план за дел од блок 7 (7.5) општина Гевгелија, ќе биде изложен во просториите на одделението за урбанизам, градежништво, архитектура и заштита на животната средина при општина Гевгелија и на web страната на општината.

**Јавната анкета** ќе трае 10 работни дена и тоа **од 11.09.2019 година до 25.09.3019 година, секој работен ден од 08 до 16 часот.**

Во споменатиот рок, заинтересираните граѓани и правни лица од конкретното подрачје опфатено со планот можат да доставуваат писмени забелешки, предлози и мислења на анкетните листови кои можат да ги подигнат во одделението за урбанизам, градежништво, архитектура и заштита на животната средина при општина Гевгелија или преку информацискиот систем е-урбанизам.

Бр.11-610/6
03.09.2019 год.
Гевгелија

Градоначалник
на општина Гевгелија,
***м-р Сашо Поцков с.р.***

---

Врз основа на член 35 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на РМ“ бр.199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18), Градоначалникот на општина Гевгелија, донесе

## ОДЛУКА
## за организирање на јавна презентација и јавна анкета по Детален урбанистички план за дел од блок 7 (7.5), општина Гевгелија

### Член 1

Со оваа Одлука се утврдува организирање на јавна презентација и јавна анкета по Детален урбанистички план за дел од блок 7 (7.5), општина Гевгелија со графички приказ на планот и текстуален дел.

### Член 2

Деталниот урбанистички план за дел од блок 7 (7.5), општина Гевгелија од член 1 на оваа Одлука зафаќа површина од 6.09 ха.

Границата на планскиот опфат е:

- од јужната страна се движи по осовина на булевар Гевгелија,
- од источната страна се движи по осовина на сервисна улица,
- од северната страна се движи по осовина на улица „Деко Ковачев“,
- од западната страна се движи по осовина на улица Западна 1

### Член 3

Јавната презентација ке се организира во малата сала на Народниот Театар во Гевгелија на ден 11.09.2019 година со почеток во 12.00 часот.

### Член 4

Јавната анкета ке трае 10 работни дена, во кој рок заинтересираните граѓани и правни лица од подрачјето опфатено со планот, како и државните органи и други институции ке можат да ги доставуваат своите забелешки, предлози и мислења на анкетни листови. Анкетните листови може да се подигнат и да се доставaт во архивата на одделението за урбанизам, архитектура, градежништво и заштита на животната средина или преку информативниот систем е-урбанизам.

**Член 5**

За времето и местото каде ќе биде изложен Деталниот урбанистички план за дел од блок 7 (7.5), општина Гевгелија , за спроведувањето на јавната презентација и јавната анкета ќе се објави соопштение во јавните гласила.

**Член 6**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавување во „Службен гласник на општина Гевгелија“.

Бр.11-610/5
03.09.2019 год.
Гевгелија

Градоначалник
на општина Гевгелија,
*м-р Сашо Поцков с.р.*

---

Врз основа на член 35 став 10 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на РМ“ бр.199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18) и член 62 став 1 алинеја 14 од Статутот на општина Гевгелија („Службен гласник на општина Гевгелија“ бр.25/06 и 8/10) Градоначалникот на општина Гевгелија, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за формирање на Комисија за изготвување Извештај од спроведената јавна презентација и јавна анкета по Детален урбанистички план за дел од блок 7 (7.5) општина Гевгелија**

1.За изготвување Извештај од спроведената јавна презентација и јавна анкета по Детален урбанистички план за дел од блок 7 (7.5) општина Гевгелија се формира комисија од три члена.

2.Во комисијата се именуваат:

-Ирена Томчева, дипломиран инженер архитект одговорно лице надлежно за урбанистичко планирање од општинската администрација,

-Лилјана Ивановска, дипломиран инженер архитект овластен претставник на изработувачот на планот, „Идеа - консалтинг“ дооел Струмица.

-Митко Павлов, дипломиран инженер архитект надворешен член, стручен работник од областа на урбанистичкото планирање.

3.Извештајот од точка 1 на ова решение со образложение за прифатените и неприфатени забелешки по Детален урбанистички план за дел од блок 7 (7.5) општина Гевгелија да се достави до изработувачот на планот заради постапување согласно одредбите на Законот за просторно и урбанистичко планирање.

4.Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Гевгелија“.

Бр.11-610/7
03.09.2019 год.
Гевгелија

Градоначалник
на општина Гевгелија,
*м-р Сашо Поцков с.р.*

---

Врз основа на член 35 став 3 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл.Весник на РМ бр.199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18), член 50 точка 4 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ"

бр.5/02), член 62 од Статутот на Општина Гевгелија, и донесената Програма за измена на Годишната програма за изработување на урбанистички планови на Општина Гевгелија за 2019 година Градоначалникот на Општина Гевгелија го дава следното:

## СООПШТЕНИЕ

Се известуваат физичките и правните лица од опфатот на Деталниот урбанистички план за дел од блок 4 (дел од 4.3) КО Гевгелија, општина Гевгелија дека Градоначалникот на општина Гевгелија донесе Одлука за спроведување на

**Јавна презентација и Јавна анкета за**
**Детален урбанистички план за дел од блок 4 (дел од 4.3) КО Гевгелија, општина Гевгелија**

Границата на планскиот опфат е:
- од јужната страна се движи по осовина на улица „Новопланирана 2",
- од источната страна се движи по осовина на улица „Западна собирна"
- од северната страна се движи по осовина на улица „Новопланирана1",
- од западната страна се движи по осовина на улица „Новопланирана5"

Деталниот урбанистички план за дел од блок 4 (дел од 4.3) општина Гевгелија зафаќа површина од 1.25 ха.

**Јавната презентација** со стручно презентирање на планот **ќе се одржи на ден 12.11.2019 година во 11:00 часот во малата сала на Народниот Театар во Гевгелија.**

Деталниот урбанистички план за дел од блок 4 (дел од 4.3) КО Гевгелија, општина Гевгелија, ке биде изложен во просториите на одделението за урбанизам, градежништво, архитектура и заштита на животната средина при општина Гевгелија и на web страната на општината.

**Јавната анкета** ќе трае 10 работни дена и тоа **од 12.11.2019 година до 26.11.2019 година, секој работен ден од 08 до 16 часот.**

Во споменатиот рок, заинтересираните граѓани и правни лица од конкретното подрачје опфатено со планот можат да доставуваат писмени забелешки, предлози и мислења на анкетните листови кои можат да ги подигнат во одделението за урбанизам, градежништво, архитектура и заштита на животната средина при општина Гевгелија или преку информацискиот систем е-урбанизам.

Бр.11-682/6
05.09.2019 год.
Гевгелија

Градоначалник
на општина Гевгелија,
*м-р Сашо Поцков с.р.*

---

Врз основа на член 35 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на РМ" бр.199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18), Градоначалникот на општина Гевгелија, донесе

# О Д Л У К А

## за организирање на јавна презентација и јавна анкета по Детален урбанистички план за дел од блок 4 (дел од 4.3), КО Гевгелија, општина Гевгелија

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдува организирање на јавна презентација и јавна анкета по Детален урбанистички план за дел од блок 4 (дел од 4.3), КО Гевгелија, општина Гевгелија со графички приказ на планот и текстуален дел.

**Член 2**

Деталниот урбанистички план за дел од блок 4 (дел од 4.3), општина Гевгелија од член 1 на оваа Одлука зафаќа површина од 1.25 ха.

Границата на планскиот опфат е:

- од јужната страна се движи по осовина на улица „Новопланирана 2",
- од источната страна се движи по осовина на улица „Западна собирна",
- од северната страна се движи по осовина на улица „Новопланирана 1",
- од западната страна се движи по осовина на улица „Новопланирана 5"

**Член 3**

Јавната презентација ќе се организира во малата сала на Народниот Театар во Гевгелија на ден 12.11.2019 година со почеток во 11.00 часот.

**Член 4**

Јавната анкета ќе трае 10 работни дена, во кој рок заинтересираните граѓани и правни лица од подрачјето опфатено со планот, како и државните органи и други институции ќе можат да ги доставуваат своите забелешки, предлози и мислења на анкетни листови. Анкетните листови може да се подигнат и да се достават во архивата на одделението за урбанизам, архитектура, градежништво и заштита на животната средина или преку информативниот систем е-урбанизам.

**Член 5**

За времето и местото каде ќе биде изложен Деталниот урбанистички план за дел од блок 4 (дел од 4.3), општина Гевгелија , за спроведувањето на јавната презентација и јавната анкета ќе се објави соопштение во јавните гласила.

**Член 6**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавување во „Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.11-682/5
05.09.2019 год.
Гевгелија

Градоначалник
на општина Гевгелија,
*м-р Сашо Поцков с.р.*

---

Врз основа на член 35 став 10 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на РМ" бр.199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18) и член 62 став 1 алинеја 14 од Статутот на општина Гевгелија („Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 и 8/10) Градоначалникот на општина Гевгелија, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е
**за формирање на Комисија за изготвување Извештај од спроведената јавна презентација и јавна анкета по Детален урбанистички план за дел од блок 4 (дел од 4.3) КО Гевгелија, општина Гевгелија**

1.За изготвување Извештај од спроведената јавна презентација и јавна анкета по Детален урбанистички план за дел од блок 4 (дел од 4.3) КО Гевгелија, општина Гевгелија се формира комисија од три члена.

2.Во комисијата се именуваат:

-Ирена Томчева, дипломиран инженер архитект одговорно лице надлежно за урбанистичко планирање од општинската администрација,

-Александра Александрова Кирова, дипломиран инженер архитект овластен претставник на изработувачот на планот, „Стоун Форм“ дооел Гевгелија.

-Митко Павлов, дипломиран инженер архитект надворешен член, стручен работник од областа на урбанистичкото планирање.

3.Извештајот од точка 1 на ова решение со образложение за прифатените и неприфатени забелешки по Детален урбанистички план за дел од блок 4 (дел од 4.3) општина Гевгелија да се достави до изработувачот на планот заради постапување согласно одредбите на Законот за просторно и урбанистичко планирање.

4.Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ке се објави во „Службен гласник на општина Гевгелија“.

Бр.11-682/7
05.09.2019 год.
Гевгелија

Градоначалник
на општина Гевгелија,
***м-р Сашо Поцков с.р.***

---

Врз основа на член 35 став 3 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл.Весник на РМ бр.199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18), член 50 точка 4 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ" бр.5/02), член 62 од Статутот на Општина Гевгелија, и донесената Програма за измена на Годишната програма за изработување на урбанистички планови на Општина Гевгелија за 2019 година Градоначалникот на Општина Гевгелија го дава следното:

## С О О П Ш Т Е Н И Е

Се известуваат физичките и правните лица од опфатот на Измена и дополнување на Детален урбанистички план за дел од блок 10.5 општина Гевгелија дека Градоначалникот на општина Гевгелија донесе Одлука за спроведување на

**Јавна презентација и Јавна анкета за**
**Измена и дополнување на Детален урбанистички план за дел од блок 10.5 општина Гевгелија**

Границата на планскиот опфат е:
- од јужната страна се движи по осовина на булевар Гевгелија,
- од источната страна се движи по осовина на Новопланирана пристапна улица 1,
- од северната страна се движи по осовина на Новопланирана сервисна 5

- од западната страна се движи по осовина на планираната улица Индустриска.

Измена и дополнување на Детален урбанистички план за дел од блок 10.5 општина Гевгелија зафаќа површина од 1.5690 ха.

**Јавната презентација** со стручно презентирање на планот **ќе се одржи на ден 10.01.2020 година во 11:00 часот во малата сала на Народниот Театар во Гевгелија.**

Измена и дополнување на Детален урбанистички план за дел од блок 10.5 општина Гевгелија, ке биде изложен во просториите на одделението за урбанизам, градежништво, архитектура и заштита на животната средина при општина Гевгелија и на web страната на општината.

**Јавната анкета** ќе трае 10 работни дена и тоа **од 10.01.2020 година до 24.01.2020 година, секој работен ден од 08 до 16 часот.**

Во споменатиот рок, заинтересираните граѓани и правни лица од конкретното подрачје опфатено со планот можат да доставуваат писмени забелешки, предлози и мислења на анкетните листови кои можат да ги подигнат во одделението за урбанизам, градежништво, архитектура и заштита на животната средина при општина Гевгелија или преку информацискиот систем е-урбанизам.

Бр.11-1010/4
30.12.2019 год.
Гевгелија

Градоначалник
на општина Гевгелија,
***м-р Сашо Поцков с.р.***

---

Врз основа на член 35 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на РМ" бр.199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18), Градоначалникот на општина Гевгелија, донесе

## ОДЛУКА
## за организирање на јавна презентација и јавна анкета за Измена и дополнување на Детален урбанистички план за дел од блок 10.5, општина Гевгелија

### Член 1

Со оваа Одлука се утврдува организирање на јавна презентација и јавна анкета за Измена и дополнување на Детален урбанистички план за дел од блок 10.5, општина Гевгелија со графички приказ на планот и текстуален дел.

### Член 2

Измена и дополнување на Детален урбанистички план за дел од блок 10.5, општина Гевгелија од член 1 на оваа Одлука зафаќа површина од 1.5690 ха.

Границата на планскиот опфат е:
- од јужната страна се движи по осовина на булевар Гевгелија,
- од источната страна се движи по осовина на Новопланирана пристапна улица 1,
- од северната страна се движи по осовина на Новопланирана сервисна 5
- од западната страна се движи по осовина на планираната улица Индустриска.

### Член 3

Јавната презентација ке се организира во малата сала на Народниот Театар во Гевгелија на ден 10.01.2020 година со почеток во 11.00 часот.

**Член 4**

Јавната анкета ќе трае 10 работни дена, во кој рок заинтересираните граѓани и правни лица од подрачјето опфатено со планот, како и државните органи и други институции ќе можат да ги доставуваат своите забелешки, предлози и мислења на анкетни листови. Анкетните листови може да се подигнат и да се доставаат во архивата на одделението за урбанизам, архитектура, градежништво и заштита на животната средина или преку информативниот систем е-урбанизам.

**Член 5**

За времето и местото каде ќе биде изложен Измена и дополнување на Детален урбанистички план за дел од блок 10.5, општина Гевгелија, за спроведувањето на јавната презентација и јавната анкета ќе се објави соопштение во јавните гласила.

**Член 6**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавување во „Службен гласник на општина Гевгелија“.

Бр.11-1010/3
30.12.2019 год.
Гевгелија

Градоначалник
на општина Гевгелија,
***м-р Сашо Поцков с.р.***

---

Врз основа на член 35 став 10 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на РМ“ бр.199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18) и член 62 став 1 алинеја 14 од Статутот на општина Гевгелија („Службен гласник на општина Гевгелија“ бр.25/06 и 8/10) Градоначалникот на општина Гевгелија, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за формирање на Комисија за изготвување Извештај од спроведената јавна презентација и јавна анкета по Измена и дополнување на Детален урбанистички план за дел од блок 10.5 општина Гевгелија**

1.За изготвување Извештај од спроведената јавна презентација и јавна анкета по Измена и дополнување на Детален урбанистички план за дел од блок 10.5 општина Гевгелија се формира комисија од три члена.

2.Во комисијата се именуваат:

-Ирена Томчева, дипломиран инженер архитект одговорно лице надлежно за урбанистичко планирање од општинската администрација,

-Александра Едровска, дипломиран инженер архитект овластен претставник на изработувачот на планот, „Визура“ дооел Струмица.

-Митко Павлов, дипломиран инженер архитект надворешен член, стручен работник од областа на урбанистичкото планирање.

3.Извештајот од точка 1 на ова решение со образложение за прифатените и неприфатени забелешки по Измена и дополнување на Детален урбанистички план за дел од блок 10.5 општина Гевгелија да се достави до изработувачот на планот заради постапување согласно одредбите на Законот за просторно и урбанистичко планирање.

4.Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ке се објави во „Службен гласник на општина Гевгелија“.

Бр.11-1010/5
30.12.2019 год.
Гевгелија

Градоначалник
на општина Гевгелија,
*м-р Сашо Поцков с.р.*

---

Врз основа на член 62 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06год., 08/10 год. и 18/14год.) и член 17 од Одлуката за извршување на Буџетот на општина Гевгелија за 2019 година ("Службен гласник на општина Гевгелија"бр.15/18 год.) Градоначалникот на општина Гевгелија, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За распоредување на дел од средствата на Буџетот**
**на општина Гевгелија за 2019година**

1.Дел од средствата на Буџетот на општина Гевгелија за 2019 година ставка 464 подставка 464990 - Други трансвери,Програма Г1 во износ од 150.000,00 денари се доделуваат на **Фондација за локален развој и развој на информатички технологии Гевгелија** за програмски активности.

2.Решението ќе го изврши Одделението за финансиски прашања и средствата ќе се исплатат на трансакциска сметка.

**Образложение**

Фондација за локален развој и развој на информатички технологии Гевгелија поднесе барање до Градоначалникот на општина Гевгелија за доделување на средства од Буџетот на општина Гевгелија за 2019 година за програмски активности.

Оценувајки дека барањето е оправдено, Градоначалникот на општина Гевгелија,одлучи да се доделат средства од Буџетот на општина Гевгелија за 2019 година во износ од 150.000.00 денари како е наведено во диспозитивот на оваа решение.

Бр.12-81/372
17.10.2019 год.
Гевгелија

Градоначалник
на општина Гевгелија,
*м-р Сашо Поцков с.р.*

---

Врз основа на член 62 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06год., 08/10 год. и 18/14год.) и член 17 од Одлуката за извршување на Буџетот на општина Гевгелија за 2019 година ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.15/18 год.) Градоначалникот на општина Гевгелија, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За распоредување на дел од средствата на Буџетот**
**на општина Гевгелија за 2019година**

1.Дел од средствата на Буџетот на општина Гевгелија за 2019 година ставка 464 подставка 464990 - Други трансвери,Програма Д1 во износ од 25.500,00 денари се

доделуваат на **Месна заедница с. Смоквица (Виолета Христова)** од Смоквица за програмски активности.

2.Решението ќе го изврши Одделението за финансиски прашања и средствата ќе се исплатат на трансакциска сметка.

**Образложение**

**Месна заедница с.Смоквица (Виолета Христова)** од Смоквица поднесе барање до Градоначалникот на општина Гевгелија за доделување на средства од Буџетот на општина Гевгелија за 2019 година за програмски активности.

Оценувајќи дека барањето е оправдено, Градоначалникот на општина Гевгелија,одлучи да се доделат средства од Буџетот на општина Гевгелија за 2019 година во износ од 25.500.00 денари како е наведено во диспозитивот на оваа решение.

Бр.12-81/385
30.10.2019 год.
Гевгелија

Градоначалник
на општина Гевгелија,
***м-р Сашо Поцков с.р.***

---

Врз основа на член 62 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06год., 08/10 год. и 18/14год.) и член 17 од Одлуката за извршување на Буџетот на општина Гевгелија за 2019 година ("Службен гласник на општина Гевгелија "бр.15/18 год.) Градоначалникот на општина Гевгелија, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За распоредување на дел од средствата на Буџетот на општина Гевгелија за 2019година**

1.Дел од средствата на Буџетот на општина Гевгелија за 2019 година ставка 464 подставка 464990 - Други трансвери,Програма Д1 во износ од 34.000,00 денари се доделуваат на **Месна заедница с. Прдејци (Душан Киров)** од Прдејци за програмски активности.

2.Решението ќе го изврши Одделението за финансиски прашања и средствата ќе се исплатат на трансакциска сметка.

**Образложение**

**Месна заедница с.Прдејци (Душан Киров)** од Прдејци поднесе барање до Градоначалникот на општина Гевгелија за доделување на средства од Буџетот на општина Гевгелија за 2019 година за програмски активности.

Оценувајќи дека барањето е оправдено, Градоначалникот на општина Гевгелија,одлучи да се доделат средства од Буџетот на општина Гевгелија за 2019 година во износ од 34.000.00 денари како е наведено во диспозитивот на оваа решение.

Бр.12-81/388
30.10.2019 год.
Гевгелија

Градоначалник
на општина Гевгелија,
***м-р Сашо Поцков с.р.***

---

Врз основа на член 62 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06год., 08/10 год. и 18/14год.) и член 17 од Одлуката за

извршување на Буџетот на општина Гевгелија за 2019 година ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.15/18 год.) Градоначалникот на општина Гевгелија, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За распоредување на дел од средствата на Буџетот на општина Гевгелија за 2019година**

1.Дел од средствата на Буџетот на општина Гевгелија за 2019 година ставка 464 подставка 464990 - Други трансфери, Програма Е0 во износ од 10.800,00 денари се доделуваат на доленаведените лица за проекти од Меѓуопштинска соработка:

**Проект - Отворање врата за социјална инклузија и градење подобра заедничка иднина :**

| | |
|---|---|
| 1. Даница Делева | 1.800,00 денари |
| 2. Јоана Јанчева | 1.800,00 денари |
| 3. Акилев Цилев | 1.800,00 денари |
| **Проект - Можности за сите** | |
| 1. Кристина Стојанова | 1.800,00 денари |
| 2. Дијана Чучанова | 1.800,00 денари |
| 3. Вероника Дојранлиева | 1.800,00 денари |

2.Решението ќе го изврши Одделението за финансиски прашања и средствата ќе се исплатат на трансакциска сметка.

**Образложение**

**Проектот за Меѓуопштинска соработка** со барање до Градоначалникот на општина Гевгелија за доделување на средства од Буџетот на општина Гевгелија за 2019 година за доделување средства на горенаведените лица.

Оценувајќи дека барањето е оправдено, Градоначалникот на општина Гевгелија,одлучи да се доделат средства од Буџетот на општина Гевгелија за 2019 година во износ од 10.800.00 денари како е наведено во диспозитивот на оваа решение.

Бр.12-81/383
25.10.2019 год.
Гевгелија

Градоначалник
на општина Гевгелија,
***м-р Сашо Поцков с.р.***

---

Врз основа на член 62 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06год., 08/10 год. и 18/14год.) и член 17 од Одлуката за извршување на Буџетот на општина Гевгелија за 2019 година ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.15/18 год.) Градоначалникот на општина Гевгелија, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За распоредување на дел од средствата на Буџетот на општина Гевгелија за 2019година**

1.Дел од средствата на Буџетот на општина Гевгелија за 2019 година ставка 464 подставка 464990 - Други трансфери, Програма Е0 во износ од 43.200,00 денари се доделуваат на доленаведените лица за проекти од Меѓуопштинска соработка:

**Проект - Отворање врата за социјална инклузија и градење подобра заедничка иднина :**

| | |
|---|---|
| 1. Даница Делева | 7.200,00 денари |
| 2. Јоана Јанчева | 7.200,00 денари |
| 3. Акилев Цилев | 7.200,00 денари |
| **Проект - Можности за сите** | |
| 1. Кристина Стојанова | 7.200,00 денари |
| 2. Дијана Чучанова | 7.200,00 денари |
| 3. Вероника Дојранлиева | 7.200,00 денари |

2.Решението ќе го изврши Одделението за финансиски прашања и средствата ќе се исплатат на трансакциска сметка.

**Образложение**

**Проектот за Меѓуопштинска соработка** со барање до Градоначалникот на општина Гевгелија за доделување на средства од Буџетот на општина Гевгелија за 2019 година за доделување средства на горенаведените лица.

Оценувајки дека барањето е оправдено, Градоначалникот на општина Гевгелија,одлучи да се доделат средства од Буџетот на општина Гевгелија за 2019 година во износ од 43.200.00 денари како е наведено во диспозитивот на оваа решение.

Бр.12-81/393
30.10.2019 год.
Гевгелија

Градоначалник
на општина Гевгелија,
***м-р Сашо Поцков с.р.***

---

Врз основа на член 62 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06год., 08/10 год. и 18/14год.) и член 17 од Одлуката за извршување на Буџетот на општина Гевгелија за 2019 година ("Службен гласник на општина Гевгелија "бр.15/18 год.) Градоначалникот на општина Гевгелија, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За распоредување на дел од средствата на Буџетот**
**на општина Гевгелија за 2019година**

1.Дел од средствата на Буџетот на општина Гевгелија за 2019 година ставка 464 подставка 464990 - Други трансфери, Програма Е0 во износ од 3.000,00 денари се доделуваат на **Костадин Иванов** од Гевгелија како надворешен член на Комисијата за урбанизам на Општина Гевгелија

2.Решението ќе го изврши Одделението за финансиски прашања и средствата ќе се исплатат на трансакциска сметка.

**Образложение**

**Костадин Иванов** од Гевгелија (Комисија за урбанизам) поднесе барање до Градоначалникот на општина Гевгелија за доделување на средства од Буџетот на општина Гевгелија за 2019 година за доделување средства како надворешен член на Комисијата за урбанизам на Општина Гевгелија.

Оценувајки дека барањето е оправдено, Градоначалникот на општина Гевгелија,одлучи да се доделат средства од Буџетот на општина Гевгелија за 2019 година во износ од 3.000.00 денари како е наведено во диспозитивот на оваа решение.

Бр.12-81/386
30.10.2019 год.
Гевгелија

Градоначалник
на општина Гевгелија,
*м-р Сашо Поцков с.р.*

---

Врз основа на член 62 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06год., 08/10 год. и 18/14год.) и член 17 од Одлуката за извршување на Буџетот на општина Гевгелија за 2019 година ("Службен гласник на општина Гевгелија "бр.15/18 год.) Градоначалникот на општина Гевгелија, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За распоредување на дел од средствата на Буџетот на општина Гевгелија за 2019година**

1.Дел од средствата на Буџетот на општина Гевгелија за 2019 година ставка 464 подставка 464990 - Други трансфери, Програма Е0 во износ од 3.000,00 денари се доделуваат на **Наташа Југова Џиџева** од Гевгелија како надворешен член на Комисијата за урбанизам на Општина Гевгелија

2.Решението ќе го изврши Одделението за финансиски прашања и средствата ќе се исплатат на трансакциска сметка.

**Образложение**

**Наташа Југова Џиџева** од Гевгелија (Комисија за урбанизам) поднесе барање до Градоначалникот на општина Гевгелија за доделување на средства од Буџетот на општина Гевгелија за 2019 година за доделување средства како надворешен член на Комисијата за урбанизам на Општина Гевгелија.

Оценувајќи дека барањето е оправдено, Градоначалникот на општина Гевгелија,одлучи да се доделат средства од Буџетот на општина Гевгелија за 2019 година во износ од 3.000.00 денари како е наведено во диспозитивот на оваа решение.

Бр.12-81/387
30.10.2019 год.
Гевгелија

Градоначалник
на општина Гевгелија,
*м-р Сашо Поцков с.р.*

---

Врз основа на член 62 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06год., 08/10 год. и 18/14год.) и член 17 од Одлуката за извршување на Буџетот на општина Гевгелија за 2019 година ("Службен гласник на општина Гевгелија "бр.15/18 год.) Градоначалникот на општина Гевгелија, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За распоредување на дел од средствата на Буџетот на општина Гевгелија за 2019година**

1.Дел од средствата на Буџетот на општина Гевгелија за 2019 година ставка 464 подставка 464990 - Други трансвери,Програма Д1 во износ од 25.500,00 денари се доделуваат на **Месна заедница Ново Конско (Трајко Венов)** од Ново Конско за програмски активности.

2.Решението ќе го изврши Одделението за финансиски прашања и средствата ќе се исплатат на трансакциска сметка.

**Образложение**

**Месна заедница Ново Конско (Трајко Венов)** од Ново Конско поднесе барање до Градоначалникот на општина Гевгелија за доделување на средства од Буџетот на општина Гевгелија за 2019 година за програмски активности.

Оценувајки дека барањето е оправдено, Градоначалникот на општина Гевгелија,одлучи да се доделат средства од Буџетот на општина Гевгелија за 2019 година во износ од 25.500.00 денари како е наведено во диспозитивот на оваа решение.

Бр.12-81/416
25.11.2019 год.
Гевгелија

Градоначалник
на општина Гевгелија,
***м-р Сашо Поцков с.р.***

---

Врз основа на член 62 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06год., 08/10 год. и 18/14год.) и член 17 од Одлуката за извршување на Буџетот на општина Гевгелија за 2019 година ("Службен гласник на општина Гевгелија "бр.15/18 год.) Градоначалникот на општина Гевгелија, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За распоредување на дел од средствата на Буџетот**
**на општина Гевгелија за 2019година**

1.Дел од средствата на Буџетот на општина Гевгелија за 2019 година ставка 464 подставка 464990 - Други трансвери,Програма Д1 во износ од 17.000,00 денари се доделуваат на **Месна заедница Милетково (Добре Митров)** од Милетково за програмски активности.

2.Решението ќе го изврши Одделението за финансиски прашања и средствата ќе се исплатат на трансакциска сметка.

**Образложение**

**Месна заедница Милетково (Добре Митров)** од Милетково поднесе барање до Градоначалникот на општина Гевгелија за доделување на средства од Буџетот на општина Гевгелија за 2019 година за програмски активности.

Оценувајки дека барањето е оправдено, Градоначалникот на општина Гевгелија,одлучи да се доделат средства од Буџетот на општина Гевгелија за 2019 година во износ од 17.000.00 денари како е наведено во диспозитивот на оваа решение.

Бр.12-81/418
302.12.2019 год.
Гевгелија

Градоначалник
на општина Гевгелија,
***м-р Сашо Поцков с.р.***

---

Врз основа на член 62 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06год., 08/10 год. и 18/14год.) и член 17 од Одлуката за извршување на Буџетот на општина Гевгелија за 2019 година ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.15/18 год.) Градоначалникот на општина Гевгелија, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За распоредување на дел од средствата на Буџетот на општина Гевгелија за 2019година**

1.Дел од средствата на Буџетот на општина Гевгелија за 2019 година ставка 464 подставка 464990 - Други трансвери,Програма Г1 во износ од 200.000,00 денари се доделуваат на **Фондација за локален развој и развој на информатички технологии** од Гевгелија за програмски активности.

2.Решението ќе го изврши Одделението за финансиски прашања и средствата ќе се исплатат на трансакциска сметка.

**Образложение**

**Фондација за локален развој и развој на информатички технологии** од Гевгелија поднесе барање до Градоначалникот на општина Гевгелија за доделување на средства од Буџетот на општина Гевгелија за 2019 година за програмски активности.

Оценувајки дека барањето е оправдено, Градоначалникот на општина Гевгелија,одлучи да се доделат средства од Буџетот на општина Гевгелија за 2019 година во износ од 200.000.00 денари како е наведено во диспозитивот на оваа решение.

Бр.12-81/422
04.12.2019 год.
Гевгелија

Градоначалник
на општина Гевгелија,
***м-р Сашо Поцков с.р.***

---

Врз основа на член 62 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06год., 08/10 год. и 18/14год.) и член 17 од Одлуката за извршување на Буџетот на општина Гевгелија за 2019 година ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр15/18 год.) Градоначалникот на општина Гевгелија, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За распоредување на дел од средствата на Буџетот на општина Гевгелија за 2019година**

1.Дел од средствата на Буџетот на општина Гевгелија за 2019 година ставка 464 подставка 464990 - Други трансвери,Програма Г1 во износ од 45.976,00 денари се доделуваат на **Здружение Локална Акциска Група БОЈМИЈА** од Богданци за годишна членарина.

2.Решението ќе го изврши Одделението за финансиски прашања и средствата ќе се исплатат на трансакциска сметка.

**Образложение**

**Здружение Локална Акциска Група БОЈМИЈА** од Богданци поднесе барање до Градоначалникот на општина Гевгелија за доделување на средства од Буџетот на општина Гевгелија за 2019 година за годишна членарина.

Оценувајки дека барањето е оправдено, Градоначалникот на општина Гевгелија,одлучи да се доделат средства од Буџетот на општина Гевгелија за 2019 година во износ од 45.976.00 денари како е наведено во диспозитивот на оваа решение.

Бр.12-81/423
04.12.2019 год.
Гевгелија

